УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

М-р МАРИА ДОНЕВСКА

# ДОБРОВОЛНАТА АКТИВНОСТ ВО СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА

**- докторска дисертација -**

Ментор:
Ред. Проф. Д-р Ѓураѓ Стакиќ

Скопје, 1994 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

ПРВИ ДЕЛ

ОПШТЕСТВЕНАТА АКТИВНОСТ И НЕЈЗИНИТЕ ИЗВОРИ

1. Просоцијална активност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12
1.1. Главните теории за просоцијалната активност . . . . . . . . . . 12
1.2. Алтруизмот како вид просоцијално однесување . . . . . . . . . 17
2. Општествената активност како вредност . . . . . . . . . . . . . . 20
3. Општествената активност како дел од менталитетот . . . . . . 23
4. Религиозните вредности како извор на општествените активности . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 24
5. Волонтерството како вид општествена активност . . . . . . . . 28

ВТОРИ ДЕЛ

ОСНОВНИ ПОИМИ ЗА ДОБРОВОЛНАТА РАБОТА

КАРАКТЕРИСТИКА НА ВОЛОНТЕРИТЕ И НИВНАТА ПРИМЕНА

1. Основни поими поврзани со волонтеризмот . . . . . . . . . . . 34
1.1. Волонтеризмот како движење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35
1.2. Волонтерски организации . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 36
1.3. Филантропија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 39
1.4. Доброволец - волонтер . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 39
2. Социјалниот статус на волонтерите според истражувањата . . 43
3. Доброволецот како ”социјална сила” (social force) и неговата креативна функција во локалната средина . . . . . . . . . . . . 47
4. Образованието на волонтерите и формирањето на нивните ставови спрема доброволната работа . . . . . . . . . . . . . . . 50

4.1. Место на образование . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51

4.2. План и програма за образивание . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51

4.3. Форми на образование . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51

4.4. Почитување на принципите во работењето со волонтерите и на волонтерите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52

4.5. Методи и техники на образование на волонтерите . . . . . . . . 53

4.6. Атмосфера во наставата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 55

5. Средина во која дејствува волонтерот . . . . . . . . . . . . . . . 55

6. Волонтерски карактеристики . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58

7. Волонтеризмот и професионализмот во социјалната работа- сличности и разлики . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 60

ТРЕТИ ДЕЛ

ИСТОРИСКИ ОСВРТ ВРЗ ДОБРОВОЛНАТА АКТИВНОСТ ВО СОЦИЈАлНА-ТА РАБОТА КАЈ НАС И ВО СВЕТОТ И НОВИ ОБЛИЦИ НА ОВАА ДЕЈНОСТ

1. Доброволната работа во сфаќањата на социјалната политика и според гледиштата на главните политички ориентации . . . 77

2. Почетоци и развој на доброволната работа во земји со англиски говорен јазик (САД, Канада, Англија) . . . . . . . . . . . . . . 72

2.1. Волонтеризмот во Англија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 79

3. Доброволната работа во Југославија и во Македонија до 1991 година (до распаѓањето на СФРЈ) . . . . . . . . . . . . . . 81

3.1. Гледишта на доброволната работа според Светозар Марковиќ 81

3.2. Развој на доброволната работа пред и по Втората светска војна 82

3.3. Развој на доброволната работа по завршувањето на војната . . 83

4. Организација на доброволната работа во Полска . . . . . . . . . 88

5. Доброволната работа во Јапонија . . . . . . . . . . . . . . . . . 92

6. Волонтеризмот во арапските земји . . . . . . . . . . . . . . . . . 96

6.1. Волонтерството во Кралството Јордан . . . . . . . . . . . . . . . 97

7. Нови облици на доброволната работа . . . . . . . . . . . . . . . . 98

7.1. Волонтерот во социјалната заштита како непрофесионален воспитувач . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 104

7.2. Движења на самопомош . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 105

7.3. Крајни забелешки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 109

ЧЕТВРТИ ДЕЛ

РЕАЛНОСТА И ИДНИНАТА НА ДОБРОВОЛНАТА АКТИВНОСТ ВО СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА

1. Методолошки дел . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 110

1.1. Појдовни основи на истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . 110

1.2. Теоретско - хипотетичка рамка на истражувањето . . . . . . . . 112

1.3. Предмет на истражување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 115

1.4. Цели и задачи на истажувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . 117

1.5. Хипотези . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 118

1.6. Варијабили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 121

1.7. Методи и техники во истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . 122

1.8. Примерок, просторно одредување на истражувањето и времето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 125

2. Резултати од истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 126

2.1. Актуелна состојба во организацијата и стручната социјална работа во центрите за социјална работа како претпоставка за воведување на доброволната работа . . . . . . . . . . . . . . . . 126

2.2. Соработката на центрите за социјална работа со доброволците од месните зедници, основните училишта и Комисиите на Црвениот крст при месните заедници . . . . . . . . . . . . . . 133

2.3. Мислења на социјалните работници за постоењето на доброволната активност во социјалната работа . . . . . . . . . . 136

2.4. Доброволната работа ”да” или ”не” - според мислењето на експертите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 150

2.5. Разлика помеѓу социјалните работници и експертите во однос на доброволната работа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 153

2.6. Акционо истражување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 155

2.7. Основни заклучоци од емпириското истражување . . . . . . . . 182

ПЕТТИ ДЕЛ

ОПРАВДАНОСТ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА ДОБРОВОЛНАТА АКТИВНОСТ ВО СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА

1. Нови елементи во дефинирањето на поимот социјална работа 184

1.1. Поимот ”социјална работа” . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 184

1.2. Обем на поимот социјална работа . . . . . . . . . . . . . . . . 187

1.3. Форми на социјалната помош . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 189

1.4. Специфичностите на социјалната работа во споредба со другите активности . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 190

1.5. Нови тенденции во практиката на социјалната работа . . . . . 191

2. Заклучни согледувања од анализата на предметната литература и истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 192

3. Обид за градење модел на функционирање на доброволната работа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 201

ЛИТЕРАТУРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 208

ПРИЛОГ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 217

## ВОВЕД

Во општествениот живот постојат подрачја во кои со векови во работата паралелно се вклучуваат стручно подготвени лица и доброволци*.

Облиците на волонтерството започнуваат пред нашата ера во Кина. Подоцна се присутни во добротворните (милосрдни - charity) акции на угледните граѓани и верски заедници и траат се до денес трансформирајќи се во специјализирани сервиси и групи на самопомош. Во последно време будно се разгледува волонтерскиот феномен, пред се заради новите функции и улоги кои ги добива локалното население во градењето на демократските односи, а во него "социјалните сили" - волонтерите.

Државата не е повеќе моќна сама да ги решава сите проблеми на граѓаните и само преку активирање на локалните заедници и анимацијата на човечките ресурси се гледа можноста за унапредување на односите меѓу луѓето.

Овој тренд е присутен во програмите на владеачките неолиберали и социјал-демократски партии во повеќе земји на светот.

Истовремено, бирократски оформениот систем во социјалистичкото и капиталистичкото општество не бил, ниту е во состојба правилно да ги решава сложените човечки проблеми. Излезот од ваквите состојби луѓето го бараат преку обединување во кружоци, групи и здруженија, со цел да ги заштитат своите интереси и да ги задоволат своите просоцијални потреби.

* Во овој труд поимот "доброволец" се употребува со исто значење како и поимот "волонтер".

Во нив волонтерите членуваат доброволно служејќи си себе си и на другите. Класичниот волонтеризам, во кој личните потреби и интереси не се толку битни, добива на тој начин нови димензии.

Дел од тие активности се однесуваат и за социјалната работа. Дефиницијата на социјалната работа е сложена теоретска задача бидејќи таа истовремено означува поширока општествена активност, а носи и назив "посебна професија".

Во активностите на социјалната работа со векови учествуваа и доброволците.

Иако тешко се разграничува севкупното волонтерство од волонтерството во социјалната работа, се прави ваква делиминација со цел да се анализира доброволната работа која се извршува само во социјалната област.

Светската литература која се однесува на овој проблем, има повеќе методски карактер. Иако во англосаксонското научно подрачје, од каде што потекнуваат научните извори за волонтеризмот, постојат голем број студии и посебни списанија посветени на оваа дејност, сепак поголем број од нив имаат информативен карактер. Со еден збор, служат за популаризација на таа дејност.

Паралелниот начин на дејствувањето на професионалците и доброволците во областа на социјалната заштита, секогаш беше поздравуван од целокупното општество, но сепак претставуваше спорна точка во односите помеѓу двата партнера.

И порано, а и денес постојат мислења дека во социјалната работа која има сложена професионална задача, непрофесионалните лица не се во

сосотојба да се вклучат, особено во услови кога современиот човек бара од нив брз, стручен и ефикасен совет за да ги реши своите проблеми.

На ваквите размислувања им се спротивставуваат застапниците на мислењето дека доброволната активност не им служи само на луѓето за кои е наменета, туку пошироко влијае врз самите волонтери во задоволувањето на нивните потреби и во хуманизацијата на човечките односи. За постоењето на волонтерството се нагласуваат следниве адути:

- волонтерите внесуваат нови сознанија во особено конзервативните ставови на професионалците;

- волонтерите наоѓаат нови неконвенционални облици во работата со луѓето;

- волонтерите успешно ја анимираат заедницата и се поефикасни во остварувањето на врските со другите институции;

- волонтерството ги намалува трошоците кои ги одвојува државата за реализација на социјалните програми, социјалната заштита и социјалните акции.

Застапувајќи го становиштето дека доброволната активност во социјалната работа треба да постои, се смета дека во државните социјални институции, пред се во центрите за социјална работа, можат да работат доброволни соработници вклучувајќи се во санирањето на социјалните проблеми. Истовремено и приватните волонтерски сервиси, како и групите за самопомош и хуманитарните организации треба да работат на самостоен начин. Преголемата интервенција во нивните залагања ја губи смислата за нивното постоење.

Бидејќи доброволната активност во социјалната работа слабо се одвиваше, а и во моментов слабо се одвива на нашето подрачје се укажува потреба за нејзина реафирмација.

За таа цел се реализира идејата за истражување во социјалната работа со фрагменти на истражување врз неа и за неа.

Истражувањето главно е концентрирано врз центрите за социјална работа како институции од отворен вид. Сепак, истовремено се обрнува внимание и на соработката на центрите со другите институции. Главниот истражувачки зафат се однесува на акционото истражување, организирано со учество на доброволци во материјално загрозени семејства каде што е загрозен правилниот развој на децата.

Овој труд има теоретско - истражувачки карактер и се состои од пет делови.

Во содржината на Првиот дел е направен обид да се одговори на прашањето: "кои се изворите на општествената активност кај луѓето?". Волонтерската активност е анализирана во контекстот на алтруистичките ставови на луѓето, религиозните и алтруистичките вредности и менталитетот.

Во Вториот дел се анализираат основните поими поврзани со доброволната работа, карактеристиката на волонтерите и нивната активност (социјалниот статус, креативната функција на локалната заедница, образованието на волонтерите, разликите помеѓу волонтеризмот и професионализмот итн.).

Во Третиот дел е направен историски осврт за појавата на волонтерството. Освен анализата на волонтерските активности, во одредени земји се настојува да се одговори и на прашањето: "како главните политички

ориентации и движења ја оценуваат доброволната работа и к облици на таа дејност?".

Четвртиот дел претставува обработка на резулататите спроведеното истражување.

Во Петтиот дел на трудот се презентирани заклучоци, некои теретски размислувања за социјалната работа и е направен обид за градење модел на волонтерската дејност.

Во иднина, доброволната активност според нас треба да се однесува не само за класичните корисници на социјалната заштита, туку и за сите лица кои одвреме навреме се наоѓаат во ситуација од социјална потреба. Професионалната социјална работа не може да ги решава сите проблеми кои ги наметнува сложениот и се повеќе комплицираниот секојдневен живот.

Паралелно на тоа треба да се посматра и истражува волонтерскиот феномен, бидејќи тој освен практичните ефекти, преставува една од најинтересните човечки активности кои со векови се трајни и го претставуваат човекот во најблагородна и хумана светлина.

* * *

***Авторот на трудот му се заблагодарува на менторот проф. д-р Ѓ. Стакиќ за постојаниот поттик во научното усовршување и поддршката во изготвувањето на докторската дисертација.***

## ПРВИ ДЕЛ

## ОПШТЕСТВЕНАТА АКТИВНОСТ И НЕЈЗИНИТЕ ИЗВОРИ

Анализирајќи го проблемот за доброволната работа, однапред треба да се запрашаме според кои психолошки и социолошки условувања постои во човекот потреба за учество или организирање доброволна активност?

Волонтерството е присутно низ светот, се зголемува во кризни економски и политички моменти, ескалира, а понекогаш се намалува за да се појави по извесно време пак со сета сила.

Волонтерството е присутно во различни области на човековиот живот, во здравството, во културните активности, во заштитата на човековата околина, а исто така и во социјалната работа.

Во сите овие видови активности луѓето кои во нив учествуваат ги обединува истата потреба за дејност упатена спрема некој друг или нешто. Треба да се запрашаме на кој начин ќе ја интрепретираме таа потреба?

Според нашето мислење доброволната активност на поединецот може да биде разгледувана како:

- вид активност на човекот (просоцијално однесување) во група на интелектуални, спортски или други активности;
- како вредност во скала на човечки вредности, со посебен осврт на религиозните вредности;
- како елемент на менталитетот кој е карактеристичен за одредено општество на одреден простор.

# 1. Просоцијална активност

## 1.1. Главните теории за просоцијалната активност

Голем дел од човечките активности се свртени кон оптимализирање на сопствената заштита пред можните штетни дејствувања за постигнување услови за сопствениот развој. Реализирајќи ги тие активности човекот се води од личните цели т.н. ипсоцетрички цели.

Еден дел од човечките дејствувања е насочен кон оптимално функционирање, заштита на развојот на другите лица (алоцентрички активности) , а исто така и на институции, групи, идеи, организации (социоцентрички активности).

Алоцентричките и социоцентричките дејствувања ги нарекуваме просоцијални бидејќи благодарение на нив постепено се задоволуваат општествените потреби.

Обемот на психоцентричките просоцијални активности не е секогаш подложен за логички поделби, меѓутоа постои потреба да ги издвоиме, пред сé заради теоретските разгледувања.

За да се остварат личните цели треба да се задоволат нагонско-емоционалните потреби, да се заштитат, одржат и засилат чувствата на сопствена вредност. Се поставува прашањето: ”со кои механизми се остваруваат просоцијалните активности насочени кон задоволување на потребите на други луѓе?”

Во психологијата се сретнуваме со различни начини на објаснување на овој вид активности (Tomaszewski, 1975, стр. 806-812):

а) алоцентричките активности се третираат како начин за реализација на сопствените цели;

б) алоцентричкото однесување е резултат на присвојување одредени норми;

в) алоцентричките активности се резултат на формулирана слика за сопственото "јас".

**а)** Според теоријата на Homans G.C., просоцијалните однесувања се вид размена на интеракции помеѓу партнерите кои учествуваат во тој процес.

Во размената секој добива нешто: одобрување за своето поведение, симпатија, престиж, а истовремено плаќа одредени "сметки", мора да се откаже од нешто, треба да го вложи сопствениот труд, мора да поднесе одредени трошоци.

Полскиот психолог Malewski A. (1964) забележува дека теоријата на Homans G.C. е поврзана со законитостите на учењето. Лице кое упатува помош на некое друго лице грижејќи се за него секогаш ја има предвид сопствената корист, иако таа е обликувана во некоја друга форма или еквивалент.

На ист начин Staub E. во својата книга, како еден од мотивите за про-социјално однесување издвојува : очекување да се добие некоја корист (социјално признавање, психолошко задоволство заради воспоставување контакти со луѓето, очекување дека ќе се добие некој ситен подарок итн.), (Јоксимовиќ С., 1990).

Во согласност со горенаведените концепции, помошта доделена на друго лице има псевдопросоцијален карактер бидејќи целта на преземената дејност не е задоволување на сопствените потреби со посредство на активноста упатена врз друго лице. На тој начин просоцијалните активности можат да се третираат како ипсоцентрички (токму заради тоа однапред е кажано дека постојат тешкотии за разликување на овие два вида активности).

**б)** Во низата истражувачки зафати кои се однесуваат на проучувањето на алоцентричките однесувања, тие се објаснуваат преку присвојувањето на нормите од страна на единката.

Според Berkowitz L. и неговите соработници просоцијалните активности се условени од нормите кои ги присвојува субјектот. Тоа се пред сé нормите на одговорност и заедништво. Под влијание на овие норми, луѓето се спремни да преземаат активности спрема другите луѓе иако од тоа не добиваат ништо.

Во врска со вака поставената хипотеза беа спроведени и други психолошки експерименти. Во текот на експериментите се покажало дека врз спремноста на давање помош влијаат следниве фактори : убеденост дека помошта е ефикасна, односот спрема партнерот, (партнер кој е симпатичен за субјектот добива помош), имитација, (опсервација дека и другите луѓе даваат помош), сопствено искуство (сам субјектот добивал порано помош), причини кои го доведуваат објектот во неповолна ситуација, (на пр.: поради сопствено невнимание или мрзливост шансите за помош се помали).

Сепак според Berkowitz L. услов за професионално однесување се претходно присвоените норми. Лицата кои не ги поседуваат ваквите норми не се однесуваат на просоцијален начин (Malewski A., 1964, стр. 128).

На нормите интернализирани во личноста на единката, како извор на мотивација за просоцијални однесувања обрнуваат внимание Staub E. и Rushton J. P. (Јоксимовиќ С., 1990).

**в)** Хипотезата според која алоцентричкото однесување се применува како резултат на претходно формираното сопствено "јас" е присутна во истражувањата на Heeb. Според него во сликата на сопствената личност влегуваат не само елементи кои се однесуваат на сопствениот углед туку исто така и елементи кои се воведени преку социјалното искуство. Човекот се посматра себе си не само како посебна телесна структура, туку и како член на одредено семејство, група на врсници, социјална класа, националност итн. Заради тоа сликата на сопственото "јас" опфаќа елементи кои го прават човекот сличен со другите луѓе.

Горенаведената хипотеза на Heeb беше анализирана во истражувањата во Полска. Се забележува дека спремноста за алоцентричко однесување е резултат на согледување оти лицето кое се наоѓа во неповолна ситуација е слично со сопственото "јас" на човекот кој дава помош (Tomaszewski T., 1975, стр. 806-812).

Хипотезата дека "сличност" во нешто предизвикува одредени однесувања се потврдува и во клиничката психологија, според која луѓето покажуваат силна тендеција за грижа и помош спрема лицата кои се на некој начин слични. Преку тоа може да се објасни улогата на сличноста во формирањето на блиски интерперсонални односи, а исто така и фактот дека за време на извршување на сложени и макотрпни задачи човекот се согласува да учествува во нив, кога како партнер се појавува некој близок или пријател.

Согласно на презентираната концепција, како принцип на реализација на активностите може да биде настојувањето да се задоволат потребите на другите луѓе без обзир на сопствените потреби и независно од присвоените ставови.

Како услов сепак е настојувањето луѓето на кои им се помага да мораат да бидат слични. Значи, алоцентричкото однесување произлегува од посматрање на "себе си" и своето "јас" во споредба со другите луѓе.

**Трите концепции според кои се објаснуваат алоцентричките однесувања заемно не се исклучуваат.** Веројатно еден дел од алоцентричкото однесување е условен од ипсоцентричката мотивација, еден дел зависи од присвоените норми, а исто така и од генерализацијата на сликата на сопственото "јас" во споредба со друго лице.

Во истражувањата на некои автори, како важен извор на просоцијално однесување се зема емпатијата која означува доживување на емоционалната состојба кај друго лице. Rushtons J.P., (Јоксимовиќ С., 1980) емпатијата ја

вбројува во група мотиви кои предизвикуваат алтруистичко однесување. Емпатијата може да се јави како последица од просоцијалното однесување. Исто така се зголемува паралелно со возраста на човекот. Aronfreed емпатијата ја смета како основа за алутризмот (Rot N, 1976).

Освен емпатијата, постојат и други емоции кои имаат влијание врз просоцијалното однесување како што се : задоволството од ”себе си” и гордоста заради поседување одредени норми и вредности во својата личност. Тоа може да биде и самочувствителност и лична вознемиреност.

Освен горенаведените емоционални извори за просоцијалното однесување, спрема Elsenberg постојат и когнитивни, а исто така и лични извори на тој вид однесување. Во когнитивните извори авторот вбројува моменти кога личноста посматрајќи ја одредена ситуација оценува дека треба да се помага, при што истражувањата покажуваат дека сите моменти не се оценети како битни за давање помош. Ситуации кои бараат огромен напор , огромно лично ангажирање и губење на своите интереси не се земени предвид при помагањето.

Персоналните или личните мотиви кои влијаат врз давањето помош се поврзани со третата хипотеза . Врз основа на тоа, давањето помош е поврзано со самооценувањето, сликата за себе си и личните вредности.

Луѓето кои за себе си мислат дека се алтруистиповеќе им помагаат на други луѓе. Се чини дека во тој момент се конфронтираат со сликата за себе си која постои во очите на другите и тој факт е мотив кој предизвикува просоцијално однесување, при што умереното самооценување за постигнување алтруистички особини е најдобро според Staub за спремноста да се даде помош (Јоксимовиќ С., 1990).

Сите горенаведени размислувања нé убедуваат дека просоцијалното однесување не е до крај разјаснето. Јоксимовиќ С., анализирајќи ги просоцијалните однесувања доаѓа до заклучок дека луѓето си помагаат поради:

- поседување вредности (хуманизам, праведност);
- поседување позитивни емоции како што се: љубов, емпатија, самочувствување, добро расположение;
- конформистичкото однесување (бидејќи некој друг се однесува слично);
- личната полза, материјална или биосоциопсихолошка.

Јоксимовиќ С., смета дека овие четири видови однесувања можат да се состават во облик на континуирано екстремно несебично однесување при давање помош до изразито насочување на сопственото добро при давање помош. Од нејзиното размислување произлегува констатацијата дека треба добро да се познава човекот кој им помага на другите лица или се декларира како доброволец и сам се смета за алтруист, за да се оцени дали е навистина ваков.

### 1.2. Алтруизмот како вид прасоцијално однесување

Во просоцијалното однесување влегуваат одредени видови активности како што се : алтруизам, симпатија, кооперација, дарежливост, помагање, (Јоксимовиќ С.,1998). Иако сите тие видови однесување се мошне важни, во социјалната работа означаен е алутаризмот бидејќи негова карактеристика е тоа што во моментот на давање помош не се очекува никаков материјален или социјален надоместок, што е заложба при доброволната работа (Ossowska M., 1971).

Поимот алтруизам е многу добро и сестрано разработен во постоечката литература. Постои посебна книга на Eisenberg каде што се обработува просоцијалното однесување, а во тие рамки и алтруизмот.

Поимот алтруизам како неологизам веројатно го вовел Comte, а според етичарите треба да се разгледува во контекст на инстинктите на : заедничка помош, солидарност и групна припадност (Ossowska M., 1971).(1)

*(1) Треба да се напомни дека според* **Kropotkin P.** *заедничката борба е право на природата, исто како и дружењето на луѓето (***Ossovska M.** *1971).*

Истата авторка алтруизмот го нарекува: благонаклоност, љубезност. Се смета дека алтруизмот како поим е анализиран во 60 - те години ( Rot N, 1976 ).

Може да се наведат низа истражувачи како: Latane B. , Darley J.H. , Aronfred J. , Rozenhon , Krebs , Shvarc , Staub J. кои го проучуваат овој проблем.

Суштината на алтруизмот е доста блиска до помагањето, но сепак алтруистичкото однесување подразбира помош на други лица без обѕир на мотивите кои го предизвикуваат помагањето и без антиципација на сопствената корист " ( Rot N., 1976, стр. 116).

Кога зборуваме за алтруизам, зборуваме за трајни наклоности кон:

- разбирање на потребите на другиот човек и неговите очекувања во однос на лицето кое дава помош, а исто така и сочуство изразено спрема неговата состојба;
- разликување на добри и лоши постапки со обѕир на одредените последици кои тие ги носат;
- свесна и без никаков интерес активна грижа за доброто на другите луѓе, која е пропратена со ограничувања на задоволувањето на сопствените потреби (Muszynska K., 1976).

Се смета дека алтруизмот е сложен поим за испитување, пред сѐ поради тоа што има емоционален карактер. Сепак истражувањата беа спроведени со донесување на интересни резултати.

Krebs врз основа на анализата на повеќе од 100 истражувања посветени на факторите кои влијаат врз алтруистичките однесувања, заклучил дека факторите можат да се поделат во четири групи:

- ситуациони фактори;
- модели;
- општествени норми;
- лични фактори.

Latane B. i Darley J.H., најголемо значење им придаваат на ситуационите фактори, значи на присуството на други лица (кои спречуваат помош, дејствуваат инхибирано), средината во која се престојува (се гледа кој е подготвен за помагање според пол и возраст). Со ова се покажува дека повеќе се подготвени за помагање лица кои потекнуваат од друга средина за разлика од луѓето кои живеат во таа средина( Rot N. 1976).

Многу битен фактор е постоењето на модел за алтруистичко однесување. Дали сакаме или не сакаме да се однесуваме алтруистички зависи од постоењето на луѓето во нашата средина кои се однесуваат на сличен начин.

Постоењето на одредени норми, како што се покажува од претходните размислувања битно влијаат на алтруистичкото однесување.Тој мошне значаен фактор на различен начин е посматран во литературата.

Битен фактор исто така се особините на карактерот на единката која дава помош. Бројните истражувања (Krebs) укажуват дека постои зависност помеѓу постоечките црти на карактерот и наклоноста кон алтруистичко однесување.

Во едно истражување, каде што како објекти на истражувањето беа деца, се покажа дека повеќе алтруистички се однесуваат децата со подобра адаптација, помала агресија и со емоционална стабилност. Студентите пак, како објекти во истото истражување се карактеризираат со поголема екстравертност, развиени социјални вредности, смалена невротичност, благ конзерватизам и со авторитативност како црта на личноста.

Може да се покаже дека постои позитивана корелација помеѓу алтруизмот и следните карактеристики на карактерот: чувство на одговорност, заинтересираност за доброто на другите лица, морални и хумани вредности и одредено ниво на моралноста.

Постојат настојувања да се разликуваат одредени видови алтруизам.

Peck R.F. и Havighurst R.J., во својата книга посветена на теоретските разгледувања на карактерот на алтруизмот разликуваат рационален алтруизам. Единката која поседува рационален алтруизам не само што се карактеризира со траен збир на морални принципи, според кои таа оценува и се однесува, туку и објективно ги дели резултатите на своето дејствување во дадена ситуација. Заради тоа им служи на другите и е коректна спрема себе си (Muszynska K, 1976).

Rozenhon смета дека постои автономен алтруизам кој е вграден во човековото ”јас”, а не нормативен алтруизам кој е детерминиран преку воспитанието и влијанието на средината.

Врз основа на сето ова како заклучок може да се каже дека алтруизамот се разбира на два начина: како секундарна појава која ја заменува сликата за лошото човечко поведение и како примарна појава која него го карактеризира (Rot N., 1976 ).

## 2. Општествената активност како вредност

Давањето помош на други лица може да се разгледува од аспект на постоечките вредности кои ги поседува човекот или со кои може да се идентификува.

Иако се особено значително блиски поимите: **норма и вредност**, норма означува наредба (прави!), а вредноста е формулирана на објективен начин независно од конкретното дејство.

Близок поим до нормата и вредноста е и значењето. Lewi W. (1981) значењето го формулира како потсвесна вредност. Според него, ”**вредноста** е свесно значење, а **значењето** потсвесна вредност”.

Вредностите кои ги почитува човекот му даваат можност да ги оценува различните социјални и општествени проблеми, а исто така и секојдневните

доживувања. Во зависност од одредени вредности човек може да ги посматра присутните предмети, доживува различни емоции или покажува разновидни мотивации.

Поимот вредност функционира со повеќе значења. Споредувајќи различни дефиниции може да се заклучи дека вредностите се идеи, битија или поими кои постојат објективно, независно од тоа дали конкретни луѓе така ги третираат (Swida H., 1979).

Постои типологија на вредностите. Најчесто ги делиме на: интелектуални, естетски, материјални, хедонистички, престижни, емоционални, перфекционистички, а исто така и социо и алоцентрички вредности.

За разлика од социоцентричките вредности за кои допирна точка се општествените структури и организации, во алоцентричките вредности како појдовна точка во сфаќањето на современоста е другиот човек со своите идеали и стремежи и неговата автономна целина. Единката која го вреднува светот според алоцентричките категории, позитивно ги оценува тие битија кои непосредно се свртени кон човекот, кои даваат можности да се дејствува за другиот човек или кои манифестираат љубезни меѓучовечки односи.

Како суштинска особина на носителот на ваквата вредност е спремноста да им се помага на други луѓе, да се разбира во ситуации на навреда, неправда и несреќа.

Најкарактеристична еволуација поврзана со глорификацијата на алоцентричките вредности е забележана во психоаналитичката концепција на Fromm E., и другите неофројдовци: Horney K i Sullivan N.

Токму Fromm E., наместо биолошко - животинскиот нагон, кој кај Фројд е преставен како ”**ид**”- поставува таканаречена ”**несвест**” (вродени потреби). Нивното правилно задоволување води кон личност која се стреми кон творештвото, која е исполнета со чувство на братство со другите луѓе, а

истовремено има индивидуални својства. Суштинската реализација на вонредните потреби може да се оствари само преку љубовта. Врвниот вид љубов е братската љубов која се состои од одговорноста спрема другиот човек, грижата за него и почитта (Fromm E., 1971). Братската љубов е љубов спрема луѓе.*

Заради размислувањата на E. Fromm и други неофројдовци, може да се каже дека настојувањата на современата психологија се свртени кон позитивното вреднување на алоцентричките ставови.

Алоцентричките вредности се врвна точка во скалата на вредности нацртана во творештвото на современиот полски филозоф и етичар Kotarbinski T. За него добар човек "Spolegliwy opiekun" тоа е идеалот во воспитанието. "Во ваков човек можеш да имаш доверба, на него можеш да сметаш дека ќе помогне и ќе им помага на тие за кои ќе се грижи " (Kotarbinski T., 1966, стр. 131 ).

Горенаведените размислувања ги докажуваат следниве факти. Во САД и цела Западна Европа постојат бројни различни неформални групи, спонтани, поврзани преку љубов, пријателство, помош и заемно разбирање. Впрочем, и во други земји се повеќе се формираат ваков вид групи како групи на самопомош (види Втори дел).

Алоцентричните вредности функционираат во рамките на културата во различни контексти. Можат да бидат третирани во однесувањето на човекот како форма на опозиција наспроти : бездушниот свет на институциите, можат да бидат вградени во погледот на светот како однос спрема Господ или како утописка визија за трансформација на неправилните човечки односи.

Интересно е да се забележи дека според различни истражувања, носители на алоцентричките вредности во поголема мера се жени.

**Според истражувањата на Спасов Г. и Стаменкова - Трајкова В. (1992) направени во Македонија помеѓу младите, се покажа дека кај младите од двете испитувани групи преовладува интересот за човечките, хуманистичките и алтруистичките активности.*

### 3. Општествената активност како дел од менталитетот

Во мислата на секој човек се остваруваат одреден број наобразби кои се однесуваат на принципите, според кои би требало да функционира општествениот живот. Врз основа на нив, единката го оценува целокупниот живот и општественото уредување во одредена земја. Принципите дозволуваат да се формираат судови кои се однесуваат на праведноста, поделбата на општествените добра, обврските на луѓето, нивната одговорност итн.

Тој вид принципи и уверувања се производ на луѓето кои живеат во одредена заедница која функционира во различни просторни рамки. Принципите останувааат во тесна врска со компетенцијата за светот и личноста на единката и се основни елементи на менталитетот.

"Под менталитет се подразбира систем на општи принципи, со кои единката (групата), се раководи при претворањето на информациите од општествениот живот" (Reykowski J. 1990). стр. 16.

Како битни елементи во секој менталитет може да се разликуваат: односот човек - човек, релациите човек - група (индивидуализам или колективизам), однос спрема положбата на луѓето во групи (хиерархија или еднаквост), однос на единката спрема производството на стоки и нејзиното консумирање.

Кога ги разгледуваме принципите поврзани со регулирањето на заедничките односи, можат да се изменат две заложби : за антагонистичкиот карактер на заемните односи каде што борбата и ривализацијата на луѓето е главниот принцип во однесувањето и синергичкиот однос каде што релациите на луѓето се карактеризираат преку соработка и заедничка помош.

Може да се постави прашање: "дали во гореодредените елементи на менталитетот се присутни просоцијални ориентации?". Се чини дека тие

постојат во: индивидуалистичката, колективистичката и синергичката ориентација. Исто така просоцијалните активности можат да бидат разгледувани во елементот на менталитетот кој се однесува на положбата на луѓето во групата. Токму најстарите примероци за милосрдни и добротворни акции сведочат за односите помеѓу луѓето кои имаат хиерархиски карактер (на пр. собирање пари со учество на угледни граѓани). Оттука се гледа одредена релација помеѓу повисоките и пониските слоеви на општеството, земање во обѕир потеклото на семејството чиј член учествува во хуманитарни акции итн.

Дали во македонскиот менталитет преовладуваат елементи на просоцијално однесување поврзни со индивидуалистичка, колективистичка или синергичка ориентација? За жал не постојат соодветни студии на оваа тема. Може да се каже дека токму преку овој труд во извесна мера може да се одговори на ова прашање.

### 4. Религиозните вредности како извор на општествените активности

Принципите на менталитетот можат да бидат изградени под влијание на религијата. Верското учење во сите големи светски религии и нејзини гранки ја нагласува потребата за хармонични односи на луѓето и потреба од добротворни акции. Речиси во сите религии од будиската "абимса" (што значи: "чини добро") до христијанската заповед: "Почитувај го другиот како себеси", постои правило за помош на гладните и жедните.

Добротворната работа во последно време е присутна во активностите на црквата, дури и во досегашните социјалистички земји. Во последните години пред раскинувањето со социјалистичкото уредување, повеќето од државите носители на овој систем ги прифаќале сите видови добротворна работа од страна на црквата бидејќи нејзината политичка ангажираност,а посебно во

бивша Југославија беше: ”грижа за човекот, спремноста да му се помогне” (Шкурла Р., 1986).

На македонскиот простор најраширени моноистички религии се христијанството и исламот. Во рамките на христијанството најбројна е верската заедница на првославни и католички верници. Во помал процент се застапени верниците од другите гранки на христијанската вероисповест.

**Според првославната црква**, на скалата на религиозните вредности на прво место е христијанската љубов кон ближниот која е морална должност на верниците. Освен тоа значајна вредност се хуманоста и сочуството.

Додека љубовта кон ближниот се наоѓа во човекот како нешто божествено, хуманоста е човечка љубов. Преку љубовта се гледа на ближниот како на природно, разумно суштество, а не како на личност спрема божји лик. Во хуманоста човекот не е сакан заради божеството во себе и заради Бога, туку заради она чисто човечко што е карактеристично за сите луѓе.

Сочуството може да се спореди со христијанската љубов кон ближниот. Очевидно е дека оваа љубов е насочена кон оние што се наоѓаат во некоја невола, нужда, беда или страдање. Љубовта е насочена кон целиот човек во сите негови манифестации, а сочуството само спрема оној кој се наоѓа во неповолна ситуација.

Христијанската љубов кон ближниот се манифестира со низа форми како што се : почитување и пријателство, сложност, сочуство (како сомилост и солидарност) и милосрдие (манифестирано доброволно и благовремено, мудро, внимателно и разумно).

Првославната црква останала доследна на своите гледишта дека должност на верниците е да се милосрдни, а црквата е должна да организира и поттикнува социјални акции, помагајќи и во тој поглед на државата.

Првите организирани облици на заштита на сиромашните, обесправе-

ните и сите други лица кои се нашле во некоја тешка животна ситуација или имале некој проблем ги реализирала црквата. Од овие причини таа се стекнала со голем углед и авторитет меѓу широките народни маси.

Во вечните вистини кои ги проповедал месијата Исус Христос, меѓу другото да се прават милосрдни дела, да му се помага на секој човек во невола, лежат корените на начелата на заемана помош и доброволна работа. Се разбира дека активноста спрема граѓаните е насочена пред сé спрема верниците. Освен типичната пастирска дејност на православните свештеници која се состои во проповедање , богослужење и духовно раководење со верниците, свештеникот во парохијата е задолжен да се грижи и за материјално загрозените членови на парохијата (Гогов М., 1981).

При секоја парохија треба да постои специјален одбор чии членови ќе бидат задолжени да ги посетуваат ваквите домови и да преземаат потребни акции заедно со својот парохиски свештеник за помагање и подобрување на тешката материјална положба.

Со поактивните верници може да се организираат посети на болни лица, стари, осамени и хендикепирани. Преку овие ангажирања ќе се активира духовнот фактор - волјата која е израз на љубовта и ќе ги потврди и докаже претходните активности (Митровски Т., 1979).

**Збирката одредби на основите на учењето на исламската религија** се запишани во светата книга Коран. Во одредбите на Коранот, покрај другото постојат и одредби кои ги регулираат начинот и облиците на социјалната функција на исламот. Тоа се Зекат, Зекат Витр, Садака и откупот - Фига.

Во поглавјето X-103 од Коранот (Паница М., Чаушевиќ Џ., 1969), се укажува на начинот на делење на вишокот од приходите кои се задолжителни за сите лица кои се имотни и остваруваат разни приходи. Поделбата на вишокот се прави заради ”прочистување” на своето богатство, духовната чистотија, развој на солидарност помеѓу луѓето во пошироката средина.

Вистински муслиман е оној што го сака другиот човек колку себе си. Според наредбите на чинот Зекат треба да се издржуваат бедните и сиромашните, посебно тие што немаат никаков имот и кои материјално се необезбедени. Зекатот се дава од вишокот на приходите кој на семејството му останува во текот на годината. Обврзници на Зекатот се сите полнолетни, душевно здрави и имотни муслимани.

Според Коранот исто така постои обврска за давање помош за време на рамазанскиот пост. Тој обред се вика - Витри. Витри значи поделба на средствата на сите лица кои се нашле во ситуација на загрозеност.

Освен Зекатот и Витри, кај Муслиманите постои и должност за давање и делење на средствата и материјалните добра на сиромашни. Ова давање се вика Садака. Често Садака им се дава на одредени лица преку некој друг, без да му се каже кој му ја испратил помошта.

Како инструмент за помош на сиромашните е и таканаречениот откуп или Фига. Според исламските прописи се предвидува припадниците на исламот кои заради оправдани околности не можат да ги извршуваат верските должности, да дадат Фига. Сиромав, стар и болен припадник на исламот е ослободен од давање на откуп.

**Во католичката вера** посебно место во развојот и формирањето на добротворната идеја забележуваме во XII век. Треба да се забележи дека монашката дејност спрема различни сиромашни, хендикепирани и други болни лица беше развиена до тој степен што се појави потреба од соодветна теоретска подготовка. Заради тоа на Теолошките факултети на Европските Универзитети во XII век е воведен предмет : "Наука за милосрдие" (Oleszczynska A, 1983).

Понатаму во католичката црква постојат голем број различни акции, посебно разни движења на планот на доброволната помош. Во последно време

овој вид активност го наоѓа своето место во папешката Енциклика: "Rerum Novarum" i "Laboren Exercens" .

Католичката црква организира свои посебни организации како што се : "Karitas" - Catholic Relive Service (Католичка служба за помош), Војската на спасот - Salvation Army и други кои дејствуваат низ светот, а во последно време дури и во Македонија.

**5. Волонтерството како вид општествена активност**

Какви основи од психолошка гледна точка има доброволната работа? Дали ги поттикнуваат вкоренетите религиозни вредности или други вредности, во кои периоди од животот постои поголем интерес за неа, дали постои во сите средини, кои се мотивите што го поттикнуваат човекот за преземање дооброволна активност? Дали доброволната работа зависи од нивото на развојот на одредена земја ?

На оваа низа поставени прашања потребно е да се одговори, особено во областа на социјалната заштита каде што во активноста на доброволците доаѓат до израз човековите хумани вредности. Во последно време се појавуваат нови видови егзистенцијални и психосоцијални потреби на населението со што се зголемува потребата на заинтересираност од сите социјални институции за стручно дејствување.

Сите истражувања во високоразвиените земји укажуваат дека вкупниот број на волонтери се зголемува (заедно ангажирани во други активности освен социјална). Во 1965 година во САД биле регистрирани 2,2 милиони волонтери, а во 1981 дури 8,4 милиони (Enciklop. of Social Work, 1987).

Во Јапонија, исто така од година во година бројот на волонтерите се зголемува (од 160 илјади во 1984 до 3,9 милиони во 1989), (Report, 1992).

Според истражувањата на познатиот Галупов институт од 1981 до 1984 година имало:

| во 1981 г. | во 1984 г. | |
|---|---|---|
| 11 % | 19 % | - волонтери кои потекнуваат од различни верски организации; |
| 10 % | 16 % | - волонтери кои работат во едукативни организации; |
| 5 % | 11 % | - волонтери вклучени во акции во локалната заедница; |
| 4 % | 6 % | - волонтери кои дејствуваат на политички план. |

Според истиот извор во социјалната заштита во САД работат 2,5 милиони волонтери.

Според различни извори мотивите на волонтерството можат да се поделат на општествени и лични.

Посебно, во научната литература со социјалистичка ориентација преовладуваше сфаќање дека мотивите за доброволна работа се дел од општествената свест. Тие се перманентни на социјалистичкото самоуправно општество кое преку субјектите од својата структура ја насочуваат општествената активност врз превенцијата на општествените проблеми и негативните социјални појави (Милиќ М., 1988).

Согласно со тврдењето дека настанатите социјални проблеми во најголем број случаи ги предизвикуваат објективни чинители, целокупното општество има обврска покрај субјектите кои непосредно ги доживуваат проблемите да земе учество во нивното разрешување. Токму свеста за таа обврска била и веројатно е една од основните етички норми во социјалистичкиот општествен систем. Тоа не значи дека овој вид свест не постои и во други

економско - политички системи или во системи кои доживуваат одредена трансформација.

Како најадекватни мотиви од овој вид се : придонесување за развој на заедницата и поширокото општество. Некои овие мотиви ги нарекуваат политички.

Индивидуалните мотиви за доброволна работа како психолошка категорија не постојат. Во ниедна научна статија не се среќава ваква формулација. Секогаш волонтирањето е повеќестрано, обусловено од причини и со разновидно насочени цели. Во себе си се преплетуваат етички, психолошки, политички, религиозни и социјални мотиви. Сепак М. Милосављевиќ во своето испитување повеќе ги потенцира индивидуалните мотиви (Милосављевиќ М, 1990).

Aves G., разликува мотиви кои имаат повеќе индивидуален карактер. Тоа се алутристички, компензациони и социјални мотиви (морам да се активирам), ( Aves G. 1969 ).

Во овој вид мотиви може да се вброи чувството на задоволство, разрешување на некои интимни конфликти, доживување на својата личност како полноврeдно битие. Ова е потреба за општествено признавање, вид терапија за своите проблеми, потреби за нови искуства. Овој последен мотив е потенцирано нагласен од Милошевиќ В., (1986). Во групата на овие мотиви исто така спаѓа и потребата за одржување или продолжување на својата младост (Naylor H., 1967).

Во момент на вршење на истражувањата, искажаните мотиви имаат вербален карактер. Кога се дава мислење за нешто, тогаш тоа е веќе рефлексија која се однесува за одредена ситуација.

Може да се разгледа и поинаква поделба на мотивите. Овој пат критери-

ум е системот на општествените подрачја во кои учествува човекот: социјален живот, религија, култура итн.

Социјалните мотиви произлегуваат од карактерот на човековото битие и потребата да ја изрази својата човечност преку акција, комуникација и соработка. Овде може да се истакне задоволувањето на потребата за контакт со други лица, исполнувањето на слободно време, продолжувањето на активностите слични на претходната професија, дел и обврска од социјалниот статус. Овој последен мотив е мошне популарен во јапонското општество каде што во испитувањето на мотивираноста на волонтерите го зазема првото место (Report, 1992).

Религиозните мотиви во доброволната работа треба не само да се прифатат, туку и да се развиваат и потенцираат. На овој проблем во југословенската литература обрнува внимание Шкурла Р., (1986).

Во стручната литература се среќаваат мал број истражувања, кои се однесуваат на мотивираноста на волонтерите. За овој проблем повеќе се пишува во футуристичка смисла. Меѓутоа, јапонските истражувања покажуваат дека на прашањето " Зошто сакаш да работиш како волонтер?" - беа добиени следните одговори:

- општествениот притисок 37 %;
- имитација на други 37 %;
- работа за добро на локалната заедница 25 %;
- пополнување на слободно време 10 %;
- потреба од нови сознанија 8 %;
- решавање лични проблеми 6 %;
- постои потреба од ваква дејност 4 %;
- разновидни мотиви 7 %.

( извор: Report, 1992 )

Истражувањата на Pudelko T. (1989), спроведени врз 770 лица во Полска покажаа дека на првото место од мотивите се пласираат :

- алтруистички мотив 41,5 %;
- убеденоста дека се има искуство и компетенции 20,8 %;
- потполнување на слободното време 4,7 %;
- овластување од локалната заедница 25,8 %.

Овој последен мотив е карактеристичен и во други истражувања спроведени во Полска до 1970 , каде што изнесува 30,6 % (Ziolkowski Z., 1970).

Може да се констатира дека се скромни истражувањата кои се однесуваат за општествената оцена на работата на волонтерите која, како што сметаме, битно влијае врз нејзиното унапредување.

Од истражувањата во САД се дознава дека постои голема потреба за волонтерска дејност помеѓу црнечкото население бидејќи со него слабо се работи на овој план (Growing A., 1984).

Според ”Gallup study ” во 1983 г. бројот на волонтерите од белата раса во САД осцилирал помеѓу 54 - 55 %, додека пак од црната раса помеѓу 41 - 39 %, значи со тенденција на регрес (Enciklop. of Social Work, стр. 843).

За самата оцена на волонтерските активности се среќаваат податоци во истражувањата на Farrell H.U., од кои се дознава дека на 100 случаи 24% се оценуваат со одличен, 36% со добар и 40% се оценуваат со лош резултат од страна на клиентите (Bruse I., 1982). Главната констатација е сепак позитивна бидејќи клиентите сметат дека волонтерите како невработени лица располагаат со поголемо време за санирање на нивниот проблем.

*   *   *

Заклучувајќи го прегледот на изворите и видовите општествени активности на човекот, се претпоставува дека волонтерите се карактеризираат со просоцијални активности.

Оценувајќи ја научната и стручната литература може да се констатира дека мотивите и видовите на општествената активност на волонтерите се мошне слабо проучени.

# ВТОРИ ДЕЛ

# ОСНОВНИ ПОИМИ ЗА ДОБРОВОЛНАТА РАБОТА КАРАКТЕРИСТИКА НА ВОЛОНТЕРИТЕ И НИВНАТА АКТИВНОСТ

## 1. Основни поими поврзани со волонтеризмот

Теоретските, историските и практичните основи на доброволната работа потекнуваат од англиското говорно подрачје, а пред сé од Америка, Канада и Англија.

Развојот на доброволната работа во други земји се потпира врз научните темели кои се изградени во САД. Заради тоа формулацијата и потеклото на основните поими поврзани со доброволната работа имаат иста конотација во сите земји. Анализирајќи ја странската и домашната литература (вклучувајќи ја и југословенската пред 1991 година), се сретнуваме со следните поими поврзани со оваа дејност :

1 . 1 . Волонтеризмот како движење;

1 . 2 . Доброволни организации;

1 . 3 . Филантропија;

1 . 4 . Волонтер - доброволен работник.

Во истиот дијапазон на поими влегуваат исто така и поимите: групи на заедничка и натурална помош (natural help groups, natural helping networks).

Се смета дека последните поими се однесуваат за нови облици на волонтерска работа, па затоа посебно се обработени во Третиот дел од овој труд.

Доброволната работа има многу стара историја на нашата планета. Паралелно и во Кина и Грција се сретнуваме со волонтеризмот уште во 500-те години пред нашата ера (Barker B.,1987).

Зборот "волонтер" (француски : volontaire , латински : volontaris) означува некого кој служи доброволно и бесплатно (Вујаклија М., 1975). Доброволната работа во минатото била присутна како соседска помош, а и во активностите на верските заедници и тоа се смета како најстара форма на социјална работа.

Најголем пораст на доброволната активност се јавува во моментот кога настанува оформување на професијата - социјален работник, значи приближно некаде во времето на капитализмот.

Мошне сложена задача претставува проблемот за посебната карактеристика на волонтерите вработени во социјалната заштита бидејќи волонтерските активности се однесуваат и за друга дејност. Заради тоа, при дефинирањето не може да се избегне воопштувањето на одредени поими.

### 1.1 Волонтеризмот како движење

Волонтеризмот како движење опфаќа широк спектар на активности. Активностите од различни области се доказ дека волонтерската дејност е сест-рана и без разлика на ризикот и одговорноста што ја носи секоја од нив , тие се целосно прифатени од страна на самите волонтери.

Во светот постои широко развиена мрежа на волонтери кои секако не се препуштени сами на себеси, туку постојат голем број организации кои се грижат за волонтерите и волонтерството. Меѓу најпознатите во САД спаѓаат: "Volonteer the national centre", создаден на 2 јули 1979 година, а во 1980 година "The association of volonteer administrators".

Покрај овие постојат и други национални организации кои се грижат за одредени состави или членства на волонтерите. Такви се на пример: "Association of junior leagues", "The national Council of Jewish Woman", "Church Women United" и слично.

Најголемата група на национални волонтерски организации се оние кои постигнуваат остварување на програмата со употреба на волонтери. Во САД тоа се на пример : Црвениот крст, ”United Way of America”, ”Young Mens and Young Womans”, ”Christian Associationc”, ”Big Brothers and Sisters” (Enciklopedia of Social Work, 1987).

На истиот начин дејствуваат големи волонтерски организации во други земји како на пример: Јапонија, Англија, Полска.

### 1.2 Волонтерски организации

Волонтерските организации се дефинирани како непрофитни , невладини организации за социјална служба кои директно или индиректно им помагаат на другите (Гутовски , Соломон и Питманова, Enc. of Social Work, 1987).

Волонтерските организации можат да се поделат на пет категории:

а) - Организација чија главна функција е помагање на своите членови како што се професионалните асоцијални и социјални здруженија;

б) - Религиозни организации;

в) - Фондовни организации, вклучувајќи фондации како што се: ”Обединет пат” и религиозни заедници како ”Каритас” и ”Еврејска заедница”;

г) - Организации кои обезбедуваат добротворни или образовни услуги, создадени во основа за помош на другите , а не единствено за членовите на организацијата. Во овој вид организации влегуваат групи на самопомош и приватни, независни дарители на социјална помош и

д) - Државни служби за непрофитни цели.

Од социолошка гледна точка волонтерските организации исполнуваат неколку функции. Пред сé тие дејствуваат како противдејство во отуѓените односи на луѓето. Преку волонтерската активност во урбаните средини се анимираат различни видови активности, на пример: размена на помош која е карактеристична за руралните средини.

Втората функција се состои во тоа што волонтерските организации даваат можност за изразување на потребите и вредностите кои им се својствени на донаторите. Преку активноста на организациите идивидуалните и групните идеи можат да дојдат до израз и потполно остварување.

Третата функција е поврзана со поделбата на обврските со владините институции при задоволувањето на социјалните потреби на луѓето.

Четвртата функција е поврзана со улогата на социјалната контрола која ја вршат волонтерските организации во поглед на откривање и санирање на различни општествени појави.

Се смета дека волонтерските организации повеќе придонесуваат во давањето хумани услуги од државните институции. Социјалните тензии се намалуваат благодарение на нивното постоење. Во 1980 година во САД добротворните организации распределија 13,2 билиони долари само за социјални цели, што претставува трета по ред намена по здравствените и образовно-истражувачките потреби (Enc. of Social Work, 1987).

Stone J.M. волонтерските сервиси каде што работаат доброволци ги дели на:

– директни сервиси , каде што волонтерите работат ”face to face” со луѓе на индивидуален или групен план, при што не се мисли на групна социјална работа, туку за група волонтери. Овој вид работа е присутен во САД, Јапонија и Англија каде што во доброволните активности многу често се вклучуваат и скаутите (извидниците);

- индиректни сервиси, каде што волонтерите немаат директен контакт со странките. Доброволците во овие сервиси спремаат храна, потребни аудиовизуелни средства, собираат и преправаат облека, разнесуваат различни предмети на странките (Stone J.M., 1982).

Додека Hasenfeld J., сите сервиси ги дели според критериумот на социјалните проблеми кои ги разликува, како и според начинот на нивното решавање. Треба да се напомни дека поделбата на сервиси е зависна од технологијата која се применува во процесот на работата со странки:

- промена од лоша кон добра состојба (болест, старост, акутна состојба);
- советување и поддршка во ситуација која не може да се промени (постојана деформација, хендикепираност);
- социјална и психолошка терапија кога се работи за промена на личноста (групна терапија, психотерапија), (Hasenfeld J., 1983, стр. 5-11).

Се поставува прашањето ”Дали во ваквите сервиси можат да работат волонтери?” Авторот смета дека можат, но со претходна подготовка.

Според нашето размислување, само одредени активности можат да им се доделат на волонтерите. Дискутабилни се секако социјалната и психолошката терапија како вид активност.

Според уште една класификација на волонтерските активности разликуваме:

- сервиси кои даваат помош;
- сервиси кои работат со конкретни случаи;
- сервиси каде што работат волонтери со уметнички, спортски и други способности;
- сервиси со волонтери со културно-едукативни способности;
- волонтери - донатори (Stenzel A.K., Feeney H.M., 1976, стр. 13-21).

### 1.3 Филантропија

Поимот "филантропија" потекнува од античка Грција и има сестрано значење. Порано под овој поим се подразбирало граѓанска љубов спрема еднаквите, љубезност и почит спрема старите изнемоштени лица и бескуќници.

Со тек на време содржината на поимот се менува и повеќе се однесува на алтруистичките активности или милосрдие спрема одредени групи.

Филантропизмот како движење стана предмет на обемна критика од страна на Mrs. Jellyby's која врз основа на новелата од Dickens C., "Црна куќа" ги критикуваше угледните госпоѓи од каритативни организации кои во името на Исус Христос на скржав и студен начин дејствувале во одредени подрачја (Constatelos D. , 1968).

### 1.4 Доброволец - волонтер

Како што се случува со повеќе научни поими и за доброволниот работник постојат повеќе дефиниции. Во последно време се забележува одредена еволуција на овој поим.

Во речиси секоја дефиниција во светската и во домашната литература преовладуваат настојувањата доброволната работа да се карактеризира со следниве обележја:

- тежнеење да се постигнат заеднички цели за поединецот или групата;
- да не се бара соодветен паричен или материјален надоместок, (Шефер В.,1985; Leat, 1982).

Во "The Social Work Dictionery" се среќава следната дефиниција за волонтирање: "Волонтер е лице кое се нуди да служи по негов или нејзин

слободен избор , обично без финансиски надоместок (Barker L., 1987).

Во книгата "The Volonter and Community Agencis" (Routh T. , 1972, стр. 3-16) волонтер е ”индивидуа со длабоки чувства за потребите на луѓето, кој по сопствена волја работи за да ги задоволи потребите на луѓето. Тој го прави подобар животот на луѓето без никакви финансиски компензации. Тој придонесува за општеството”.

Во основа во сите дефиниции се присутни три елементи: поопштес-твување на доброволната работа, остварување заеднички цели и отсуство на материјален надоместок.

Некои автори дополнително нагласуваат дека тоа е дејност која се засновува врз сопствена одлука (Мартиновиќ М., 1987).

Смислата за доброволната работа е длабоко човечка, означува про-јавување на големото ”ние”, припаѓање на голема заедница, самоактуализација, заедништво и солидарност на луѓето. Во таа смисла Fromm E. доброволната работа ја поврзува со потребата за големото ” ние ”.

Г.Каќански - Удовиќ (1984) разгледувајќи го општественото значење на доброволната работа во социјалната заштита дава една описна дефиниција во која освен горенагласените елементи додава:

- доброволната работа не е поврзана со личната професија, но е ор-гани-зирана е од страна на одговорни општествени фактори;*
- работа на која имаат право сите граѓани (без разлика на семеен, здравствен, социо-економски статус);
- односот помеѓу објектите (доброволци) и субјектите (странки) е заснован како помеѓу рамноправни партнери.

** За поимот доброволна работа постоеше голема заинтересираност по Втората светска војна во Југославија, кога дел од младината се вклучи во младинските работни акции и на тој начин учествуваше во изградбата на Југославија. Супек Р. доброволната работа ја разбира како: ”возвишена работа со смисла и стремеж, тежнеење кон комунистичкото општество”.*

Може да се забележи дека доброволната работа на волонтерите не мора да биде поврзана со нивната лична професија. Во некои земји постојат таканаречени специјализирани волонтери: волонтер - бивш доктор или социјален ра- ботник кој својата доброволна работа ја врши во поврзување со знаења, умешности и искуства од својата професија (види стр. 90). Исто така дискутабилна е идејата дека право на волонтерство имаат луѓе без обѕир на нивната здравствена ситуација. Darvill G. и Munday B. до горенаведените карактеристики ги додаваат:

- доброволецот дава директна услуга;
- доброволецот не е во сродство со корисникот (на тој начин се исклучува однос: мајка - ќерка);
- дава услуга според шемата на одредена приватна или општествена институција.

Милосављевиќ М. (1990) смета дека во социјалната заштита треба да се воведе поимот доброволен активист наместо доброволен социјален работник, бидејќи не постои доброволен доктор или доброволен правник. Заради тоа во Полска на пример бил употребуван специјален поим: ”opiekun spoleczny”- општествен старател.

Интересна е констатацијата на Шкурла Р. (1986) кој анализирајќи ја социјалната работа, смета дека самиот поим ”доброволен” е погрешен. ”Доброволна работа е и фаќање муви, броење ѕвезди” - пишува истиот автор. Во моментот кога сме насочени кон добра работа, корисна цел, нашата работа е насочена кон нешто добро. Заради тоа, подобро и поедноставно е ваквата работа да се нарече: добротворна работа (charity work) или доброчинителна работа.

Иако се согласуваме со авторот, лично сметаме дека забелешките имаат повеќе лингвистички карактер бидејќи поимот волонтер е силно вграден во научната мисла на социјалната работа и пошироко, а исто така и разбирливо звучи во секојдневниот разговор.

Авторите на книгата ”Volunteer Training and Delevopment” Stenael A.K., Feeney H.M (1976) разликуваат пет димензии на поимот доброволец.

- Волонтерот не е вработен. Тој сам ќе одлучува колку време ќе и посвети на својата доброволна работа. Работата на волонтерот не е поврзано со работна маса, тој е во постојано движење. Некои забележуваат дека овде не се работи за кариера (иако може да се каже за кариера како волонтер).
- Волонтерите не примаат никаков паричен надоместок. Постојат само некои бенефиции кои се добиваат благодарение на таа активност, на пример: превоз, исхрана, учество во конференции, семинари итн.
- Волонтерската работа е ограничена на одредени активности. Волонтерот не може да ги извршува сите активности исто како професионалецот. Заради тоа одговорноста на волонтерот има друг карактер.
- Одредена група волонтери кои дејствуваат во одредени активности, мораат да имаат подготовка.
- Во некои активности (во локална заедница, културна активност) има волонтери ”членови” и ”работници”. Едните се вклучуваат одвреме навреме во волонтерски активности , другите постојано работат.

Полските автори (Lepalczyk, Marynowicze, Доневска,1980) нагласуваат дека работата на волонтерите е поврзана и координирана со активностите на институциите и организациите. Освен тоа, волонтерот не добива никакво овластување за својата активност . Работата на волонтерите има сервисен карактер. Волонтерот има само авторитет благодарение на својата личност, не поседува престиж бидејќи не претставува никаква институција.

Треба да се забележи дека во сите дефиниции ретко е почитувана научната прецизност. Анализата која е направена преку разгледување на постоечката литература, дозволува во дефиницијата за волонтерот да се воведат следните елементи:

- постигнување одредени цели за поединец или група;
- работење без финансиски надоместок;
- работење без овластување;
- работење со сопствена одлука врз основа на сопствениот авторитет;
- извршување одредени активности;
- волонтерот не е во сродство со странката.

Од сето горенаведено може да се даде следната дефиниција за волонтерот: **"Волонтер е лице кое работејќи врз сопствена одлука , без финансиски надоместок и општествено овластување, извршува одредена активност постигнувајќи општи цели за поединецот (со кој не е во сродство) или за групата".**

## 2. Социјалниот статус на волонтерите според истражувањата

Иако волонтерското движење опфаќа голем број луѓе кои работаат низ светот, нема голем број истражувања направени врз таа популација. Се чини дека би требало да се знае за основните карактеристики на доброволците и од научна и од практична потреба.

Под социјален статус ја подразбираме положбата на поединецот или поширока општествена група во однос на целината, односно рангирање на поединецот на вредносната скала.

Според Linton терминот статус (општествена положба) се употребува во две значења:

- како положба во еден посебен образец (во семејство, работна организација и слично) и во тој случај поединецот има повеќе статуси;
- како тотален збир на сите статуси кои што поединецот ги има и во таа смисла претставува положба на поединецот во однос на целокупнато општество.

Според Милиќ Б., општествената положба "... е сразмерна на вкупната количина најмногу ценети општествени добра и вредности со кои поединецот, односно неговото семејство располагаат врз основа на своето актуелно или поранешно учество во поделбата на работата или благодарение на наследството" (Милиќ Б.,1960, стр. 12).

Обертковиќ М. дава слична дефиниција. Според неа "статус е место во определениот социјален систем кој се состои во извршување на одредени активности или извршување одредени функции, а исто така и исполнување на одредени задачи со кои се поврзани одредени облици на однесување" (Обертковиќ М., 1973).

Во САД во доброволната работа почесто учествуваат побогатите граѓани од белата раса на населението. Дури се забележува дека поради тоа што црното население е помалку едуцирано и сиромашно, помал е бројот на волонтерите.

Во 60-те години на нашиов век, кој беше период на најпросперитетните години во САД и Западноевропските земји како волонтери се јавувале и студенти (Bruce J., 1982). Порано тоа не беше карактеристична појава.

Речиси во сите истражувања најголемата група помеѓу доброволците се пензионери. Се зборува дека тие извршувајќи ја волонерската работа сакаат да го зачуваат своето ментално здравје и успешно да го организираат своето слободно време.

Според најновите истражувања во Јапонија (Report, 1991) помеѓу волонтерите најголем број се домаќинки 47,7%, пензионери 12,7%, работници 11,2%, државни службеници 6,1%, приватни сопственици 3,1%, вработени во приватниот сектор 4,4%, студенти 3,8% и други 10,9%.

Во сите земји најголемо учество во волонтерската работа има средната општествена класа. Студиите покажуваат дека особено слабо се вклучени

работниците. Истото го потврдуваат и полските истражувања, според кои 68,9% од волонтерите се службеници, 35,1% домаќинки и физички работници, 28,6% пензионери (Pudelko T. , 1986).

Што се однесува до возраста на волонтерите, интересно е дека во таа дејност најчесто се застапени релативно млади и релативно стари лица, а помалку луѓе на средна возраст. Според анкетата спроведена преку ”Европскиот совет за надзор на развојот на доброволната работа во областа на социјалната заштита” во 1977 година во Западна Европа волонтери се жени од 40 до 70 години или мажи над 55 години. Младите кои учествуваат во волонтерството се застапени со 10 - 15% и се на возраст од 18 - 30 години (Каќански Г., 1981).

Јапонските истражувања покажуваат дека во групата на индивидуални волонтери 11,3 % имаат од 20 - 30 г. , 60,2 % од 40 - 60 г. и 23,9 % над 65 год.

Во истата земја волонтерите вработени во доброволните агенции се на возраст:

| | |
|---|---|
| до 20 г. - | 12,9 %; |
| од 20 - 30 г. - | 16,4 %; |
| од 40 - 65 г. - | 54,3 %; |
| над 65 г. - | 16,3 %. |

Полските истражувања спроведени врз група од 770 волонтери покажуваат дека волонтери најчесто се мажи (58,3 %). Од нив повеќето работат на село, а жените работат во градот. Поголем број од волонтерите се луѓе во брак 80,8%, а 81,2% од нив имаат деца ( Pudelko T. ,1986).

Истите полски истражувања покажуваат дека волонтерите се карактеризираат со следниот вид образование:

| | |
|---|---|
| основно - | 54,2 %; |
| средно - | 4,3 %; |

високо - 2,2 %;

занаетчиско и друго - 25,8 %.

Својата материјалана состојба волонтерите ја оценуваат како позитивна (44,8%), при што подобро се ситуирани волонтерите од градовите.

Од целото истражување се потврдува забелешката на познатиот полски социолог (Szczepanski J., 1960, стр. 205) кој вели дека: ”професијата и функцијата во професијата покажуваат позитивна корелација со општествената активност која е извршувана како трансформација на ставови и услови на животот во одредени средени”.

Волонтерите се истовремено членови на различни политички, општествени и хуманитарни организации. Според истражувањата односот на семејството спрема нивната волонтерска работа е главно позитивен (68,4%), а во (11,4%) негативен.

Јапонските истражувања укажуваат дека во 42,1% случаи сопственициите на големите корпорации и компании се заинтересирани нивните работници да учествуваат во волонтерска работа.

Во литературата наоѓаме интересни дескриптивни ”идеални мостри” на волонтерите: една американска и една полска. Manser G., вели дека типичниот американски волонтер е ”оженета бела жена помеѓу 25-44 години, со високо образование и со примања на повисоко ниво”. Овој профил речиси не се менува. Само возраста на волонтерките варира. Жената е помлада или постара (Enc. of Social Work, стр. 543). Во Полска доброволецот е најчесто жена на средни години со средно, често основно образование, во брачна состојба, професионално активна (како службеничка). Ваква карактеристика е типична за градот, додека во село се присутни луѓе со основно образование, земјоделци. Многу ретко тоа се осамени луѓе (Marynowicz E., 1976, стр. 30).

Констатирајќи може да се каже дека според сите постоечки информации

социјалниот статус на волонтерите е просечен со тенденција кон повисок во смисла на нивното социјално потекло и социјален стандард.

### 3. Доброволецот како " социјална сила" (Social Force) и неговата креативна функција во локалната средина

Кога се прати развојот на општествените идеи и мисли, се забележува дека постојат две основни концепции кои ја одредуваат врската помеѓу развојот на човекот и влијанието од страна на средината. Тоа се:

А) **Пасивистичката концепција** чии застапници беа: Durkheim E., Summer W.G., челници на структурално - функционалната социологија и во теоријата на општествената размена која се базира врз пасивен, адаптабилен карактер на човекот кон средината.

Б) **Автономна концепција** - репрезентирана од Weber M., Mead G.H. и Znanecki F. и континуирана во теоријата на симболичкиот интеракциолизам и во рамките на таканаречениот хуманизам , каде што човекот е посматран како самостоен подмет (субјект) на општествената активност, насочен кон реализацијата на слободно одбраните цели.

Марксова концепција која долго време имаше влијание врз општествената мисла, во себе содржи елементи на двете концепции (сепак не е иста со нив). Sztompka P. тој вид гледиште го нарекува: **креативна концепција** која претставува однос на човек спрема средината. Овој однос има генетски и социјален карактер (актуелен). Во генетска смисла автономијата на човекот се остварува во историските околности каде што овде се присутни и одредени шанси и ограничувања. Во актуелна смисла автономијата на човекот е поврзана со средината. Способностите и можностите на човековата трансформација се поврзани со општествените норми, примери, институции, општествени улоги итн. Тоа е дијалектичка зависност помеѓу човекот и средината (Wawryniuk S., 1979, стр. 73-74).

Се чини дека интерпретацијата на Sztompka P. за креативната функција на човекот во средината се поклопува со мислењата за вклучување доброволци во активностите на средината. Доброволците исполнуваат повеќе основни цели. Од една страна влијаат врз развојот на заедницата, се активираат себеси (креативна функција), ја зголемуваат смислата на животот, откриваат факти кои не се здогледани и опфатени преку социјалната политика. Од друга страна доброволците ја реализираат основната функција на социјалната помош, ”помош не само што ги задоволува акутните потреби, туку и ја формира човековата снаодливост, ја зацврстува верата во своите сили, дава енергија и способност за адаптација на променливите животни ситуации”. (Ibid. стр. 74)

Поимот **општествени сили** се употребува во различни науки: во антропологијата, во филозофијата, историјата, социологијата и педагогијата. Понекогаш место овој поим се употребуваат: групни активности, општествени движења, универзални промени (Wawryniuk S., 1979, стр. 54).

Секогаш овој поим функционира паралелно со три сфаќања:

- како поим преку кој се отсликува воспитниот механизам во функционирањето на општеството;
- како синоним на воспитниот процес каде што самото воспитание е посматрано како општествената сила која го определува општествениот поредок;
- како услов за ефикасноста на воспитанието каде што општествените сили се споредуваат со активниот став на воспитаникот кој ја менува својата средина и ја обликува во нова форма.

Поимот општествени сили е многу поврзан со социјалната педагогија, социологијата на воспитанието и теоријата на социјалната работа. Овде треба да ги напомниме таквите истражувачи како што се: Radlinska H., Znaniecki B.F., Kowalski S., Wawryniuk S., Lepalczyk И. и други.

За социологијата на воспитанието и социјалната педагогија поимот општествени сили е интегрален елемент во нивните теоретски и методолошки заложби.

Поимот човечки сили (поединечни или заеднички) може да се однесува на макро и микроструктурата. Сепак, будењето на силите, ослободувањето и стимулацијата се одвиваат пред сé во мали неформални групи кои се формираат во формалните, макро и микрозаедници.

”**Поединечните сили** - тоа се носители (лидери) на јавното мислење на средината, реализатори на заеднички желби, челници во заедничката активност, промотори на новоостварените потреби кои побргу од другите ги асимилираат вредностите на културата, кои ја активираат својата околина”.

”**Заеднички сили** - тоа се динамичките, општествени групи, примарни установи, успешни институции, општествени движења” (Kaminski A., 1978).
с. 27-30

Дали доброволците претставуваат ваков вид ”општествена сила”? Се чини дека токму тие се нивните вистински застапници.

За да се преобрази средината мора да се динамизираат иманентни човечки сили кои постојат во секоја средина . Тоа се носителите на професиите: просветни работници, социјални работници, пензионери и студенти. Ако се претпостави дека сите луѓе дејствуваат како ”социјални сили”, тие истовремено имаат влијание врз учениците, младината, социјалните случаи, а исто така и врз нивните семејства. Тогаш локалната средина ќе прерасне во вистинска воспитна средина.

Воспитание е меѓу другото и учење за животот во средината, запознавање со појавите и процесите кои се присутни во неа. Во една локална заедница живеат луѓе од различна возраст. Освен организирање на нивната активност може да се развива и активност помеѓу младите и возрасните лица.

Сепак целата активност ќе биде ефикасна кога ќе се земат во обѕир следните претпоставки:

- Промената во заедницата мора да се одвива преку силите присутни во самата заедница;
- Активното учество на луѓето, пред сѐ на доброволците е свидетелство за автентичноста на таа работа;
- Програмата на општествените активности мора да биде поврзана со потребите и можностите на луѓето кои живеат во таа средина.

## 4. Образованието на волонтерите и формирањето на нивните ставови спрема доброволната работа

Волонтерството не е професија, па за тоа не би требало волонтерите посебно да се подготвуваат за тој вид дејност. Сепак, сите размислувања за овој проблем доведуваат до заклучок дека таа е суптилна и многу одговорна работа, а посебно во социјалната заштита и бара соодветно подготвување. Ако се земе предвид фактот дека различни социјални случаи, поединечни и групни - посебно во семејствата, предизвикуваат сложени човечки проблеми кои влијаат врз севкупниот општествен живот, мислењата и ставовите на луѓето, тогаш се разбира дека вреди да се подготвуваат одговорни волонтери за санирање на тие проблеми.

Очекувањето за стручно оформување од страна на самите доброволци е многу големо, а од дидактичка гледна точка постои широк дијапазон на методи и форми на образование, особено во земјите со англиски говорен јазик. Кога ја анализираме литературата која се однесува на овој проблем, имаме впечаток дека во образованието се применуваат сите можни дидактички методи за дообразба на волонтерите.

### 4.1 Место на образование

Најдоброто место за дообразба на волонтерите се волонтерските клубови. Од различни истражувања и согледувања се знае дека волонтерот не сака да биде образован и "формиран" во центрите за социјална работа (сервиси). Исто така се настојува начинот на образование да не биде традиционален.

Очигледно е дека за да се реализира програмата за образование на волонтерите потребен е простор и наставнички кадар. Во едукацијата на доброволците би требало да учествуваат претставници од повеќето дисциплини како што се социјални работници, педагози, психолози, правници, доктори итн.

### 4.2 План и програма за образование

Во стручната литература постои шаренило од предлози на планови и програми за образование на волонтерите. Многу често тие погрешно се идентификуваат со целите на образованието.

Кога ги споредуваме програмите и плановите за образование на волонтерите со наставните програми во Школите за социјални работници констатираме дека тоа е всушност скратена форма на тие програми. Во плановите според прегледот на постоечките предлози влегуваат: елементите на етика, филозофија, социјална медицина, теорија на социјална работа, методи на социјална работа, семејно право, граѓанско право, специјална педагогија, психологија итн.

Се разбира од сите овие дисциплини се потенцираат најглавните содржини.

### 4.3 Форми на образование

Постојат различни мислења како за плановите и за местото на образо-

вание на волонтерите, така и за формите. Најпопуларно е мислењето дека едукацијата би требало да се одвива во групи. Се предлага формирање мали волонтерски групи (мали групи до 10 членови, средни групи од 15 до 20 и големи групи над 25 членови).

При индивидуалното учење се предлага да постои тутор кој ќе им помага на волонтерите и кој ќе ги посматра. Интересна е формата на т.н. "probationary volonter" (Stenzel A., Feeny H.M., 1976). Се мисли на пробна работа која ќе трае 3 до 4 месеци, само по 5 часови неделно. Со кандидатот волонтер претходно се врши интервју за неговото мислење и ставовите спрема доброволната дејност. Во секоја литература се подвлекува дека тоа е многу битно. По секој вид дообразба се предлага волонтерот во својата работа да биде и понатаму посматран. Понекогаш дури се воведува еден вид испит.

Во југословенската литература повеќе се предлагаат семинари, состаноци, курсеви за доброволци за различни проблеми присутни во нивната работа.

### 4.4 Почитување на принципите во работењето со волонтерите и на волонтерите

За принципите за образование на волонтерите постои скромна литература, иако тие имаат општ карактер и важат за сите видови образование. За разлика од дидактичките принципи, постојат размислувања за принципите на работење на волонтерите. Сумирајќи ги различните предлози можат да се наведат следните принципи:

- волонтерот ја извршува својата дејност и јавно декларира доброволност;
- волонтерот е доволно подготвен за својата работа;

- волонтерот е посматран од страна на координаторот или агенцијата која го ангажира;
- волонтерот самиот знае кога треба да ја напушти својата работа;
- волонтерот преку својата креативност внесува нови содржини во работењето;
- волонтерот мора да почитува одредени правила исто како и социјалниот работник.

Спрема предложените принципи мора да се однесуваме критички бидејќи преголемите интервенции во доброволната работа влијаат директно врз нејзиното исчезнување. Сите принципи треба да се почитуваат, меѓутоа вршењето на контролата врз доброволците треба да се прави на многу деликатен начин.

### 4.5 Методи и техники на образование на волонтерите

Во наставата со доброволците се употребуваат сите активни дидактички методи, а поради спецификата на таа дејност се настојува да се воведат атрактивни техники бидејќи се работи за доброволци. Во литературата се препорачуваат следните техники:

А) Техника на обработка на случај: ”Case stady";

Б) Играње на улоги: ”Role playing method”;

В) Употреба на видео ленти: ”Video fares”;

Г) Повеќесложно играње на улоги: ”Multiple role - playing”.

А) Техниката на анализа на случај во дидактичка смисла се подразбира како анализа на поединечен случај. Овде мора да се употребат низа подетални техники од т.н. анализа на проблем до групно анализирање итн.

Б) Во "играњето на улогата " волонтерот одигрува наизменично улога на странка и улога на вработен во волонтерски сервис, укажувајќи на случај кога странката бара помош и случај на решавање на проблемот.

В) Во аудиовизуелната техника со употреба на видео лента, заеднички се анализира проблемот кој е прикажан на лентата. Исто така, волонтерот може да го снима случајот на видео лента и за време на состанокот настапува заедничко разгледување и анализирање на презентираниот случај.

Г) Во одигрувањето на заеднички улоги учествуваат повеќе волонтери, а исто така и лица кои ја организираат наставата. Најчесто во секоја сеанса настапуваат 3 лица: странка - А (која бара помош), решавач на проблемот - Б (волонтер) и посматрач - В. Секој ја игра својата улога и по 15 минути настапува замена на улогите (Stenzel, 1976).

Во сите горенаведени техники може да се употребуваат низа подетални техники од кои најкорисни се : дискусија, посматрање, практична демонстрација (со лица или видео лента) и консултации.

Употребувајќи различни техники мораме да бидеме многу флексибилни и треба да настојуваме самите волонтери да бидат флексибилни. Исто така, треба да се има предвид дека кај постарите волонтери ќе се јавува поспоро вклучување во дискусија и поспора адаптација во самата настава.

Големо значење има учењето за одговорноста, спонтаноста и емпатијата во однесувањето на доброволците. Исто така, мошне важно е да се применуваат техники каде што ги учиме волонтерите како треба да поседуваат умешност за слушање. Сите кои сакаат да работат со странки мораат да умеат да слушаат. Тоа треба да се вежба, а истата умешност треба и да се развива. Една од техниките преку која вежбаме правилно да слушаме ја опишува Feaney H.M. и Stenzel A.K., (1976). Понатаму следува опис на таа техника:

”Групата е поделена на четири групи. Секоја група има задача да внимава на нешто друго во излагањето за разлика од останатите. За време на презентацијата на случај 1-та група на пример слуша и забележува тоа што е потребно да се разјасни , 2 - та група тоа што треба да се дополни, 3-та група мисли на идеи за преземање акција, 4-та се труди да ги забележи точките кои се испуштени. Кога презентацијата завршува, секој се подготвува за дискусија и според упатствата од задачата учествува во дискусијата.

### 4.6 Атмосфера во наставата

Од специфичните карактеристики на учесниците во волонтерската настава како што се: возраста, алтруистичките мотиви, различната досегашна професија, различното ниво на образование итн. се јавува потреба во наставата да се воведе посебна атмосфера.

Позната Rodzersova парола ”овде и сега ” која е присутна во секој вид советување и психотерапија се применува и во наставата за волонтери.

Во организирањето доквалификација на волонтерите мошне битна е улогата на наставникот кој мора да се однесува на истиот начин како лидерот во групната социјална работа, значи во зависност од ситуацијата мора да знае кога е лидер, кога посматрач, а кога учесник.

За време на наставата треба да се дозволи ”гласно” размислување, искажување на своите емоции, самооценување и саморазвој.

Наставата обавезно мора да се одвива на тркалезна маса за да се овозможи комуникација ”face to face” и употреба на невербални знаци кои се исто така основно средство за социјално учење.

## 5. Средина во која дејствува волонтерот

Видот на средината во која дејствува волонтерот: градска, селска поразвиена, селска неразвиена е еден од најважните услови за неговото

работење. Секој волонтер работи во својот реон. Сепак, од социолошка гледна точка едни проблеми се присутни во традиционално село каде што сите се познаваат, други во голем град каде што е карактеристично отуѓување на луѓето.

Селскиот волонтер е практично сам и сè зависи од него. Заради тоа, уште во 1928 година полскиот социјален педагог Radlinska H. пишувала: ”Волонтерот на село во поголем степен мора да се дружи со луѓето, мора да наоѓа социјални сили, мора да поседува социјална умешност во работата” (Marynovicz E., 1982).

Други проблеми се присутни во градската средина. Таму животот тече анонимно, заедничката кохезија помеѓу соседите е намалена и тоа ги спречува правилните односи помеѓу жителите.

Работата на доброволците во поголемите населени места е попречена преку:

- непознавање на овој вид дејствување, за разлика од селото каде што сите го познаваат волонтерот;
- атмосфера на отуѓеност која ги спречува активностите на волонтерот;
- соработка со социјални институции полна со бирократизам и компликации;
- потребите и проблемите во градското население се покомплицирани и повеќесложени.

Поради гореизнесените констатации и според стручната литература може да се каже дека средината многу влијае врз настанувањето на социјалните проблеми, средината исто така го обусловува и изборот на методите преку кои се дејствува. Во санирањето на проблемите во традиционалната средина полесно се применува методата на работење со случај и организирање локална

заедница, додека во поголеми средини поприсутни се техники со групно работење.

Волонтерството во селските подрачја е многу слабо анализирано во литературата. Стојак Р. (1988) заклучува дека на подрачјето на Југославија (до распаѓањето во 1991 година), а и воопшто во светски рамки не само на волонтерството, туку и на целокупната социјална работа на село им е посветено многу малку внимание. Според истражувањата на Pudelko Т., од својата активност најмногу се задоволни доброволците кои функционираат во мали градови, работејќи со стари лица и повеќечлени семејства.

Истражувањата во Јапонија укажуваат на следниве видови активности на волонтерите, при што во таа активност се преплетуваат како критериуми срединaта и видовите странки:

- 24,8 % работат со стари и хендикепирани лица;
- 16,6 % во спортски,културни и едукативни институции;
- 14,1 % како советници во сервиси;
- 13,4 % директно во локална заедница;
- 9,9 % учествуваат во собирање пари и друга стока;
- 6,5 % учествуваат во собирање алишта;
- 13,1 % применуваат други форми на работа (медицинска помош итн.).

Во Југославија до 1991 година, а и во Македонија доброволната работа во социјалната заштита се одвиваше во три главни институции:

- општествено - хуманитарни организаци;
- центри за социјална работа;
- месни заедници.

Сите наведени институции заеднички соработувале и таа соработка конкретно се одвиваше на просторите во месните заедници. Во нив беа формирани комисии за социјални прашања и комисии за социо-хуманитарни активности.

Според нашите сознанија досега не беа спроведени детални анализи врз работењето на тие комисии.

**6. Волонтерски карактеристики**

Професијата социјален работник се вбројува во активностите каде што освен стручните умешности многу се важни особините и квалитетите на луѓето кои се носители на таа дејност. Социјален работник слично како доктор, педагог и психолог работејќи со клиенти дејствува воспитно и влијае врз личноста на странката. Волонтерот иако не е професионалец, заради својата активност мора да поседува слични карактеристики.

Во научната и стручната литература се среќаваме со два вида пристапи кои го третираат овој проблем: постулативен (нормативен) и емпириски. Треба да се каже дека и едниот и другиот се скромно обработени.

Постојат различни поделби на човечките особини. Може да се каже за таканаречените прагматични особини како: работливост, истрајност, штедливост и особини кои ја красат личноста : благонаклоност, веселост, расположеност. Според едните и другите карактеристики е анализиран волонтерот.

Во некои земји постојат и општествени обусловувања.Така на пример во Полска човек кој сака да биде волонтер мора да е морално подобен, мора да поседува одредено искуство во волонтерската дејност, мора да ја познава средината во која дејствува (Marynowicz E., 1982).

Познатиот полски социјален политичар Rosner J. (1982) смета дека доброволецот мора да ги почитува следните принципи во работењето:

- брзина во решавање на проблемите;
- индивидуален пристап;
- комплементарност и комплексност;
- истрајност;
- подобрување на својата активност.

Овие принципи можат да се споредат со педагошките и дидактичките начела. **На тој начин се потврдува уште еднаш воспитната функција на волонтерството, а исто така и на социјалната работа.**

Истражувањата кои се однесуваат на волонтерските карактеристики ги сретнуваме во полската литература. Kryczynska J. (1978) волонтерските особини ги дели на: меки, морални и практични. Иако можеме да имаме критички пристап кон ваквата поделба, треба да констатираме дека според наведената поделба во Полска беа направени две истражувања од страна на Zarzycki J. и Pudelko T.

Во таканаречените **меки** особини авторите ги вбројуваат: чувствителноста, стрпливоста, благонаклоноста, емотивноста и згрижувањето.

Во **моралните** карактеристики се вбројуваат: учтивоста, несебичноста, дискрецијата, праведноста, материјалната незаинтересираност и чесноста.

Во **практичните** особини се вбројуваат: одговорноста, систематичноста, совесноста, проникливоста, комуникативноста, оперативноста, објективноста и активноста, а во **стручните** особини: опсервацијата, познавањето на теренот итн. Кога ќе ги спредиме двете истражувања можеме да констатираме дека самите

волонтери се оценуваат на следниов начин:

Преглед бр.1 Карактеристики на волонтерите

| Особини | Според истражувања на T. Pudelko (1986) Н = 770 % | Според истражувања на J. Zarzycki (1980) Н = 520 % |
|---|---|---|
| Меки | 50,5 | 49,7 |
| Морални | 41,8 | 39,8 |
| Практични | 29,6 | 27,2 |
| Стручни | 26,8 | 13,2 |

Од двете истражувања се гледа дека волонтерите повеќе ги ценат меките особини отколку стручните. Од тоа може да се заклучи дека од волонтерите пред сѐ се бара човечност.

Brumen L. (1988) на горенаведените карактеристики го додава уште и оптимизмот како битна особина на волонтерот, а исто така смета дека помеѓу волонтерот и странката треба да постои минимална возрасна разлика што може да се дискутира посебно кога се работи за воспитно запуштени деца.

### 7. Волонтеризмот и професионализмот во социјалната работа - сличности и разлики

Долгогодишното искуство на волонтерската работа покажува дека во оваа дејност учествуваат луѓе со одредени норми на однесување склони својата активност да ја анимираат без паричен надоместок, без конечна стручност во социјалната работа. Заради овие и другите карактеристики тие се разликуваат од професионалците, иако повеќето југословенски автори (Неделковиќ И., Милошевиќ В., Милосављевиќ М.) сметаат дека социјалната работа е нераздвојна целина и треба да се посматраат и професионалците и волонтерите заедно со нивните етички особини и аксиолошки вредности, (Милосављевиќ М., 1990).

Сепак, разлика помеѓу двата профила постои. Заради тоа треба да се направи еден детален преглед на сличности и разлики за да се уочи и направи правилна диференцијација.

Начинот на работата во конкретна социјална активност се потпира врз употребата на еден дијапазон на техники поврзани со три главни методи во социјалната работа: работа со поединец, групна социјална работа и организирање на заедницата. За употреба на сите методски комплекси социјалниот работник мора да има одредено знаење. Доброволецот дејствува без тоа знаење, во најдобар случај со некоја подготовка.

Бидејќи разликата на самиот старт сепак постои, треба да се запрашаме дали доброволецот може да има слични права како професионалецот, дали може да учествува во сите етапи на работењето, дали односот со социјалниот работник треба да биде партнерски или со почитување на професионалната хиерархија?

Пред да донесеме одредени заклучоци треба да ги разгледаме подетално сличностите и разликите во работењето на професионалецот и доброволецот според стручната и научната литература:

Преглед бр.2

| Проблеми за споредување | Доброволец | Социјален работник |
|---|---|---|
| а. Во работењето со странката не е важна нејзината раса, пол и возраст | Се однесува на двата профила | |
| б. Запознавање со странката | Мора да поседува карта за индентификација | По службена должност |
| в. Одредување на времето за работа со случајот | Неограничено време | Статутарно определено |
| г. Место на работење | Пред сé во средината на странката | Повеќе кабинетски |
| д. Решавање на проблемот | Со учество и под водство на социјален работник | Социјален работник заедно со тим |

| Проблеми за споредување | Доброволец | Социјален работник |
|---|---|---|
| ѓ. Број на странки | Во работа со поединец се настојува истовремено да се работи со една странка | Се работи паралелно со повеќе странки |
| е. Увид во случајот | Според упатствата на социјалниот работник | Водење случај |
| ж. Блискост со странката | Поблиски контакти | Професионален контакт |
| з. Заштита од странката | Потреба за потполна заштита. Странката не го знае местото на живеење и телефонот на волонтерот | Странката знае каде се наоѓа центарот |
| ѕ. Одговорност за работата | Доброволците не се до крај одговорни за третманот | Потполна одговорност |
| и. Почитување на професионалната тајна | Треба да се бара од доброволецот | Постои како принцип и задолжение |
| ј. Забележување на случајот | Не би требало да се служи со бележење | Социјалниот работник може да го бележи случајот |
| к. Познавење на средината | Според свои можности | Детално со сите елементи |
| л. Успех во работењето | Доброволецот може да се откаже | Социјалниот работник бара помош од тим |
| љ. Познавање на личноста на странката | Во рамките на своите можности | Детално со намера да се менува |
| м. Особини на личноста | Меки | Пред сѐ стручни |
| н. Познавање и почитување на принципите | Според можностите | Задолжително |
| њ. Учество во етапите на социјалната работа | Само во одредени етапи | Во сите етапи |
| о. Решавање социјални проблеми | Само одредени проблеми | Секакви проблеми според систематизацијата на работното место |

Горедразгледуваните сличности и разлики доведуваат до прашањето дали дејноста на волонтерот треба да има:

- комлементарен (complere лат.), значи дополнителен или
- суплементарен карактер (supplementum лат.), додатен во однос на државните институции.

Освен тоа доброволната работа може да се организира независно од државните институции како самостојна дејност (самостоен карактер).

Токму на тој начин односите меѓу професионалците и државните институции ги анализира во својата книга Halmi A., кој смета дека односите можат да имаат :

- суплементарен карактер: кога доброволците вршат некои помалку значајни, споредни работи во државните институции, а нивните контакти со стручните лица се ограничени;
- комплементарен карактер, кога доброволците и професионалците работат заедно во решавањето на социјалните проблеми;
- самостоен карактер кога доброволците не се поврзани со стручните служби и работат самостојно во своите сервиси (Halmi A.,1989).

Овие проблеми ги анализираат во своите книги Милосављевиќ М. (1990) и Ружица М. (1986). Првиот автор смета дека доброволецот може да учествува во одредени фази на давањето помош на странка и заради тоа треба да се вика доброволен активист (како што е веќе претходно нагласено). Вториот автор го нагласува проблемот без навлегување во детали.

Во странската практика како посредник во односите помеѓу доброволецот и социјалниот работник се воведува функцијата: **координатор**. Координаторот на волонтерите е еден вид претседател на група волонтери со поголемо знаење и искуство во доброволната дејност. Тој има задача да ги посматра волонтерите, да им помага во решавање на работните проблеми и за разлика од сите други доброволци добива паричен надоместок за извршената дејност (Routh T.A. , 1972). На југословенските и македонските простори овој вид функција не е позната.

Се поставува прашањето во кои видови активности можат да учествуваат волонтерите? Овој проблем претставува едно од битните прашања во

предметната литература, а истовремено дозволува да се одговори на прашањето до кој степен доброволната работа има комплементарен, а до кој степен суплементарен карактер?

Во научната и стручната литература се наведуваат следните активности погодни за работа со волонтери:

**А) работа со поединец и неговото семејство;**

**Б) работа при примена на метода на групна социјална работа;**

**В) работа при примена на метода на организирање на заедницата.**

А) Во работа со поединец и семејство: директна терапевтска , психичка и физичка помош на луѓето , пред сé со осамени и стари. Како што пишува Routh T.A. ”клиентот не може да биде заборавен и стар ” (Routh T.A. , 1972, стр. 119).

Од физичките работи овде можат да бидат:

- помош во домашна работа , читање книги или дневен печат, придружба за кино или излет , заедничка прошетка, партнерство со заемен интерес, средување на работите во државни установи итн.;

- директна помош на хедикепирани лица, вклучувајќи ги елементите на рехабилитација, превоз во установата итн.;

- директна помош во изведувањето на мерките спрема воспитно - запуштените и престапниците.

Б) Во работата при примена на методата на групна социјална работа, најчесто волонтерот се јавува како котерапевт во групните состаноци. Исто така, по соодветната подготовка може да ја води групата. Волонтерот може да ја координира работата во терапевтската заедница од отворен тип (во клубови на лекувани алкохоличари или лекувани коцкари).

**В**) Во работата во локалната заедница :

- учество во различни социјални акции, манифестации и состаноци каде што треба да се презентира пред јавноста одредена програма, собира или дарува средства за одредена цел;

- канцелариска работа за тековната активност во заедницата;

- воспоставување комуникација со други " социјални сили " во заедницата и преземање заедничка акција;

- работа во вонредни ситуаци и вонредни услови;

- работа во установите за бегалци или емигранти (на пр. во САД многу е развиена доброволната работа со бегалци , политички азиланти и емигранти во посебните Бироа за емигранти - Imigration office).

Според зборовите на Милосављевиќ М. (1990) волонтерските задачи се: унапредување на заедницата, чувство на заедништво, солидарност и алутруизам со други луѓе.

Според искуствата во Полска, волонтерите при соодветните центри за социјална работа се организирани во специјалистички тимови. Во тимот најчесто се вклучени пензионери: доктори, правници, психолози, економисти. Тимот на волонтери ги решава посложените случаи на луѓето и нивните семејства.

Од гореизнесеното може да се констатира дека на теоретски план двата профила: стручен и доброволен може успешно да функционираат на подрачјето на социјалната работа задоволувајќи ги потребите на луѓето и себеси.

Сепак, присутноста на доброволната работа во одредена земја зависи од многу фактори како што се: поставеноста и функциите на државните социјални установи, економско - политичкиот систем, традициите на волонтерството и слично.

# ТРЕТИ ДЕЛ

## ИСТОРИСКИ ОСВРТ ВРЗ ДОБРОВОЛНАТА АКТИВНОСТ ВО СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА КАЈ НАС И ВО СВЕТОТ И НОВИ ОБЛИЦИ НА ТАА ДЕЈНОСТ

Доброволната работа има своја долга историја и истовремено постојано е во потрага по нови облици и решенија. При спроведување на историската анализа на оваа дејност мошне тешко се разграничуваат доброволните активности во социјалната работа од доброволната работа во другите подрачја (културата, образованието, зравството, хуманитарните организации и др.).

Исто така врз спроведувањето на успешна анализа влијае и фактот дека Македонија како држава во рамките на СФРЈ беше релативно цврсто поврзана со научните и стручните достигнувања од другите републики, па затоа во сите закони и уредби кои се донесуваа за доброволната работа проникнува заеднички пристап.

Опишувајќи ги настаните од анализираниот домен, познато е дека тие се подложни на крупни промени од политички и економски причини. Овој факт битно влијае врз обработката на материјалот. Поради тоа предмет на анализа се настаните до 1991 година, до распаѓањето на СФРЈ. Оваа временска граница се однесува и за другите земји и подрачја.

Според научната и стручната литература може да се констатира дека доброволната работа како облик постои во речиси сите земји на земјината топка. Според политичко-економската поделба, географските фактори и развиеноста на овој облик на активност, волонтеризмот може да се презентира според:

- гледиштата на социјалната политика и главните политички ориентации;

- почетоците и развојот на оваа дејност во земјите со англиски говорен јазик (САД, Канада, Англија);
- доброволната работа во постсоцијалистичките земји (Полска);
- доброволната работа во високоразвиените земји надвор од Европа (Јапонија);
- земјите од таканаречениот трет свет (арапските земји).

## 1. Доброволната работа во сфаќањата на социјалната политика и според гледиштата на главните политички ориентации

Социјалната политика како наука има најсестрана апликативна примена и токму затоа е мошне комплицирана за дефинирање бидејќи нејзините дејства се одвиваат во различни човечки активности. Во сите тие активности е присутна доброволната работа која секогаш била и е составен дел од државните, партиските, политичките, верските и хуманитарните активности преку кои се остварувале целите и задачите на социјалната политика.

Сепак треба да се забележи дека размерот, формите и методите на волонтерството секогаш беа зависни од актуелните интереси на постоечките партиски групации во одредена држава, од владеачките елити, идеолошки и филозофски ориентации.

Признавањето на доброволната работа во самата социјална политика се таложи врз економските пресметки бидејќи трошоците за социјалната помош се огромни и секоја влада е заинтересирана за нивно намалување, правејќи го тоа на различен начин. Како пример може да се наведе политиката на Реган или Тачер за време на нивните мандати во САД и Англија. Освен тоа, волонтерството со себе ги носи следните адути:

- ограничува финансиски средства кои треба да се доделат на акутни акци кои би требало да ги реализираат доброволци (социјални акции, распределба на хуманитарна помош итн.);
- дејствува превентивно спречувајќи ги социјалните проблеми;

- активира одреден дел луѓе, нагласувајќи ги нивните хумани ставови;
- дејствува креативно во однос на организирањето, развојот и промените во локалната заедница.

Како што оценува Ружица М. во 1986 г., две децении траел процесот на тотално незадоволство на стручните служби во социјалните дејности и речиси во сите земји беше забележан процес на развој на доброволната работа.

Значењето и местото на доброволната работа е тесно поврзано со политичките ориентации во одредени земји. Сликата на волонтерството во неолибералистичките концепции изгледа на еден начин, а на друг начин во социјал-демократските ориентации во кои, впрочем, има различни правци.

**а) Неолибералистичка концепција**

Карактеризирајќи го неолибералистичкиот пристап треба да се каже дека оваа граѓанско-конзервативна либерална концепција се залага за постоење на држава без социјални функции, намалување на социјалните програми и права и за постоење на социјална политика само во куративна смисла. Во оваа концепција големо значење им се придава на самите луѓе во ревитализација на општествениот живот, потоа на значењето на заедничкиот живот во локалната заедница, во семејството, на приватните и доброволните активности. Неолибералистите се спротивставуваат на постоењето на универзалните социјални права сметајќи дека државата не е и не може да биде одговорна за социјалните проблеми. Државата според горенаведените сфаќања има резидуален карактер во социјалната помош.

Неолибералистите ја критикуваат концепцијата за држава на благосостојба сметајќи дека челниците на оваа концепција се одговорни за големата економска криза во 70-те и 80-те години. Според неолибералистичките ставови токму државата на "welfeve state" влијаеше врз развојот на администрацијата, пасивните односи помеѓу луѓето, неодговорноста и несовесноста во решавањето на своите проблеми.

**б) Социјал-демократска концепција**

Иако оваа концепција е различна во апликативна смисла, сепак е блиска до неолибералистичката концепција. Во оваа ориентација им се придава значење на проширените социјални права и превентивното законодавство. Истовремено се забележува дека програмите и со нив поврзаните трошоците на социјалната заштита функционираат неефикасно, а пред сé немаат никаква превентивна улога. Во оваа концепција се признава дека социјалните институции не се во состојба да ги реализираат сите социјални програми задоволувајќи ги сите потреби на луѓето. Заради тоа треба да се засилува динамичниот развој на самоорганизирање на луѓето во решавањето на нивните бројни проблеми.

И во едната и во другата концепција се забележува голем простор за доброволната работа. Сепак, постојат ситни разлики. Споредувајќи ги различните погледи може да ги класифицираме на следниот начин:

Преглед бр. 3

| Неолибералистичка концепција | Социјал-демократска концепција |
|---|---|
| + Доброволната работа е доминантен вид во активностите на социјалната работа. | + Доброволната работа има комплементарен карактер во однос на професионалната работа. |
| + Самопомошта и самозаштита на луѓето се основните принципи во решавањето на социјалните проблеми. | + Доброволната работа е поприроден начин (за разлика од професионалната работа) за решавање на човечките проблеми. |
| + Преку доброволната работа се градат нови форми на ефикасните и флексибилните видови на самопомош и заштита на луѓето. | + Доброволните и хуманите содржини во социјалната работа треба да влијаат врз институционалниот систем за да тој стане пофлексибилен, побргу да се менува и прилагодува. |

Сведоци сме на големи политички и економски промени во сите држави. Најчесто промените настануваат под влијание на социјалните тензии, кои пак се предизвик за промена на политичко-економскиот систем. Актуелно постојат сосема мал број земји кои се марксистички ориентирани и може да се каже дека марксовата теорија поврзана со социјалната политика не е основа за ниедна социјална политика во одредена земја, освен Куба.

Интересно е што врз ова тло е поставена концепцијата на социјалната политика во Германија, која поседува т.н. социјално-пазарно стопанство. Тоа е таков стопански систем, во кој од една страна се акцептираат принципите на слободен пазар и реализам, а од друга страна се зачувани општествените цели. Социјалната политика во Германија функционира врз основа на 4 принципи: лична слобода, социјална сигурност, солидарност и супсидијарност (поддршка, помош). Државата е одговорна за задоволување на минималниот животен стандард (Social. Gos. Ryn, 1992). Во рамките на така замислената социјална политика функционира доброволната работа, а нејзиниот развој секогаш зависи од програмата на владеачката партија.

Темпото на промените во рамките на социјалната политика е мошне големо во сите европски и други земји. Независно од тоа насекаде е присутна доброволната работа и настојувањето за развој на групи на самопомош како нови видови на волонтеризмот. Исто така е присутна и идејата на ”Caring society” - општество кое се грижи за човекот и демократските односи (Vajs E., 1987).

Борбата за демократски односи денес е присутна во сите земји. Сепак, самата демократија има различен карактер и во нејзините правци постојат спротиставени гледишта на доброволната работа. Според Pennock R. (1979) постојат следниве насоки во демократија: популизам, идеализам, плурализам, неокорпоратизам и социјал-демократија. Во програмата на сите демократски правци и движења се забележува потреба за доброволна работа, посебно за развој на волонтерските служби, советување ”self-help voluntering” и "grassroots voluntering" - унапредување на социјалната заедница.

Во популистичката концепција доброволната работа се појавува како фактор кој влијае врз унапредувањето на локалната заедница. Според популистичката концепција секој човек треба да влијае во решавањето на заедничките проблеми бидејќи само на тој начин може да се оствари почитување на мислењето на секој човек, а не само на идеите на владеачката елита. Идеалистичките концепции во волонтерството гледаат можност за нов третман на демократијата бидејќи доброволната работа се карактеризира со спонтано и флексибилно дејствување и во неа не е присутна рутина и бирократизам (Platon, Aristoteles, Green, Rousseau).

Во плуралистичките концепции пред сé е присутен "self help voluntering". Til J.V., (1982) во својата статија посветена на разгледување на горенаведените проблеми на сликовит начин забележува присутност на одредени тенденции на доброволната работа во основните демократски правци.

Преглед бр. 4

| Правец | Видови волонтеризам | | |
|---|---|---|---|
| | Сервиси | Заемна помош | Унапредување на лок.заедници |
| Популизам | 0 | + | + |
| Идеализам | - | 0 | 0 |
| Плурализам | + | + | + |
| Социјал-демократија | + | + | + |
| Неокорпоратизам | + | 0 | - |

Симболи : + позитивно мислење , 0 нема мислење, - негативно мислење.

Давањето значење на доброволната работа дозволува да се искаже констатацијата дека без волонтеризмот не би постоеле САД. Благодарение на тие движења (во сите простори, не само во социјалната заштита) Америка денес е вистинска демократска земја и таа е пример за другите земји.

На просторите на Југославија доброволната работа беше најмногу забележителна во периодот од 1945 до 1957 година (Милошевиќ В., 1976). Исто така во периодот од 1980 до 1990 година на различни конференции и тркалезни маси се поттикнуваше развојот на доброволната работа (Социјална политика, 1986). Во тоа време беше констатирано дека сите органи на владата се носители на социјалната политика и заради тоа имаат битна улога во поттикнувањето и создавањето услови за развој на доброволната работа.

Од друга страна, грижата на владата за развојот на доброволната работа е контрадикторна со тогашната констатација на Ружица М., (1896) кој тврдеше дека: "интересот на луѓето за самоорганизирање и лична активност се намалува секогаш кога државата и нејзините институции ја преземаат во своите раце целата грижа за човекот, оневозмужувајќи му сам да одлучува за себе и ја ослободува својата одговорност и самостојност". Ова гледиште е блиско до неолибералистичките и социјал-демократските тенденции, посебно кога е познато дека било презентирано во 1986 година. Истиот автор забележува дека доброволната работа во социјалистичкиот систем неуспешно просперирала бидејќи беше силно нагласен државниот патернализам и тенденцијата за институционализација на сите движења кои изникнуваат (Ружица М., 1986).

### 2. Почетоци и развој на доброволната работа во земји со англиски говорен јазик (САД , Канада , Англија)

**Волонтеризмот** - доброволна работа и **волонтер** - доброволец, тоа се два различни поима кои претходно беа дефинирани. Првиот поим претставува една општествена појава која е присутна со векови во сите видови општества. Вториот поим се однесува на конкретни лица кои најчесто поврзани со државните институции ги извршуваат своите функции. На пример, само во САД и во Англија , од каде што впрочем потекнува волонтерството 80 % од доброволците работат во државни, а 20 % во верски организации (Guzzeta Ch., 1984).

Ако темелно се анализира целото движење на волонтерството, може да се забележат четири фази во неговото постоење. Од анализата на тие фази се гледа еволуцијата на појавата на "волонтеризмот", а самиот волонтер, како активист добива други карактеристики кои ја одразуваат неговата дејност. Може да се каже дека главното обележје на волонтерот во **првата фаза** е материјалното ненаградување, во **втората фаза** - необученоста за извршување на волонтерската дејност, во **третата фаза** - доброволецот не е јавна личност во општествениот живот ("nonpublic") и во **четвртата фаза** - неприпадност на волонтерот во јавните служби.

**А) Волонтерот како материјално ненаградувано лице**

Според најраните информации, првата волонтерска организација беше формирана во Бостон, САД во 1657 година. Истовремено во овој град биле формирани и доброволни организации на португалските Евреи, кои впрочем функционираат и до денес.

Во Англија во 1600 година кралицата Елизабета формирала специјална група која подготвувала целосна програма за спасување и помош на сиромашните и материјално необезбедените лица. Во извршувањето на програмата биле вклучени доброволци.

Сепак, најразвиените форми на доброволната активност се присутни во капиталистичкиот систем. Токму во овој период на формирање и развој на капитализмот се зголемува појавата на волонтерските активности.

Наглиот процес на убанизацијата, градењето на голем број нови населби во индустриските центри придонесува да се зголемат негативните социјални појави, како што се: бескуќништво, случаи на деца без родителска грижа и физичка истоштеност. Поради големиот број луѓе опфатени со овие појави се наметнува потребата од соодветни акции на помош. Првите облици на помош

имале филантропски карактер и биле поврзани со верски, а подоцна и со световни организации. Карактерот на работата на овие два вида установи не се разликувал. Работата во филантропските организации била третирана како морална обврска, а сочувството спрема "клетниците" имало карактер на морална племенитост. Познатата парола на Seneka "Rea sacra mizer" (Несреќникот е свето битие) ги поврзувала религиозните и световните дејствувања.

Равојот на филантропските организации, кои на времето во Англија беа примени со голема доза на недоверба, придонесувале во нив да се зачленуваат поголем број луѓе со цел да се задоволат сите нагло зголемени потреби на населението.

Еден од видовите активност, од која впрочем потекнува и социјалната работа, а во која евидентно се присутни волонтерските активности е **Settlement**. Творците на оваа идеја беа: Ruskin J. и Toynbee A., а прв реализатор Barnett S.A., кој во 1885 година во Лондон го организирал првиот "Toynbee Holl".

Во Settlement-от чии донатори биле приватни лица, можеле да живеат приближно 20 лица од една до три години. Станарите биле доктори, правници, новинари, политичари, свештеници итн., кои соодветно на својата професија му служеле на населението со своите лични компентенции и можности, а истовремено добивале нови сознанија за општествените појави. Жителите на Settlement-от влијаеле врз населението преку сопствените примери на повеќе-вреден и покултурен живот, организирале различни форми на просветна активност, курсеви, концерти, екскурзии итн. Во 1911 година во Англија имало 32 Settlement - а. Движењето исто така се развива и во САД, а особено во градот Чикаго (Gora A., 1988).

На идејата на Settlement-от и претходеа другите волонтерски активности. Веќе во половината на 19-от век се забележува големо учество на интелигенцијата во сите доброволни активности. Во Франција во 1865 година е

оформено здружение за грижа на малолетници, а во Англија во 1859 година нивно каритативно здружение (Wroczynski R., 1979).

Лидерите на водечките каритативни организации ги повикувале претставниците од милосрдните здруженија заедно да поставаат научни темели на волонтерските зафати, сметајќи дека не се доволни само емоционалните побуди во таа дејност. Од тој момент почнува вработување на бившите волонтери и развојот на професијата - социјален работник. **Може да се каже дека претходници на професионалните социјални работници биле токму волонтерите.**

Од 1877 година идејата за научната заснованост на филантропската работа се применува и во Америка. Новиот начин на работење наложува потреба за едукација на социјалните работници. Оттука потекнува и идејата за првата Школа на социјални работници (The New York School of Social Work, 1898).

Во истиот период доаѓа и до првите разидувања помеѓу доброволците и социјалните работници. Дилемите и конфликтите помеѓу двете групи се присутни и понатаму и се актуелни до денес.

### Б) Волонтерот како необучено лице за извршување на волонтерската дејност

Во почетокот на 20-от век се појавува поим: платен професионалец. Употребата на описната придавка покажува каков конфликт постоел помеѓу волонтерите и професионалните социјални работници. Со текот на времето про-фесионалците не сакаат да бидат нарекувани "платени" бидејќи тоа ги навредувало. За да се направи разлика помеѓу нив, волонтерите исто така сакаат да бидат едуцирани (посебно во Европа) бидејќи се сметало дека и волонтерите и професионалците се карактеризираат со алтруистички ставови, само што последните за својата активност се материјално наградени. Првата едукативна програма за волонтери ја подготвил Dewine во 1914 година. Интересно е да се

забележи дека во тоа време најголем број од волонтерите потекнувале од католичка вероисповест и од еврејската нација, а меѓу професионалците најчесто биле протестанти (Guzetta Ch., 1984).

Почнувајќи уште од 1889 година социјалните работници биле подготвувани на шест неделни курсеви, а конечно од 1915 година социјалните работници се вработуваат како целосно подготвени за својата дејност. Треба да се подвлече дека со воведувањето на едукацијата на вработените, конфликтот меѓу нив и волонтерите се намалил. Меѓутоа околу 1920 година доаѓа до нов судир (Guzetta Ch.).

Со текот на времето професионалната социјална работа се развива како мошне актуелна општествена дејност. Развојот на методите и употребата на психолошките и педагошките знаења негативно влијаат врз волонтерските движења. Волонтерите се чувствуваат беспомошни во своите дејствувања. Како резултат на сето тоа помеѓу 20-те и 30-те години на овој век воопшто не постоела соработка со волонтерите во државните институции. Волонтерите останувале само во приватните сервиси и верските организации. Во овој период се водат мошне жешки расправи околу постоењето и непостоењето на волонтеризмот.

Треба исто така да се напомни дека врз ограничувањата на волонтерската активност голема улога имал развојот на психоанализата. Според настојувањата на фројдовците требало да се поседува стручно знаење во разрешувањето на комплицираните психолошки проблеми на луѓето. Во тој поглед волон-терите беа немоќни.

**В) Волонтерот како ”nonpublic” - нејавна општествена личност**

Обновувањето на волонтерските активности се појавува во моментот кога се раѓа идејата за јавни фондови. За реализација на раните фондови кои главно се наменети за санирање на социјалните проблеми или за развој на

локалната заедница се јавуваат доброволци како "nonpublic", за разлика од вработените социјални работници.

За време на големата криза која ги зафати капиталистичките земји околу 1933 година, улогата на доброволците вработени во државните институции се зголеми бидејќи се појави потреба за санирање на последиците од кризата. Истовремено приватните институции го изгубија своето место. Во тој период волонтерите настојувале да се нарекуваат државни работници.

Потребата за доброволна работа за време на кризата беше огромна. Во САД федералната влада настојувала проблемот за санирање на последиците од кризата да се реши по пат на слободно вклучување на доброволците во владините задачи. На тој начин се раѓа "колективна акција", која подоцна е наречена "американски метод", која директно влијаела врз создавањето на "актот за социјална сигурност" (Social Security Act, 1935).

Сепак претстојната Втора светска војна ги намали волонтерските настојувања. Ентузијазмот за доброволната работа пак се намали поради општествената агонија и заинтересираност на луѓето само за својата лична судбина и настојувањата да се преживее.

Директно пред избувнувањето на Втората светска војна во 1939 година е формирана Националната асоцијација за социјални работници и високите Школи за социјални работници.

**Г) Неприпадност на волонтерот во јавните служби**

По Втората светска војна идејата на волонтерството пак заживеа. Сѐ поприсутна беше концепцијата да се намали бројот на јавните служби, а од 1965 година во САД волонтерите добиваат нови задачи поради пристигнувањето на голем број емигранти. Тогаш се оформува нов вид доброволец: волонтер -

домашен неговател. Неговата задача се состоела во тоа непосредно да учествува во решавањето на сите проблеми на новопристигнатите емигранти.

Волонтеризмот е посматран паралелно со јавните служби и се сметал за мошне важно движење. Иако волонтерот не беше член во тие служби, сепак во федералните програми, а пред сé по 1980 година повторно заживеа идејата за обновување на сервисите и зголемување на улогата на волонтерите во социјалната работа. Истовремено настанува смалување на фондовите кои обезбедуваа програми за јавни цели. Волонтерите стануваат замена на персоналот, со што се зголемува отпорот на платениот персонал спрема нив. Негативните односи помеѓу волонтерите и професионалците траат со несмалена сила. Значајна пречка за волонтерите во јавниот сектор е и федералниот закон кој им забранува на федералните агенции да ги користат услугите на волонтерите доколку статусот не одредува посебно ослободување на агенциите од оваа одредба. Клучна реализација да се реши овој проблем била најавена во 1983 година, но не беше доставена на гласање.

Во 1982 година претседателот Реган објави повик до волонтерите со што му даде значајна поддршка на волонтерството низ земјата. Иако волонтерството го придоби интересот и вниманието на Белата куќа, сепак ставовите на Реган биле делумни. Неговиот повик за пораст на волонтерството се совпаѓа со значајните редукции во федералниот буџет на програмите на хуманитарните служби, а некои од програмите беа реализирани преку приватните агенции.

Кратењата на буџетот влијаеја врз доброволните организации директно преку редуцирање, привилегии, договори, купување услуги итн.

Друга важна иницијатива на претседателот Реган беше создавањето на Task Force (Секторот за приватни иницијативи). Благодарение на тоа од 1982 година се дуплираат прилозите во готово на доброволните организации, а и бројот на самите доброволци. Најважниот ефект од претседателскиот Task Force

било стимулирањето и оддавањето признание на волонтерството и изговувањето нови програми.

За волонтерството и волонтерските активности од голема важност е нагласувањето на таа активност во рамките на социјалната политика на одредена земја. Според посматрачите во САД тоа би можело да се прави на два начина:

- владата која би го подготвувала, охрабрувала и стимулирала волонтерството под јавно доброволно покровителство;
- владините тела треба да ги признаат волонтерските организации како средство за нови идеи и експериментирање и како инструмент во социјалната политика.

Денес во светот се јавуваат и нови облици на корпорациски вклучувања во доброволните движења (најдобар пример е Јапонија). Еден од облиците е спремноста на корпорациите да дадат парични средства на агенциите во кои работат како доброволци луѓе од корпорацијата. Членовите се здружени во Унии (ULA - S на пр.), волонтираат низ овие асоцијации и им даваат предност во обезбедувањето на услуги на членовите на Унијата.

### 2.1. Волонтеризмот во Англија

Англија од сите високо развиени земји во Европа ги има најдобрите примери на волонтеризам. Концепцијата на заштитничка држава, воведена од Лордот Beveridge и која беше најпросперитетна во 60-те години , а чии идеи се одржаа и во периодот на владеење на владата на г-ѓа Тачер некаде до 1988 година им пружи голема помош на луѓето без средства за живот и материјално необезбедените. Беше развиен систем на разни групи на самопомош и развој на локалната заедница.

Во 60-те години во волонтерската работа масовно се вклучуваат и студенти, а исто така се формираат и центри за едукација, регрутација и информација на волонтерите. Во 1964 година беше организиран првиот центар, а во 1977 година е оформена цела мрежа на волонтери која тесно соработувала со волонтерскиот центар во Лондон. Според податоците од Natsch во 1978 година 14% од луѓето во Англија биле вклучени во доброволна работа. Освен тоа, постојат индивидуални волонтери кои според Morris M., трипати повеќе се ангажирани во социјалната дејност во споредба со стручните лица (Бруце И., 1982).

Најголема волонтерска активност е насочена кон старите, хендикепираните и младите семејства со деца, а без средства за живот. Во волонтерската активност исто така се вклучуваат и полицајци и судии. Волонтерската работа е поврзана со Field work - локални служби (Ружица М., 1986).

Слично на американските искуства и во Англија постојат координатори на волонтерската работа кои обезбедуваат контакти на одделни волонтери со странката, а наедно и го надгледуваат (пратат) случајот.

Според последниот извештај на Wolfendenow, се смета дека волонтерите даваат помош на истата група луѓе како и професионалците. Заради тоа и во таа земја постои конфликтна ситуација помеѓу доброволците и професионалците за изнаоѓање посебни подрачја на својата дејност. Според Farrel H.W., 60% од корисниците волонтерската активност ја оценуваат како одлична или добра (Bruce I., 1982).

Според сите информации бројот на волонтерите во Англија се зголемува бидејќи загрижувачки расте бројот на социјалните случаи во таа земја. На пример: во последно време се зголемува бројот на бескуќници, а особено кога владата на М. Тачер ја намали социјалната помош за невработените. Во најлоша ситуација се најдоа младите од 16 до 17 години за кои т.н. ”youth training” - младински додаток беше поостепено радуциран. Сето тоа направи во Англија

денес да има најниско учество на младите во образо
резултат на needуцираноста и невработеноста секоја
приближно 150 илјади млади бескуќници ("Le Monde" 1.08.

## 3. Доброволната работа во Југославија и во Македонија до 1991 година (до распаѓањето на СФРЈ)

Како и во други земји и во поранешна Југославија, а во тие рамки и во Македонија уште од најраните времиња луѓето биле принудени едни на други да си помагаат за да опстанат. Само ако си давале помош луѓето од ова поднебје можеле да ги пребродат сите тешкотии и страдања што непрекинато им ги нанесувал суровиот живот, без разлика дали тие тешкотии им биле нанесувани и доаѓале како последица од елементарни непогоди (суши, поплави, земјотреси итн.) или пак од постојаното војување, смрт на некој член од семејството, сиромаштија и други проблеми. Со заемна помош луѓето на територијата на Македонија можеле да опстанат и да го пребродат петвековното турско ропство. Значи, уште од најраните времиња се јавуваат разни облици на соседска помош и доброволна работа од страна на верските заедници, како нормален облик на човечката хуманост и алтруизам.

### 3.1. Гледишта на доброволната работа според Светозар Марковиќ

Во рамките на поранешна Југославија големо влијание врз развојот на доброволната работа имаше Светозар Марковиќ, при што неговите идеи беа поврзани со чисто продуктивен волонтеризам, а сепак како идеја многу интересна бидејќи претставуваше жариште за развојот на другите хуманитарни идеи.

Видовите на доброволната работа на тлото на поранешна Југославија беа присутни уште во 19-от век во Србија низ таканаречените производствено-

трајни задруги. Нив ги основал и во нив работел и Светозар Марковиќ, замерувајќи им се на противниците и обидувајќи се на тој начин да ја оствари идејата за комунистичка заедница на производители и потрошувачи. Оваа заедница со своите модели е заснована врз општа работна финансиска солидарност што има свои корени во српската традиционална патријархална задруга, а таа има пак своја поврзаност со визијата на Марковиќ за социјализмот во Србија (Караџиќ В., 1918, стр. 408).

Според оваа концепција тогашна Србија ги прескокна сите фази на капиталистичкиот развој и примитивниот комунизам и со свесен револуционарен пресврт ги доведе до повисоки форми на комунизмот. Меѓутоа, се покажа дека ваков експеримент не може да биде успешен со оглед на одредениот менталитет кај луѓето и низата економски бариери.

Сепак, српската патријархална задруга ги вовела принципите на доброволност при поделба на трудот. Секој работник работел во задругата во согласност со своите најдобри способности, а задругата вршела комплетна социјална заштита на вработените.

Како вид доброволна работа тесно поврзана со соседската помош, која исто постоеше во Србија е т.н. моба. Мобата, освен тоа што претставувала вид меѓусебна помош во работата, имала и некои други општествени функции. Посебно во 19 век претставувала помош на слабите и загрозените (сиромашните и вдовиците со деца) при извршување на работните задачи на нивата, чување стока итн. Мобата најубаво ја опишува Вук Караџиќ во Српскиот речник во 1918 год. (В Караџиќ,1918).

### 3.2. Развој на доброволната работа пред и по Втората светска војна

Пред Втората светска војна доброволната работа се одвивала преку

активностите на хуманитарните организации. Помошта бе
вид на храна, облека итн. Особено бил тежок и суров живот
Кралството Југославија во поробените земји Македонија и Црна Г

Во периодот пред Втората светска војна доброволната работа е при
и во круговите на Комунистичката партија, особено кон своите членови и другото сиромашно население.

Периодот од 1941 до 1945 година е особено значаен и посебно специфичен за доброволната работа. Покрај сиромаштијата, гладот, невработеноста, војната однесе голем број човечки жртви, остави голем број осамени жени, вдовици и многубројни деца сирачиња. Материјалните штети исто така беа огромни. Од првите денови КПЈ организираше борба против непријателот, но истовремено вршеше заштита на цивилното население, заштита на старите, децата и жените. Особено заштита се организираше на првите ослободени територии т.е во градот Ужице. Таму на граѓаните на ова подрачје им е давана здравствена, социјална заштита и социјална помош. Во тој период доброволната работа беше посебно изразена. Постоеја голем број доброволци кои доброволно им помагаа на сиромашните: даваа прва помош, се грижеа за старите, сирачињата и вдовиците, се организираа кујни каде што се прехрануваа бегалците. Партизаните за да го заштитат недолжното население честопати биле принудени да ги водат со себе и незаштитените деца, старите лица, болните. Во текот на НОБ особено силна и активна улога имаше Црвениот крст и неговите активисти.

**3.3 Развој на доброволната работа по завршувањето на војната**

По војната земјата наиде на голем број проблеми кои требало да се решат. Веднаш беа организирани доброволни единици кои врз себе презедоа

најразлични задачи. Еден дел од тие единици работеа во типична социјална работа: во домови за сирачиња, во домови за стари лица, во болници итн.

Во овој период уште повеќе доаѓа до израз и работата на хуманитарните организации кои на еден специфичен и организиран начин ја развиваа доброволната работа. Во овој период во 50-те години започнува да се развива професионалната социјална работа која заедно со доброволната работа постигна мошне брз развој.

Во Југославија доброволната работа беше регулирана со разни документи и прописи. Прописите се однесуваа на општествените заедници, социјалните установи, центрите за социјална работа, општествено-хуманитарните организации и училиштата. Така на пример во документот од 1985 година "Задача за спроведување на социјалната политика на ЦК ССРНЈ " се нагласува дека комплетната заштита на старите лица мора да се одвива во месните заедници, при што улогата на доброволната работа во овој вид активност има најголемо значење (Документ, 1985).

Во 80-те години низа научни работници и стручњаци по социјална политика се залагаат за соодветна поставеност на доброволната работа. Шкурла Р. и Неделковиќ И., (1986) на посебна конференција чија тема беше доброволната работа изнесоа тези дека: волонтеризмот е облик на реализација на социјалната политика и дека постои голема потреба од истражувања на таа проблематика. На истата конференција Попович Г. и Ружица М. (1986) се залагаат за образование на волонтерите.

Истовремено на територијата на Југославија имаше извонредни примери на поврзаност на доброволната работа со социјалната професионална дејност. Во стручната и научната литература се наоѓаат информации за:

- доброволна работа на студенти од ВСШ во Љубљана во советувалишта;

– доброволна работа на студенти од ВСШ во Љубљана во основните училишта при решавање на психосоцијалните проблеми на децата;
– доброволна работа на граѓаните на Сплит при сузбивање на малолетничката деликвенција заедно со центрите за социјалната работа;
– доброволна работа на граѓаните на Марибор заедно со центрите за социјална работа при санација на проблемите на ментално ретартадираните деца.

Исто така се нагласува и социјалната потреба за работа со лица кои се наоѓаат како привремени работници во странство.

Во цела Југославија значајна улога во развојот на доброволната работа имаше месната заедница. Постоеше списание "Месна Заедница" каде што многу често се нагласуваше потреба од овој вид активност.

Во Македонија доброволната работа во поширока смисла се одвивала на подрачјето на месните заедници, во центрите за социјална работа и во хуманитарно - општествените организации.

Моментално на територијата на Македонија постојат следниве општествено-хуманитарни организации:

– Црвен крст;
– Конференција на општествено - хуманитарни организации во чии рамки дејствуваат: Сојузот на слепи, Сојузот на глувите и наглувите, Цивилните инвалиди од војната, Сојузот за спорт и рекреација на инвалидите, Сојузот за помош на ментално ретардирани лица, Сојузот за сузбивање на алкохолизмот, наркоманијата и никотинизмот;
– Здруженија на мултиплексклеротичарите;

- Здруженија на дистрофичарите;
- Конференција на жените;
- Хуманитарно - добротворното друштво: ”Класје на добрина”;
- Хуманитарната и културна организација ”Ел Хилал ”.

Повремено на територијата на Република Македонија престојуваат светски хуманитарни организации кои развиваат соработка со македонски организаци како:

- Високиот комесаријат за бегалци;
- Доктори без граници;
- Меѓународен Црвен крст и полумесечина;
- Католички служби за помош;
- Каритас;
- УНИЦЕФ;
- Француска хуманитарна организација: ”Рамнотежа” (”Eqilibre”) и други.

За да се одговори на прашањето до кој степен е развиена доброволната работа во социјалните установи од Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности е спроведено едно истражување во кое преку анкета се опфатени сите општини во Републиката. Од истражувањето кое е спроведено во 1988 година се гледа дека доброволната работа во центрите беше слабо застапена. Од вкупно 30-те центри за социјална работа само во три центри се формирани активи за постојани доброволни соработници. Во истражувањето беше оценето дека доброволната работа беше најдобро организирана во општина Струга.

Работата во 13-те центри за социјална работа е регулирана со самоуп-

равен општ акт, во еден центар е регулирана договорно, додека во 20 центри социјалната работа не е регулирана. Од шест центри не беше добиен задоволителен одговор.

Придобивањето на доброволните соработници се врши спонтано и самоиницијативно во 10 центри, а во три центри доброволците се делегираат од општествени организации. Од 15 центри не е добиен одговор.

Заинтересираноста, односно незаинтересираноста за доброволните социјални работници ја покажува и фактот дека конечен т.е. завршен материјал на таа тема беше разгледуван само во општината Тетово (Милиќ М., 1988).

Во овој период центрите за социјална работа немале остварена некоја подобра соработка со комисиите за доброволна работа кои постоеле во месните заедници. Исто така, недоволно беше остварена и соработката со 19 хуманитарни организации и со четири работни организации. Соработката со месните заедници се остварува особено при откривањето на нови социјални случаи.

Од истражувањето се гледа дека соработката со хуманитарните организации се одвиваше преку организација на разни акции за помош на лица кои се наоѓаа во положба од социјална потреба, вработување на лица со психофизички недостатоци и отворање погони за вработување на овие лица, отворање социјални паралелки за школување на вакви лица.

Треба да се нагласи дека во работата во Центарот, а конкретно во Органот за старателство вклучувањето на доброволците беше регулирано со Закон за извршување на санкции за кривични дела и стопански престапи (Сл. весник 19/1979). Членот 278 од овој закон гласи: ”За извршување на мерката: засилен надзор на органот за старателство, Органот за старателство одредува социјален

работник со потребните квалификации, а извршувањето на оваа мерка може да ја довери и на наставници, воспитувачи и други лица кои имаат искуство во воспитување на малолетници."

Треба да се напомни дека доброволната социјална работа е мошне присутна во Црвениот крст, кој освен различните форми на дејствување има и Совет за социјално - хуманитарни дејности, а од 1971 година е формирана и комисија за социјална заштита на деца и Фонд за унапредување на заштитата на социјално загрозени лица, како и Фонд за унапредување на заштитата на социјално загрозените стари лица. Во скопската општина Карпош функционираше доброволна служба за домашна нега на болни, стари и изнемоштени лица (Програма, 1991).

Како заклучок може да се констатира дека доброволната работа во рамките на социјалната работа (професионална) во Македонија речиси и не постои, иако во одредени периоди беше делумно застапена.

**4. Организација на доброволната работа во Полска**

Полска има многу интересни и може да се каже релативно стари традиции во доброволната работа. Очигледно е дека движењето е поврзано со развојот на социјалната педагогија во Полска, а исто така и со многубројните влијанија од страна на разновидни општествени и политички идеи и струења.

Иако добротворните и каритативните акции беа присутни уште во капиталистичкиот систем, правната институција на доброволците (точно преведени од полски "старатели" и "негователи") се оформи меѓу двете светски војни т.е. 1928 година. Посебен развој на таа организација е забележан од 1935 година. Radlinska H., (1935) која е главен претставник и основоположник на социјалната педагогија во Полска, доброволците ги нарекува: активисти.

Непосредната причина за основање на оваа дејност во Полска беше поврзана со тогашната ситуација: големата економска криза и невработеноста. Невработените претставувале посебна материјално необезбедена група. Обврската спрема нив требало да се задоволи преку комуната ( општината ). Доброволците претставувале мост помеѓу побарувачите на помош и тие кои ја обезбедувале. Доброволците биле именувани од страна на општинскиот одбор, а нивната функција имаше почесен карактер. Освен тоа, функцијата беше трајна. Само во случај на болест и старост (над 65 години) се раскинуваше старателството. Посебно ваков вид активност беше карактеристичен за Варшава. Полските доброволци учествувале на сите три европски конгреси на социјалните служби во Париз (1928), Франкфурт (1932) и во Лондон (1936).

По Втората светска војна, од 1947 година активноста на доброволците беше обновена. Од 1948 година излегува првиот број на списанието: "Opiekun spoleczny". Посебно во периодот од 1949 до 1959 година работата на доброволците беше забележана во разни институции. Согласно со одлуката на владата, на 5.03.1959 година беше обновена институцијата "социјален негувател" (Opiekun spoleczny). Од 1960 година се издава и списанието "Biuletyn Opiekuna Spolecznego", а во 1973 год. е издадена и посебна книга "Poradnik Opiekuna Spolecznego". Согласно со владината одлука во 1973 година беа именувани т.н. региони: "негователско маало" кое броело од 2,5 до 3 илјади луѓе и каде што имало вработено по еден социјален работник и повеќе доброволци. Освен тоа беа именувани: општински и градски доброволци, како и доброволец во населба. Тие беа како координатори - одговорни за работата на волонтерите во својот реон. Теренските доброволци претставувале најголем број на волонтери. На почетокот носителите на таа функција беа поврзани со здравствените установи или месните заедници во својот град или село. Исто така, волонтерите работеа во претпријатија, а постоеле и т.н. специјалистички волонтери - специјализирани зо одредени видови на посложени социјални случаи. Во 1969

година функционирале 46 711 волонтери. Значи, на секој од нив во таа година во Полска им припаѓале 889,5 лица (Rosner J., 1972).

Теренските доброволци (координаторите не се влезени во таа група) не добивале никаков надоместок за својата работа. Во Полска во 1964 - 1966 година постоеја 48 869 региони, а во 1983 година во 35 000 региони работеа 42 133 доброволци со помош на 6 000 социјални работници. Тој број на волонтери се однесува само на тие кои се вклучени во активноста на социјалната работа.

Од 1969 година за доброволците има обезбедено место за одвивање на својата активност во т.н. Центри за социјални негователи и тие соработуваат со сите институции и социјални сили во локалната заедница.

Волонтерот обавува интервју, пишува молба или пријава, интервенира во одредени ситуации и секогаш го дава своето мислење. Без мислење на волонтерот не се доделува никаква социјална помош. Кога треба да се усогласи мислењето се дејствува во соработка со вработените во центарот и со други лица.

Од 1973 година центрите на волонтерите ги зголемуваат своите функции вклучувајќи и некои обврски од органите на управата. На пример во споредба со Македонија, Центарот во Полска ги исполнува сите обврски освен задачите на органот за старателство кои се во доменот на работењето на судовите. Доброволецот организирајќи ја својата работа во местото на живеење или работење може да биде: теренски волонтер, училиштен, стопански (во фабрики или други установи) и специјалистички. Специјалистичкиот волонтер најчесто има стручна подготовка, а по професија е доктор, педагог, психолог и дава помош на другите волонтери.

Целата организација на работата, водење случај, водењето досиеја ги извршува социјалниот работник. Тој се грижи за координирање на работата на доброволците, организира семинари и состаноци за нив итн. Со волонтерите секојдневно соработуваат и соработниците вработени во Центарот (педагог,

психолог, правник) кои во рамките на своите задачи организираат едукација на волонтерите.

Освен доброволците, во секој реон дејствува и судски старател, доброволец (куратор) кој ги извршува воспитните мерки спрема воспитно - запуштените и деликвентите. Старателите работат со возрасни и малолетни лица. Освен волонтерите во судовите се вработени и платени старатели. Бројот на кураторите е прилично голем, а во 1976 година изнесуваше 15 000. Мерките се слични како и во македонскиот закон и се однесуваат на засилен надзор од страна на родителите, од страна на судот итн. (Wyrobkowa W., 1979).

Освен на овој начин на организирана помош, во Полска постои и специјална организација од доброволен тип т.н. Полски комитет за социјална помош, познат во скратена форма како PKPS. Оваа организација дава помош потпирајќи се врз државни и приватни средства кои имаат карактер на доброволни прилози. PKPS е формирана во 1958 година од група ентузијасти. Во истата година бројот на членовите во овој комитет изнесувал 17 000.

Основната цел на оваа организација е давање материјални прилози за да се подобри економската положба на социјално загрозените лица. Во 1966 година организацијата броеше 712 647 членови. PKPS своите прилози ги зголемува преку печатење маркици, организирање акции, приредби и др. Во PKPS дејствуваат разни комисии како што се: пријатели на стари, комисија за помош на поранешни затвореници, комисија за помош на болните, комисија за социјална помош итн.

Одделните услуги кои што ги дава PKPS се извршуваат во вид на доброволна работа: помош на стари, на болни итн. Овие ситни услуги ги даваат пензионерите и младите ученици и студентите. PKPS е мошне значајна организација која ги развива принципите и вредностите на заемност, солидарност и меѓусебна помош.

Третата форма преку која се одвива доброволната работа во Полска е т.н. форма на институции на патронати. Оваа форма на доброволната работа долго време беше специфична само за Полска. Се состои во тоа секоја социјална институција да мора да има свој покровител т.е. треба да биде под патронат на некоја организација. Многу често една социјална институција може да биде под патронат на две или повеќе работни или други организации.

Покрај општата грижа за една социјална установа, институцијата на патронот обезбедува и одредени материјални погодности за социјалната установа и тоа под различни видови услови. Институцијата на патронат ги обезбедува следните видови услуги: бесплатен превоз, отстапување на инвентар итн. Придонесот на институциите патронати е огромен. Тие придонесуваат социјалниот проблем да не биде грижа само на ресорните установи, туку и на поширокие општествени сили.

Наведените три форми на доброволната работа во Полска беа регулирани со Закон за социјална заштита до 29.11.1990 година кога е донесен нов Закон кој внесе извесни промени, но сепак доброволната работа се зачува. Краткото време од донесувањето на овој закон оневозможува да се направи анализа на дејствата на планот на социјалната работа во периодот по 1990 година.

**5. Доброволната работа во Јапонија**

Почетокот на волонтерските организации во Јапонија датира уште од периодот на владеењето на императорот Меици (19-20 век). Почетоците беа поврзани со милосрдната дарежливост и добротворните акции. По Втората светска војна, кога Јапонија се најде во исклучително тешка ситуација, волонтерството исто така постоеше. Денес кога Јапонија се смета за една од најбогатите земји во светот, каде што сепак е најскап животниот простор и е голем бројот на старите лица (во 2010 година се предвидува дека 25% од населението ќе има над 65 години), каде што огромен проблем претставуваат бегалците од азиските земји, волонтерството се развива со голем успех. Во рамките на

Националниот совет за социјална зашитита функционира Национален волонтерски центар кој ја има следната структура:




Во Националниот центар се здружени 33 волонтерски организации во кои во периодот од 1983 -1991 година бројот на членови се зголемил од 19,5 на 24,4 милиони. Се разбира дека во тие волонтерски организации членуваат лица од секоја возраст и сите не се однесуваат на работата во социјалната заштита. Главните функции на Центарот се: згрижување на старите брачни парови, старите осамени луѓе кои не можат да се движат, децата (со низок стандард). Целите на Центарот се следни:

- организација на активности и промоција на хармоничност на активностите помеѓу членовите на волонтерските сервиси;
- промоција на социјалното образование (а не само здравствено или политичко образование) на просечните граѓани, а сé со цел да се развиваат аниматорските способности на населението потребни за постигнување на заедничките цели.

Главните активности на Волонтерскиот центар се:

- развој на доброволната работа (преку конгреси, семинари, проекти, меѓународна соработка);

- информација за доброволната работа (публикации, аудиовизуелни средства и пропаганда);
- истражување (трагање по нови подрачја, социјално образование на луѓето);
- обучување (курсеви и семинари);
- совети и давање помош (за регионални и општински центри);
- социјално образование на луѓето (промоција и волонтерска едукација на ученици и студенти);
- координација (поврзување со општински и регионални Центри);
- развој на инфраструктура (зголемување на фондовите за волонтеризам, придавање значење на административните прашања).

Главните подрачја за работа на волонтерите се локалните средини каде што пред сé се активираат жените (најчесто над 40 - годишна возраст), а исто така и децата и студентите. Многу често главната мотивација произлегува и од верски побуди. Слично на американските искуства и во Јапонија функционираат координатори на волонтерите.

Освен главниот волонтерски Центар, во Јапонија постои и стара волонтерска организација: Minsei - Inn која е формирана во 1914 година под влијание на некои германски искуства. Членовите на Minsei - Inn најчесто дејствуваат во локалната средина. Во 1983 година Minsei - Inn имала 174 065 свои одделенија низ Јапонија, во кои активно дејствувале 59,8% мажи и 40,2% жени. Најбројни се членовите од 51-60 години (42,5%).

Поголем број од активностите на Minsei - Inn се одвиваат во помалите градови и села. Според извештајот од 1990 година на еден активист му припаѓале:

- во Токио и другите метрополи - по 270 семејства;

- во градови со повеќе од 100 000 жители - по 200 семејства;
- во села и мали градови - по 120 семејства.

Во рамките на активностите на Minsei - Inn е организирана и медицинска помош, како и помош на граѓаните во нивните домови, помош во услуги, снабдување со храна овозможување контакт со институции итн.

Во Јапонија освен волонтерските постојат и приватни служби за давање помош т.н. "Help-o" што значи "помогни". Услугите од овие организации се многу скапи, меѓутоа одреден број граѓани ги користат нив бидејќи јапонскиот менталитет не дозволува милосрдие.

Заедно со волонтерите во општинските служби за социјална заштита работат и социјални работници, кои стекнале образование во постоечките 6000 школи со тригодишно школување, а освен тоа и во посебните колеџи. Во работата на локалната заедница учествуваат приближно 80% од апсолвентите на образовните социјални институции.

Многу е интересно е да се напомени и фактот дека во Јапонија волонтерството е развиено и во големите компании, каде што претставува посебна афирмација и углед. Во нив се гради ставот: убаво е да бидеш волонтер.

Од најновите истражувања поврзани со волонтерите се добиени следните резултати:

Граѓаните од големите градови на прашањето: "Сакаш ли да бидеш волонтер?" ги дадоа следните одговори:

- 23,2 % - сакам;
- 18,4 % - не сакам;
- 58,4 % - не сум размислувал.

Според лични посматрања, улогата на волонтерот е видлива во животот во Јапонија, а исто така се зголемува и интересот за волонтирање (Report, 1992, стр. 86).

## 6. Волонтеризмот во арапските земји

За постоењето и развојот на доброволна работа во арапските земји може да се даде заедничка карактеристика бидејќи поврзаноста на луѓето со еден јазик, една религија, обичаи и култура предизвикува слични потреби и начин на нивно задоволување. Фундаменталниот мотивационен систем во арапските земји има свои корени во религијата (исламот) и во семејството.

Според наредбите на Коранот и со векови втемелените обврски од страна на семејството, поединецот кој се наоѓа во ситуација од социјална потреба наоѓа помош во тие две институции. Заради тоа доброволната работа е на некој начин дел од арапскиот менталитет. Во Јордан, Сирија и Египет се формирани национални и меѓународни здруженија на волонтерите. На пример: само во Јордан има 300 волонтерски организаци кои дејствуваат во сите сфери на животот на просечениот Јорданец. Се оценува дека приближно 50% од населението е опфатено со волонтерска дејност. Во доброволните активности најчесто се вклучува средната класа, а најголем удел во доброволната работа имаат религиозните здруженија. Тоа се муслимански или христијански кои им помагаат на луѓето во болниците, училиштата итн.

Освен тоа, постојат и специјализирани волонтерски организации за одредени цели, на пример во Јордан ”Арапски сирачиња”, потоа ”Царот Хусеин” и др. Во Сирија постојат посебни етички волонтерски групи. Волонтерските организации имаат локален карактер. Најголемата хуманитарна организација е ”Црвената полумесечина” развиена во Либан, Јордан и Сирија која работи со бегалците од кризните подрачја и се смета за најголема хуманитарна организација на овие простори.

Здруженија на волонтерските организации просперираат и во Египет. Сепак, досега не беа направени никакви истражувања за дејноста на тие организации (Aves G., 1978).

## 6.1. Волонтерството во Кралството Јордан

Најдобар пример за развојот и значењето на волонтерската дејност во општествената заштита на граѓаните наоѓаме во Кралството Јордан.

Во таа земја постои Генерална Унија на волонтерски организации која ги обединува сите здруженија и разграноци. Унијата е формирана на 01. 08. 1958 година.

Генералната Унија има постојано седиште во главниот град Аман, а во секој град постои градска волонтерска асоцијација преку која се извршува надгледување на активностите. Актуелно вкупниот број на градски волонтерски организации организации изнесува 599 (само во Аман има 227 организации, во Ирбир 117 итн.).

Волонтерската работа е еден вид продолжение на работата на државните институции.

Финансирањето на волонтерските здруженија од градовите се врши со распределба на средствата од Генералната Унија и од многубројни донатори. Освен тоа, во секој град редовно се организираат најразновидни манифестации, приредби и концерти за доброволни цели. Речиси на секое место во градовите се поставени т.н. "сандаци за доброволен крш" во кои граѓаните можат да остават свои парични прилози. Сепак, во најголема мера финансирањето на волонтерските организации се обезбедува од лотаријата. Затоа лотаријата во Јордан се вика "доброволна лотарија".

Најуспешните активности на Генералната Унија на волонтерските организации во Јордан се следниве:

- изградба на Центри за згрижување на лица со ражни психофизички недостатоци (особено за лица заболени од церебрална парализа што претставува посебен проблем во Јордан). Еден од ваквите центри: "Куќа на надежта" е опремена со најсовремени помагала;

- обезбедување финансиски средства за образование на посиромашните ученици и студенти;
- изградба на Центри за лекување малигни заболувања;
- организација на советодавна работа. Во Јордан постојат бројни советувалишта за планирање на семејството;
- обезбедување медицински помагала за хендикепираните луѓе;
- изградба на трафики посебно наменети за инвалидизирани лица (каде што се продаваат производи изработени од хендикепирани лица);
- изградба на Маркези (Центри за образование и оспособување за занает). Во Маркезите луѓето со различни пречки во развитокот учат занает. Превозот до Центарот е бесплатен и го обезбедува волонтерската организација.

Волонтерските организации успешно работат на планот на развојот и унапредувањето на локалната заедница. Од волонтерските средства се врши реновирање на стари напуштени села, а исто така се градат и кампови за деца без родителска грижа (на пр. селото "С.О.С." во заливот Акага).

**7. Нови облици на доброволната работа**

Досегашната анализа на разните облици на доброволна работа и деталниот преглед на тие облици во разни земји докажува дека иако постои одредена трајност во волонтерскиот начин на дејствување, сепак се забележува еден вид еволуција, развој на оваа дејност.

Girdon (Guzzeta Ch., 1984) наведува пет причини според кои доброволната работа непрекинато постои. Тоа се:

- постоењето на волотерските сервиси кои го ограничуваат бројот на вработените во државните и приватни сервиси, каде што работата е наградувана во вид на плата;

- волонтерите наоѓаат нови, неконвенционални облици на работа со социјалните случаи;
- волонтерите успешно ја анимираат локалната заедница и се поефикасни во остварувањето на врските со другите институции;
- доброволците поквалитетно работат со странките;
- доброволците влијаат врз развојот на социјалната работа и посредно врз демократските односи во општеството.

Како аргумент за поуспешна работа се наведува фактот дека доброволците располагаат со повеќе време за секоја странка, за разлика од социјалните работници. Можат да работат по работното време, во празничните денови итн.

Веќе спомнатиот Girdon вели: "Волонтерите се морално посупериорни, а во познавањето на стручните техники поинфериорни".

Според Leat D. (Bruce J., 1982) понатамошниот опстанок на доброволната работа се должи врз :

- потребата за зголемување на грижата на луѓето;
- развојот на алтруистичките ставови кај луѓето;
- пријателскиот контакт со странките кој овозможува поуспешно работење;
- доброволната работа има воспитна функција и во однос на волонтерите и во однос на странките;
- доброволната работа претставува еден вид вежба за саморазвој на личноста.

Речиси во секој стручен труд за волонтеризам се дискутира за проблемот на поголемата вредност на доброволците за разлика од професионалците. Како аргументи за поквалитетна работа се наведува подобриот контакт со странките, а како противаргументи недоволната стручност во извршување на социјалната работа. Се смета дека "посебната моќ", која наводно ја поседуваат доброволците, не е доволна за нивно успешно дејствување.

Актуелно во стручната литература се појавува и прашањето за едукација на доброволците. Едни сметаат дека треба да се воведе еден вид образование, а други дека доброволците се доволно подготвени за својата дејност (Schwartz, Guzzeta Ch., 1982 ).

Современите согледувања за волонтеризмот се претставени во студиите на Kramer (Guzzeta Ch., 1984) која повеќе од 18 години го истражувала проблемот на доброволната работа во Холандија, Израел, САД и Англија. Од истражувањата на Kramer (Guzzeta Ch., 1984) произлегува дека волонтерите во својата работа ја изгубиле спонтаноста и својата автономија. На тој начин се намалува и нивната креативност која е толку потенцирана од другите автори. Како што констатира Kramer, интересно е дека корисниците на социјалната помош се чуствуваат посигурни во званичните контакти со стручните социјални служби, а не во комуницирањето со волонтерите. Како потврда на таа констатација можат да се наведат јапонските искуства, каде што за поскапите услуги во приватните сервиси (речиси за 1/3 од работничката плата), а се бара помош почесто отколку во волонтерските сервиси.

Од истражувањата на Kramer произлегува дека соработката помеѓу професионалците и доброволците е многу плодна бидејќи:

- волонтерите добиваат нови сознанија од поконзервативните ставови на професионалците;
- професионалците повеќе се грижат за развојот на социјалната работа што индиректно влијае врз развојот на волонтерството;
- доброволците се најпожелни во специјалистичките институции каде што дејствуваат како "продолжена рака" на стручните работници. Во овие институции соработката е најуспешна.

Според мислењето на Милосављевиќ М., самите социјални работници создаваат отпор во прифаќањето на соработка со доброволците. Луѓето (се мисли на балканскиот простор) се окупирани со своите проблеми, а дејноста не

се популаризира. Милосављевиќ М., а исто и Јовановиќ С. додаваат дека "доброволната работа постои или не во зависност од тоа до кој степен веруваме во неа и колку сакаме таа да постои" (Јовановиќ С., 1991).

Pinker R. (1983) слично како Kramer оценува дека постоењето на армијата доброволци е чиста илузија. Во тие подрачја каде што постои потреба од доброволци, тие не се потребни. Заради тоа е потребно постоењето и на доброволци и на професионалци (Pinker R., 1983).

Како "leitmotiv" во сите стручни книги е присутна констатацијата дека постои недостаток на заемна доверба помеѓу доброволците и социјалните работници (Turs D., 1986).

Темелните согледувања во стручната и научната литература го потврдуваат мислењето на Каќански - Удовиќ Т. (1984), која смета дека општественото признавање на доброволната работа се разликува во разни земји, а самото вклучување во доброволната работа понекогаш е начин на зголемување на угледот во општествените кругови. Како пример авторката ги посочува САД, каде што во доброволната работа учествуваат луѓе од највисоките општествени слоеви. Нивната работа е "добредојдена", а пред сé од претставниците на верските заедници.

Во Јапонија заради угледот и комерцијалните потреби за доброволна работа се залагаат и големите компании: Toyota, Mitsubishi, Yasuda, Kasai, Kinoshita, Zaidan кои создаваат фондови за таа цел (Report, 1990).

Според Herman (1970) од крајот на 60-те години се сретнуваме со нови облици на доброволна работа како на американските простори, така и во Западна Европа. Новиот вид волонтеризам има три основни функции: предвидувачка, суплементарна и оформувачка.

Предвидувачката функција се состои во тоа што волонтерите како активисти најдлабоко навлегуваат во проблемите кои се јавуваат во одделни

средини, заради тоа можат најдобро да ги предвидат новите проблеми и новите потреби на населението.

Суплементарната функција на доброволците се остварува преку дополнителната ангажираност на волонтерите во извршување работи од обемот на социјалната заштита (според лично мислење тоа би требало да се нарече комплементарно). Како што е познато најчесто социјалните програми во западните земји се остваруваат преку фондови. Партиципацијата од страна на владата во разните социјални фондови го зголемува бројот на волонтери - реализатори на програмите и индиректно го зголемува интересот за овој вид дејност.

Оформувачката функција или подобро кажано остварувањето на моделот на работењето е поврзан со фактот дека доброволците кои директно работат со странките пронаоѓаат нови техники, нови начини во нивното работење. Благодарение на тоа може да се разбие бирократизмот и конзервативниот пристап во работењето со странки, што е карактеристичен за професионалците.

Според сите податоци од стручната и научната литература доброволците претставуваат една мошне јака сила и многубројна група на луѓе во сите земји низ светот. Како што вели Geraldin A., (1978, стр. 181) ”нема да има доволно средства за развој и ширење на социјалните служби, па заради тоа нивното подобрување зависи од волонтерските сили и засилувањето на неформалните ангажмани”.

Истиот Geraldin, а исто така и Pinker и Luters во своите студии се залагаат за сестрана анализа на волонтерската дејност бидејќи во неа има низа пропусти и парадокси (Herman J., 1982).

Интересна забелешка, која е сосема соодветна за денешните настани и збиднувања дава Max Weber кој смета дека ”доброволната работа доаѓа до израз во ситуација на заедничка опасност или кога заедно се чувствува и надворешната опасност (Каќански - Удовиќ Г., 1984).

Новиот белег на современата волонтерска дејност е фактот дека постои нејзина голема поларизација. Актуелно имаме низа разновидни волонтерски сервиси и организации. Само во Јапонија постои импозантна бројка од 33 организации, кои ги обединува Националниот комитет на волонтерските организации.

Порастот на волонтерските организации придонесува и влијае и врз настојувањата да се заштитат интересите и правата на волонтерите. Интересно е да се каже дека во минатото такви личности како што се: Lock J., Hobs E. и Kant E., се залагале за правата на волонтерите. Денеска во разни студии, а посебно во "The rights of volunteers" од Херман Ј. (1982), низа автори се залагаат за правата на волонтерите.

Wilson M. (Stone J.M., 1982) во 1979 година презентира список на следните права на волонтерите:

- правото да се биде волонтер е независно од полот, возраста и финансискиот статус;
- правото да се биде волонтер кој е вклучен во планирањето и еволуација на социјалните проблеми;
- право да се работи таков вид дејност за која посебно е заинтересиран волонтерот;
- право да се биде не само волонтер, туку и супервизор на активноста;
- право да се биде препорачан како личност во слични активности или во друга волонтерска дејност.

Сите горенаведени размислувања за еволуацијата на доброволната дејност дозволуваат да се постави прашањето: дали постојат некои нови видови или согледувања на доброволната работа?

Интересно е да се разгледаат двата вида појави:

- волонтерот за социјална заштита како непрофесионален воспитувач;
- волонтерот во движењата на самопомош.

## 7.1. Волонтерот во социјалната заштита како непрофесионален воспитувач

Во некои научни концепции, пред сé во социјалната педагогија чија главна цел е унапредување и промена на воспитната средина (ова посебно се истакнува последниве години во Полска), волонтерите имаат улога на воспитувачи со нагласена воспитна функција и освен културни и образовни имаат и социјални задачи кои ги извршуваат во разни институции.

Познатиот полски социјален педагог Kaminski A., волонтерите ги вклучува во доброволци - реализатори на воспитниот процес кој е присутен во животот на средината. Тој ги наведува следните поими: работник - активист - доброволец, при што работникот е стручно подготвен, активистот има овластување од одредена организација во која членува, а доброволецот дејствува спонтано, прифаќајќи ги задачите од разните организации (Kaminski A., 1979).

Според други автори Radziewicz J. и Zebrowski J., воспитувачот дејствува како професионален и непрофесионален (Trempala, 1988), што графички може да се прикаже на следниов начин:

**Воспитувач**

| **професионалец** | **непрофесионалец** |
|---|---|
| -наставник | -родител |
| -воспитувач во домови | -новинар |
| -школски педагог | -доброволец во социјална заштита |
| | -полицаец |

Како што се уочува од поделбата за доброволецот кој дејствува во социјалната заштита, тој е посматран како непрофесионален воспитувач.

Според други автори (Lepalczyk, Marynovicz, Доневска, 1980) воспитувачот исто така може да функционира во професионална и непрофесионална смисла:

**Воспитувач**

| **во професионалнаво смисла** | **непрофесионална смисла** |
|---|---|
| кој ги извршува задачите заради професијата | кој ги извршува своите задачи како доброволец или како активист |

Lepalczyk J., (1976) врши понатамошна поделба на воспитувачите на четири видови:

- експерт кој својата работа ја извршува поради своето истакнато знаење, искуство и работа или работење во соодветна институција;

- функционер кој дејствува овластен од страна на општествените установи или организации;

- мандатор кој дејствува поседувјаќи го мандатот на административната или политичката власт и

- заштитник кој дејствува од хуманитарни побуди.

Последениот вид на воспитувач е најмногу поврзан со волонтерот.

Поимот активист кој во горенаведената поделба се споредува со волонтер, се појавува и во американската литература и тој е поврзан со дејствувањето во разни организации.

## 7.2. Движења на самопомош

Движењата на самопомош се нови видови волонтерски активности кои во последно време забележуваат огромен развој. Во овие движења можат да се забележат три групи активности:

- групи за заемна помош (mutual help groups);
- групи за соседска помош (неутрална мрежа) и
- разни видови групи чија цел е поврзана со една одредена задача.

Во стручната и научната литература постои различна класификација на овие групи.

Пред сé се разликуваат групи кои дејствуваат во склоп на:

- volunter care - доброволна заштита;
- mutual aid - заедничка помош;
- support systems - систем за поддршка;
- primary care - примарна заштита;
- community care - заштита во заедницата.

Тројан А., укажувајќи на големата разновидност на групите на самопомош смета дека можат да постојат следниве видови групи:

- самостојни и несамостојни групи;
- мали и големи групи;
- групи во развој и во распаѓање;
- исклучително активни - неактивни групи;
- групи што даваат - не даваат помош;
- групи што дејствуваат на локално ниво - на поголеми подрачја(Maglajlić D., 1988).

**А) Групи на заемно давање помош (Mutual Help Groups)**

Заемната помош се појавува во ситуација кога луѓето, кои се носители на заеднички проблем или една неповолна ситуација, се организираат заедно за да си дадат поддршка и да го решат проблемот.

Според Katz A., групите на самопомош се доброволни и мали. Членовите на групата се обединуваат за да постигнат одредена цел.

Групите на заемна помош имаат различни цели и функционираат како главни фактори за поттикнување на општествената свест (еколошки движења),

измена на ставовите или заштита на своите интереси (анонимни алкохоличари, анонимни коцкари, хомосексуалци итн).

Се забележува дека бројот наваквите групи се зголемува и се шири како епидемија. Актуелно се смета дека само во САД постојат приближно половина милион ваков вид групи во кои членуваат над 15 милиони луѓе (Enc.of Soc. Work, 1987).

Како причини за наглиот развој на овој вид групи се наведуваат пред сé: зголемената свест на луѓето која придонесува за потребата и интересот за незгрижените луѓе, незадоволството од државните и приватните служби кои дејствуваат неефикасно и не ги задоволуваат интересите на луѓето, барање помош која не може да биде обезбедена од страна на семејството (патем речено се зголемува бројот на луѓето без потесно семејство) итн.

Групите на заедничка помош најчесто имаат неформална структура и прават напори да не се формализираат. Во принцип групите се мали од 10 до 20 членови, но има и поголеми. Честопати групите соработуваат со професионалците или бараат помош од волонтерите (Riessman, 1965).

Се разликуваат следниве форми на помош која ја обезбедуваат групите: еден помага на друг, целата група помага во конкретна ситуација на поединец, од групата за помагање се формираат помали групи.

Групите често се служат со јавен телефон "hot-line" (жешка линија). На пример, само во New Jersy (САД) за ваков вид помош се обезбедени 820 броеви на телефони.

Групите на самопомош имаат различен карактер и функции. На пример, постојат групи на т.н. коригирани срца (mendet hearts) кои вршат посетување на луѓе заболени од срцеви болести пред и по операција. Постојат групи на жени - вдовици, групи на родители чии деца се хронично болни или се со психо-

физички мани како: астрофиличари, болни од леукемија, болни од алзејмерова болест итн. Групите имаат мошне спонтан карактер и силна кохезија. Во моментот кога прераснуваат во формални, државни или општествени институции тие се карактеризираат со истите механизми кои ги имаат и формалните групи.

**Б) Групи на натурална помош**

Помошта дадена од страна на соседите е најстариот вид на заедничка грижа во локалната заедница. Може да се забележи дека во периодот по 1960 година соседската помош добива нови димензии и станува значаен облик на социјалната комуникација во заедницата. Од сите постоечки дефиниции на овој вид дејност најактуелна е од Michells (1969), кој смета дека: ”натуралната помош претставува сцецифичен сплет од врски помеѓу дефинираната положба на личноста со квалитет на односи кои можат да бидат искористени за интеракции на социјално однесување на личноста која е вклучена во тоа”.

Соседската помош е неутрална, но има свои поврзувања со движењето на волонтерските организации.

Се разбира дека на различен начин изгледа помошта во населбите, селата, малите градови и големите градови. Тоа зависи од традициите, структурата на населението, поврзаноста со местото на живеење, активностите на локалните организации итн. Во бившите социјалистички земји горенаведените функции беа присутни во активностите на месните заедници, организациите на жените, хуманитарно - општествените организации, комисиите за образование и воспитание во училиштата итн.

Формите на натуралната и соседската помош се разновидни. Често имаат реципрочен карактер (јас тебе ти помагам, ти ми помагаш мене), а по својот облик се идентификуваат со формите на социјалната работа: почнувајќи од спасувањето, преку грижата и помошта.

Во работата на натуралната мрежа на соседската помош не се вклучени ниту професионалците, ниту пак во голема мера волонтерите, иако постои голем интерес за ваквите комуникации.

### В) Други видови групи на заедничка помош

Мошне интересна класификација на групите за заедничка помош дава Mandajewa B., која освен горенаведените групи разликува уште: групи кои гарантираат вработување (чување деца и краткотрајна работа), групи на самопомош, самопродуктивни групи (кои ги задоволуваат потребите на продуценти и потрошувачите без пазарна интервенција: размена на услуги, размена на стоки итн.). Истата авторка разликува уште и разни акциски групи и т.н. алтернативни групи кои се формираат во ситуации кога државните институции не се моќни да овозможат задоволување на одредени потреби на луѓето во таа мера која е потребна (Ружица М., 1986).

И во Македонија моментно постојат ваков вид групи на заедничка помош како што се: Унија на потрошувачите, Штедачи на девизни влогови итн.

### 7.3. Крајни забелешки

Од горенаведеното може да се констатира дека во новите облици на волонтерската активност, за разлика од класичната доброволна работа, луѓето ги обединува пред сѐ потребата за задоволување на сопствените потреби и посебно е нагласен заедничкиот интерес.

Во социјалната педагогија големо значење и се придава на воспитната улога на сите доброволци кои заради својата професионална оспособеност дејствуваат врз поединците и групите со кои соработуваат или воспоставуваат контакти.

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ

# РЕАЛНОСТА И ИДНИНАТА НА ДОБРОВОЛНАТА АКТИВНОСТ ВО СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. МЕТОДОЛОШКИ ДЕЛ

### 1.1. Појдовни основи на истражувањето

Прашањето за местото и улогата на доброволната работа претставува еден од важните проблеми во теоријата и праксата на социјалната работа. Доброволната социјална активност секогаш била, а и денес е значајна и е една од најхуманите форми кои ја изразуваат човековата култура. Преку неа се манифестираат суштинските својства на човештвото, а нејзината присутност означува постоење на интеграција и солидарност помеѓу луѓето.

Во разните периоди на нашиот развиток интересот за доброволната работа видно осцилирал, а во последните години беше во опаѓање, дури може да се каже и исчезнување за разлика од некои други простори. За време на проучувањето на оваа дејност, се случуваат нагли и понекогаш непредвидливи промени во постоечкото општество. Паралелно со тие промени се појавуваат и различни видови кризи (кои ги пратат овие промени) со кои се зголемува интересот за хуманитарната помош и различни социјални акции, кои бараат итно вклучување на доброволци.

Во последно време исто така настапи нагла афирмација и пораст на различни видови групи на самопомош (nonprofit groups, self-help groups) на

подрачјето на нашата Република (Здруженија на самохрани мајки, хуманитарна доброволна организација "Мајка", Здруженија на болни од малигни заболувања). Сето тоа укажува дека постои потреба за анализа, стручна и научна елаборација на еден секако стар, но сепак недоволно проучен на нашите простори феномен: доброволната социјална активност.

Причините за воведување на овој облик на активност во социјалната работа се следни:

- се забележува значаен нагол пораст на разновидни социјални проблеми, во чие решавање и превентивна дејност можат да бидат вклучени волонтери;
- центрите за социјална работа со својот потенцијал, кадровската и материјалната основа и стручно-методската оспособеност, ни оддалеку не се во состојба да ги решаваат куративните проблеми, а уште помалку да дадат значителен удел во превенцијата на социјалните проблеми и несаканите социјални појави;
- се зголемува бројот на корисниците на социјална заштита, а исто така и бројот на луѓето кои бараат помош во вид на советодавни услуги во институции на социјална заштита;
- се јавува потреба од опфаќање на заштитните подрачја со различни форми на социјална заштита во периоди надвор од работното време (part-time), по работното време, во сабота и недела, во празнични денови итн.;
- се зголемува потребата за подобрување на социјалната работа во локалната средина, каде што доброволците можат да бидат централна и значајна сила како "social forces" - креатори и аниматори на новите облици на активност во локалната заедница;
- се чини дека со воведување доброволна работа можат да се намалат разни трошоци;

- во општеството постојат потенцијални сили ”социјални сили” кои треба да се ангажираат на одреден начин за да се зголеми нивниот интерес за доброволната работа;
- доброволната работа и за самите доброволци, а и за корисниците на нивните услуги има вистинска афилијативна, интеграциона и експресивна функција бидејќи на двата партнера кои учествуваат во интеракцијата им дава можност за изразување на своите чувства и задоволување на потребите на дружење и контакт со други луѓе.

### 1.2. Теоретско - хипотетичка рамка на истражувањето

Истражувањето се однесува на доброволната активност во социјалната работа. Заради тоа како клучни поими во истражувачката постапка се применуваат:

- доброволната работа;
- активноста;
- социјалната работа.

Во теоретскиот дел на трудот темелно се разработени сите аспекти на овие поими, укажувајќи на постоење на различни дефиниции, концепции и пристапи, пред сé за поимот доброволна работа. На ова место се предлагаат следните конечни дефиниции:

Под **доброволна работа** во овој труд се подразбира дејност која ја извршува лице, кое работејќи врз сопствената одлука без финансиски надоместок и општествено овластување извршува одредена дејност, постигнувајќи општи цели за поединецот (со кој не е во сродство) или за групата.

Општествената активност е психолошка категорија, и како таква била разгледувана од различни аспекти со конечен заклучок дека овој вид активност има просоцијален карактер и означува ”состојба спротивна на пасивност”, со

силно забележано настојување кон дејствување на околината, сфатено како збир на задачи од општествено значење (Gurycka A., 1979).

Социјалната работа претставува "стручно и научно заснована активност на преземање мерки и акции со цел превентивно дејствување, значи спречување на појавите на социјалните проблеми во локалната заедница и во групи, како и решавање на поединечни социјални случаи на оние на кои таа помош им е потребна" (Дервишбеговиќ, М., 1981).

Доброволната активност во социјалната работа на нашите простори не се применува, иако искуствата од оваа дејност беа забележани во минатото во некои центри за социјална работа.

Анализата на стручната и научната литература дозволува да се предложат, освен истражувачки заклучоци и рефлексии и еден вид битни претпоставки и размислувања кои се однесуваат на волонтеризмот. Однапред се предвидува дека во иднина, кога ќе се развива доброволната социјална работа, таа треба да го опфати широкиот дијапазон корисници на социјалната заштита. На тој начин ќе се развие превентивниот карактер на доброволната работа и ќе се засили најзината воспитна функција.

Особено дискутабилно е вклучувањето на разните видови групи на самопомош и разните движења на граѓаните во волонтерската дејност. Се смета дека тие претставуваат нов вид волонтерство. Сепак, треба да се забележи дека верските, приватните и другите хуманитарни институции, движења на граѓаните, здруженија и заедници, својата активност ја засноваат врз волонтерството.

Во оваа дисертација размислувањата се однесуваат на доброволната активност само во социјалната работа (стручно и научно заснована активност)

во социјалните установи. Доброволната работа која широко се применува во другите подрачја, во оваа дисертација нема да биде проучувана.

Се мисли дека најсоодветно место со кое треба да се поврзе волонтерската дејност во социјалната работа е центарот како институција од отворен вид со јавни овластувања. Според постоечкиот Закон за социјална заштита и новиот Предлог - закон се предвидува дека центарот треба да ги "поттикнува, организира и координира доброволните активности на граѓаните, нивните здруженија, хуманитарните организации, организациите и заедниците во спроведувањето на програмите за социјална заштита на подрачјето на општината" (Закон за социјална заштита, 1993, работна верзија).

За успешно дејствување кај месното население треба да се има сестрано знаење од социолошки, демографски, психолошки и друг аспект. Социјалниот работник може да ја реализира својата работа во тесна соработка со други профили, бидејќи преземањето на сите активности е можно со заедничка соработка со "социјалните или општествените сили" кои постојат во секоја заедница. Под овој поим, како што е претходно веќе нагласено, се подразбираат биолошки, морални, заеднички и поединечни човечки сили кои претставуваат актив т.е. срж во секоја заедница и се залагаат за нејзино унапредување.

Центарот за социјална работа може да ја организира доброволната активност на суплементарен, самостоен и комплементарен начин (види стр. 63).

Залагајќи се за постоење на сите видови доброволна активност посебно се истакнува нејзиниот комплементарен карактер.

Комплементарната активност означува тесна поврзаност помеѓу социјалниот работник и доброволецот во решавањето на социјалните случаи. "Ваква доброволна - непрофесионална работа не е само нестручно дополнување на институционалната дејност, туку таа претставува дополнување на работата

во институцијата. Во овој момент се појавува процесот на "дезобјективизација" кога доброволните работници се активни учесници во оформувањето на работните операции (Halmi A., 1989, стр. 258).

Комплементарниот карактер на работењето на доброволците создава ситуација каде што двајцата партнери: професионалци и непрофесионалци се најтесно поврзани во стручната дејност. Поради тоа може да се дискутира за тоа:

- дали во тој момент се доаѓа до прекршување на правилата на еден од принципите на социјалната работа, почитување на професионалната тајна?;
- дали доброволците се доволно, целосно спремни за учество во стручната дејност?;
- дали секој социјален работник умее да работи со волонтери?

Овие прашања треба да се расветлат во понатамошните размислувања.

Во центарот за социјална работа паралелно може да се организира и суплементарната работа, како вид одредени активности од страна на центарот спрема нивните корисници.

Исто така сé поприсутен е и самостојниот облик на доброволната активност, а најчесто како вид невладини движења на граѓаните. Нивните дејствувања треба да се координираат со државните институции.

### 1.3. Предмет на истражување

Предмет на истражување во овој труд се три различни целини кои во својата содржина целосно се надополнуваат, а сé со цел да се добие слика за можностите на воведување доброволна активност во одредени подрачја во социјалната заштита во Македонија.

Како што веќе неколкупати напомнивме, доброволната активност е разгледувана само во поврзаност со професионалната социјална работа. Земајќи

го сето ова предвид, во истражувањето направен е увид до кој степен во социјалната работа во Македонија е присутна волонтерската дејност и какво е мислењето на социјалните работници и експерти (стручњаци во областа) за нејзиното воведување.

Без сомнение може да се каже дека иако доброволната работа не е популарна на македонските простори, во самата социјална работа сепак заземала соодветно место во некои активности во центрите за социјална работа, особено под влијание на општојугословенските искуства до 1991. Поради тоа како предмет на истражување се јавува:

**дескрипцијата на досегашните искуства на доброволната работа во центрите за социјална работа и потребата за нејзино развивање.**

Од анализата на стручната и научната литература, произлегува дека волонтерството не беше со аплауз прифаќано од страна на социјалните работници. Секогаш активноста била третирана како конкурентна појава во однос на професионалната дејност. Заради тоа интересно е прашањето како се однесуваат спрема таа активност социјалните работници во Македонија?

Со обѕир на гореистакнатото, како втора целина подложна на испитување е:

**мислењето на социјалните работници и експерти за постоењето на доброволната активност во социјалната работа и облиците на таа активност.**

Занемареноста и неприсутноста на доброволната социјална работа на македонскиот простор предизвика потреба за нејзино обновување. Заради тоа беше направен обид за организација на едно акционо истражување (actions research, handlungs forschung). Истражувањето имаше карактер на социјална работа со случај со кој работи социјален работник и доброволец.

Случаите се однесуваа на материјално загрозени семејства (вклучувајќи ги и самохраните и материјално необезбедените семејства), со деца на училишна возраст каде што според дијагнозите на самите социјални работници беше загрозен биосоциокултурниот развој на детето. Во овој сегмент предмет на истражување претставува:

**доброволната работа со семејства каде што е загрозен биосоциокултурниот развој на детето.**

Тука треба да се напомни дека во теоријата на социјалната работа човекот е разгледуван како биопсихосоцијален феномен. Секој човек е биолошко суштество, но со неговото раѓање тој станува субјект врз кој дејствуваат и социјални и културни влијанија. Од целокупноста на влијанијата врз човекот зависи формирањето на неговата личност.

Доброволната акција во ова истражување имаше елементи на индиректен третман преку која се настојуваше да се менува средината на детето (влијание врз родители, училиште, контрола врз слободното време, контрола врз односите со врсниците итн.), (Стакиќ Ѓ., Миловановиќ М., 1991).

## 1.4. Цели и задачи на истражувањето

Се чини дека претставата на методолошките залагања во трудот многу прецизно ги укажува неговите цели и задачи. Сепак, попрецизно треба да се нагласи дека истражувањето беше извршено со цел:

- да се увидат досегашните достигнувања на доброволната работа на подрачјето на професионалната социјална дејност;
- да се анализираат мислењата на социјалните работници и експертите за стручните проблеми поврзани со оваа дејност;
- да се даде еден концепт (модел) за воведување на овој вид активност според искуствата од целокупното истражување.

Современата социјална работа настојува да ги воведе новите истражувачки техники во проучувањето на својата дејност. Во групата на тие техники спаѓаат и инструментите за процена на постигнатите резултати. Овие инструменти се јавуваат под различно име: скалирање, рангирање, проценување, мерење. Инструментите на процена имаат сѐ поголема употреба во праксата на социјалната работа како најсоодветен и валиден начин на дијагностицирање.

Заради тоа како една од споредните цели на истражувањето беше употребата на инструментот **за мерење на постигнатите резултати во волонтерската дејност.**

Исто така, научната и стручната анализа на литературата и резултатите од извршеното истражување овозможуваат да се предложат и:

- програми за едукација на координатори и доброволци во социјалната дејност и
- да се разгледаат сите дополнителни и негативни околности во примената на оваа дејност.

### 1.5. Хипотези

Целото проучување, како во теоретскиот исто така и во емпиричкиот дел претставува една целина која на ваков глобален начи не е истражувана во предметната литература.

Сепак хипотезите, како глобалната така и подеталните се однесуваат на одредени целини во истражувањето.

**Главна хипотеза**

Се претпоставува дека активностите на доброволците ќе го подобрат квалитетот на работењето на социјалните установи, а со тоа и на социјалната работа со населението.

**Детални хипотези**

А) Се претпоставува дека постои потреба од воведување доброволна активност во социјалната работа, пред сé заради зголемувањето на бројот на корисниците на социјалната заштита.

Б) Досегашните искуства од доброволната активност во социјалната работа имаат пред сé суплементарен карактер.

В) Не постои видлива зависност помеѓу ставовите на социјалните работници, а исто така и на експертите спрема доброволната активност и нивниот пол, образованието, работниот стаж, социјалното потекло и членството во општествено - хуманитарните организации и семејните традиции.

Г) Се претпоставува дека предлагањето на видот на доброволната работа во социјалната активност (комплементарен, самостоен, суплементарен) зависи од извршуваната функција и статус во областа (социјален работник - експерт).

Д) Ставовите на социјалните работници и експертите во поглед на доброволната работа се речиси изедначени.

Ѓ) Социјалните работници имаат јасна претстава за поимот доброволец (нивната слика се доближува до постоечките во литературата).

Е) Според социјалните работници и експертите, доброволецот може да се вклучи пред сé во превентивната дејност.

Ж) Се претпоставува дека во комплементарниот вид работење доброволецот може да работи истовремено со една категорија на странки и со еден случај,

освен со семејства со нарушени брачни односи и со семејства кои се во бракоразводна постапка.

З) Најсоодветни етапи во кои на комплементарен начин можат да се вклучат доброволците се: откривање на случај и социјална терапија.

Ѕ) Доброволците можат да се вклучат во методските комплекси: работа со случај и семејство, организација и развој на заедницата, додека групната социјална метода исклучително вклучува само професионалци.

И) Доброволците треба да бидат соодветно подготвени за својата дејност.

Ј) Не постои зависност помеѓу работниот стаж и мислењето на социјалните работници и експерти дека доброволецот треба да работи во својата национална средина.

К) Центарот за социјална работа треба да располага со група доброволци кои ќе ги вклучува во својата дејност.

Л) Се претпоставува дека е задолжителен изборот на социјални работници кои се наклонети за соработка и координатори на волонтерската дејност при примена на комплементарниот облик на доброволна активност.

Љ) Доброволниот соработник може да работи со поединецот и неговото семејство само во тесна соработка со социјалниот работник.

М) Се претпоставува дека врз успехот на работењето на волонтерите влијае пред сè близината на местото на живеење помеѓу доброволецот и семејството.

Н) Се претпоставува дека доброволниот соработник, а посебно оној кој се вклучува во комплементарната дејност мора да биде подготвен за својата дејност.

Њ) Во подготвувањето на доброволците важно место заземаат дијагностичките инструменти.

### 1.6. Варијабили

Глобална независна варијабила се појавува во прашањето кое е прот-каено во поединечните цели и задачи во овој труд. Прашањето гласи: "Какво влијание имаат активностите на доброволците (обусловени со низа карактеристики како што се: соодветна подготовка, соработка со социјални работници, обем на активност, техники на дејствување) врз квалитетното работење на стручните социјални установи (центри), а индиректно и врз заштитата на населението"?

Во општествените науки, посебно во теоријата на социјалната работа, во истражувањата помеѓу **променливите** и **непроменливите варијабили** се појавуваат и низа **посредни** (**интервенирачки**) **варијабили**.

На ова влијае и фактот дека социјалните проблеми кои најчесто се предмет на проучување се секогаш комплексни, составени од факти и ситуации со разновидни аспекти. Секој аспект е истовремено и детерминанта која влијае врз настанувањето на проблеми.

Познатата формулација: "секој случај е сам за себе" најдобро го илустрираат тоа размислување. Заради тоа помеѓу независната варијабила: **активност на доброволците** и зависната варијабила: **квалитет на работата на установата**, се појавуваат низа посредни (интервенирачки) варијабили како што се:

- вид активност на доброволецот (комплементарен, суплементарен);
- прифаќањето на волонтерските зафати од страна на населението;
- прифаќање на доброволната активност од страна на самите про-фесионалци;
- вид корисници со кои се работи;
- големина на средината на која се работи (град, село);
- социјалниот статус на волонтерот итн.

### 1.7. Методи и техники во истражувањето

Употребата на одредени методи кои се присутни во ова истражување беше поврзано со сложена емпириска постапка. Разгледувајќи ја првата задача: опис на досегашните состојби во доброволната работа во социјалната заштита и потребите за нејзино воведување, беше искористена дескриптивната метода (survey method) со примена на техниката: **анализа на содржината на расположливиот материјал.**

Техниката е употребена со цел да се направи анализа на работата на центрите за социјална работа во Македонија и да се укаже на потребата од воведување доброволна работа.

За реализација на истата цел анализирани се и извештаи од месни заедници, училишта и од Црвениот крст на Македонија, кои според постоечкиот Закон за социјална заштита би требало да соработуваат со центрите.

За да се добијат информации како се однесуваат социјалните работници спрема волонтерството, беше применета **техниката на акета**. Со анкетата беа опфатени сите социјални работници кои работат во центрите за социјална работа во Македонија.

Освен анкетата со социјалните работници вработени во центрите, извршена е и **анкета со т.н. експерти**: директори на центрите на социјална работа како и со советниците и стручните работници од Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности.

Изборот на центрите за социјална работа беше намерен. Се смета дека центарот како основна институција на социјалната заштита најдиректно, најшироко и најобемно соработува со населението.

За реализација на третата задача е користена методолошката стратегија: **акционо истражување**. Според различните дефиниции на овој метод прифатена е елаборацијата на Haad F., кој смета дека "акционото истражување е стратегија со чија помош истражувачот или истражувачкиот тим во кооперација со заинтересирани поединци и други лица иницира социјални промени" (Halmi A., 1989, сл.92).

Од разните видови акционо истражување се применува и истражувањето со поединецот и неговото семејство со примена на техниките: **социјална анамнеза** и **инструментот на процена**, а исто така и **дневниците** на волонтерите. Целта на акционото истражување беше работата на доброволните соработници со семејствата чија материјална сосотојба укажуваше на загрозување на нормалниот биопсихосоцијален развој на нивните деца.

Се смета дека малолетните лица од материјално загрозените семејства се деца чии родители немаат материјални и социјални услови за згрижување и воспитување на децата: лица без постојан извор на приходи, со минимални приходи по член на домаќинство, невработени лица, со нерешено станбено прашање, самохрани родители и сл. (Закон за социјална заштита, 1978).

Особена црта на истражувањето беше тоа што истражувачот и соработниците беа во постојана комуникација.

Искористувајќи ја шемата на Susmann i Evert (Halmi A., 1989, сл. 309), ова истражување го има следниот тек:



Анализи на одредени фази во социјалната акција ќе следат при опишување на резултатите од истражувањето.

Овде се појавуваат некои прашања од методолошки аспект.

Пред сé, се поставува прашањето дали акционото истражување има карактер на акционен експеремент и заради тоа е потребно воведување контролна група при анализа на резултатите? Одговарајќи на ова прашање може да се наведе дека сме истомисленици со Halmi A. кој смета дека луѓето кои се непосредни субјекти во социјалната акција, не можат да бидат предмет на експеримент поради:

- етичките аспекти;
- неможноста да се одреди "чист" примерок;
- организационите аспекти (Специфичности методологије, 1989).

Втора битна забелешка се однесува на самата метода акционо истражување која претставува еден вид спротивен пристап кон проучувањето на општествените појави во однос на традиционалните техники и методи во општествените науки. Kurt Levin и неговите ученици се залагале за ваков начин на истражувачка пракса, кој не само што ги расчистува социјалните односи, релациите и контактите, туку исто така тие односи ги унапредува и развива.

Денес сепак се забележуваат нови правци во истражувачката постапка. Повеќе се тежи кон проучување на "индивидуалното секојдневје" и "индивидуалната историја на животот" (Pilch T., 1993).Токму поради тоа ова истражување ги поврзува двете тенденции.

При обработката на податоците се употребувани основните статистички методи.

## 1.8. Примерок, просторно одредување на истражувањето и времето

Во истражувањето со техниката анкета беа опфатени:

- 144 социјални работници од сите центри на социјална работа во Македонија (на вкупно 174 вработени во центрите според информацијата на Републичкиот завод, што претставува 82,7 %);
- анкетата беше спроведена во месеците II - V, 1993 г.;
- 32 т.н. експерти, стручњаци, специјалисти во областа на социјалната заштита (директорите на центрите за социјална работа и вработените стручни лица во Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности).

Преку акционото истражување беа опфатени 25 семејства кои се корисници на социјална помош од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Скопје, а исто така и 25 доброволци - соработници и 10 социјални работници.

Помеѓу испитуваните семејства се наоѓаат вкупно 77 деца.

Акционото истражување започна на 15. 02. 1993 г. и сé уште е во тек, а ефектите се мерат постојано.

За анализа на соработката помеѓу месните заедници, училиштата и Црвениот крст на Македонија беа користени извештаите од 45 месни заедници, 25 основни училишта и по 6 разграноци на Црвениот крст од Тетово, Гостивар, Скопје, Т. Велес, Битола, Куманово, Штип, Кочани, Кавадарци, Св. Николе, Радовиш, Пробиштип, Гевгелија и Струмица.

# 2. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 2.1. Актуелна состојба во организацијата и стручната социјална работа во центрите за социјална работа како претпоставка за воведување на доброволната активност

Според досегашната законска одредба, центрите за социјална работа ја обезбедуваат организираната заштита на одреден број корисници кои се нашле во ситуација за социјална потреба. Освен тоа, центрите имаат и пошироко општествено значење - ја обезбедуваат социјалната сигурност на граѓаните, а во последно време учествуваат во низа акутни акции (хуманитарна помош, реализација на програмата за "социјално заштитно ниво", издавање потврди на девизните штедачи итн.).

Во својата секојдневна работа центарот се служи со разни законски прописи: Закон за социјална заштита, Закон за семејство, Кривичниот закон, Закон за извршување санкции за кривични дела и стопански престапи, Закон за локална самоуправа и други.

Со донесувањето на Резолуцијата за популационата политика на Република Македонија, на центрите им се доверени и задачи од доменот на популационата политика и планирање на семејството.

Освен задачите кои произлегуваат од законите, на центрите им се доделени и други задачи кои не бараат исклучителна примена на стручна работа, а тоа се: обезбедување здравствена заштита на лица кои се здравствено неосигурани.

Во нашата Република сите општини имаат центри за социјална работа бидејќи центарот, како автентична институција од областа на социјалната заштита, по правило дејствува на општинско ниво (Извештај, 1993).

На овој начин разновидните потреби на луѓето се задоволуваат онаму каде што тие живеат и работат.

**А) Кадри**

Во центрите се вработени различни профили на кадри и тоа: социјални работници, психолози и педагози. Во поголемите центри работат социолози, економисти и друг вид стручни работници. Во вкупно 30 републички центри вработени се 397 стручни работници од кои:

| | |
|---|---|
| социјални работници | 174; |
| психолози | 39; |
| педагози | 38; |
| правници | 26; |
| социолози | 7; |
| економисти | 5; |
| други стручни работници | 20; |
| административно - технички персонал | 88. |

Во однос на застапеноста на потребните профили се појавува следнава состојба:

- 17 центри во Македонија се екипирани со сите потребни профили;
- 10 центри во кои освен социјални работници работат по 1 или 2 претставника од други профили;
- 3 центри во кои работат само социјални работници.

Критериумот за бројот на стручните работници во центарот се определува според бројот на жителите кои живеат на подрачјето кое го покрива центарот и од стопанската развиеност на општината.

Според критериумите на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности, на еден социјален работник треба да му припаѓаат 8 до 10

илјади жители (во споредба со бившата Чехословачка кај која во 1969 г. на еден социјален работник имало 4 000 жители, а во Полска од 800 до 1 500 жители), (Report, 1969).

Во најголемиот број центри за социјална работа е задоволено барањето социјалниот работник да покрива подрачје со 8 до 10 илјади жители.

Подетална слика за центрите е следнава:

- во 8 центри на 1 социјален работник бројот на жители изнесува до 8 000;
- во 7 центри од 8 до 10 илјади;
- во 7 центри од 10 до 12 илјади;
- во 7 центри над 12 илјади жители (Гостивар, Кочани, Крушево, Куманово, Охрид, Скопје и Тетово).

Најмалку жители на 1 социјален работник имаат општините Валандово, Кратово и Пробиштип.

Поединечните профили од вработените во центрите не се на ист начин оптоварени со работа. Социјалниот работник се ангажира во сите случаи и во сите фази на работата, а останатите стручни профили различно во одделни фази на работата со случајот и не во сите случаи.

Истите стручни работници покрај непосредната работа со корисниците во центарот остваруваат и низа други работи (превентивна дејност, истражувачка активност, советодавна дејност, акутни акции итн.). Сериозен проблем во однос на стручните кадри по одделни центри е фактот што во изминатиот период се вработени работници со несоодветен стручен профил, како последица на кадровската политика што ја водеа поранешните собранија на општините во Македонија.

### Б) Организација на стручната работа

Во центрите за социјална работа во Македонија постојат три облици во работењето:

- по одредени територии, месни заедници;
- по категории на случаи;
- комбинирано.

Во центрите каде што работат само социјални работници, поделбата на работите е извршена помеѓу социјалните работници по т.н. категории, така што еден социјален работник води по две и повеќе категории и покрива одреден број месни заедници.

Во центрите кои имаат од стручните работници по еден, двајца или повеќе социјални работници и само по еден од другите стручни профили, поделбата на работите е направена така што социјалните работници покриваат одредено подрачје и работат со сите корисници, а другите стручни профили се вклучуваат во одредени фази на работата само за одреден вид корисници.

Во центрите во кои има повеќе социјални работници, тие работат по т.н. категории, така што еден социјален работник води по две и повеќе категории за целото подрачје на општината. Другите стручни профили се вклучуваат во работата со сите видови корисници, но само во одделни фази на работа со случајот.

Развиените центри применуваат тимска работа, имаат развиено аналитичка истражувачка дејност, различни облици на заштитата и работата со населението.

Целата состојба укажува дека центрите настојуваат со својата организација на стручната работа да ја покријат целата територија со социјална

работа и истовремено да го задоволат барањето за интердисциплинарен и тимски приод во третирањето на социјалните проблеми и појави што е и потреба на денешното време.

**В) Содржина на работењето на центрите**

Според оцената на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности некои улоги на центарот се зголемени, а некои занемарени или недоволно развиени. **Но, пред сé изостанува следењето и проучувањето на социјалните проблеми.**

Се забележува дека недоволно е развиена и користена улогата на центарот во планирањето на развојот на социјалната заштита во општините, особено во нејзиното поврзување со другите области: здравство, образование, детска заштита. Во последно време се намалува и соработката меѓу центрите и месните заедници, со што се губи неговата битна улога на иницијатор и организатор на превентивната и социјално - заштитната активност во општината. Центрите успешно ја остваруваат координативната улога со установите за социјална заштита, судовите, општествено - хуманитарните организации и институциите.

Глобално, може да се каже дека целата методска ориентација на центрите е пред сé насочена кон остварување на непосредната социјална заштита на поединецот и неговото семејство кои се во положба за социјална потреба.

Методата на групна социјална работа многу ретко е употребувана во работењето, а од методски комплекс во организирањето на заедницата се анимираат само одредени сегменти.

Во поново време се развиваат нови стратегии во работењето: информативната и советодавната дејност. Особено со новодонесениот Закон за

семејството, центрите имаат значајна улога во мировната постапка и на тој начин се зголемува советодавната работа на центрите.

### Г) Корисници на правата и услугите на центарот за социјална работа

Како што е познато центарот има повеќе видови корисници предвидени според Законот за социјална заштита. Во сегашните услови центарот оправдано и дава приоритет на непосредната социјална заштита и остварувањето на функцијата на Органот за старателство во однос на останатите со закон доверени задачи.

Меѓутоа, актуелно потенцијалните корисници на услугите на центарот се и сите други граѓани, а исто така и низа институции кои имаат потреба од стручно - консултативна помош остварена преку соработнички однос.

Бројот на вработените се зголемува така што истовремено означува и зголемување на работните обврски на вработените во центрите.

Население, класични корисници на социјалната заштита, корисници на право на надоместок до висина на социјално - заштитно ниво, корисници на издадени потврди за депонирани девизни штедни влогови и корисници на предбрачно советување во Република Македонија по општини

| Општина | Население 31. 03. '91 г. | Вкупно корисници 3+4+5+6 | Корисници | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | согласно на Правилник-от на РЗУСД 31. 12. '92 г. | на прав. на надом. до висина на соц. зашт. на ниво од 1. 08.- 31. 08. '93 г. | издадени потврди за девизни влогови 1. - 31. 08. '93 г. | на пред-брачно советување |
| а | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Берово | 20.456 | 1.005 | 339 | 487 | 76 | 103 |
| Битола | 124.003 | 5.078 | 3.291 | 460 | 552 | 775 |
| М. Брод | 11.694 | 411 | 153 | 160 | 18 | 80 |
| Валандово | 12.306 | 864 | 532 | 197 | 45 | 90 |
| Виница | 19.837 | 718 | 265 | 240 | 53 | 160 |
| Гевгелија | 34.854 | 1.208 | 420 | 515 | 60 | 213 |
| Гостивар | 116.065 | 2.615 | 982 | 363 | 94 | 1.176 |
| Дебар | 26.241 | 1.451 | 402 | 726 | 44 | 279 |
| Делчево | 25.523 | 1.128 | 367 | 490 | 70 | 207 |
| Д. Хисар | 11.571 | 331 | 117 | 107 | 45 | 62 |
| Кавадарци | 42.305 | 1.743 | 555 | 762 | 142 | 284 |
| Кичево | 55.128 | 1.944 | 1.011 | 404 | 49 | 480 |
| Кочани | 50.029 | 2.301 | 1.539 | 288 | 113 | 361 |
| Кратово | 11.339 | 399 | 152 | 150 | 25 | 72 |
| Кр. Паланка | 25.462 | 2.987 | 821 | 1.318 | 690 | 158 |
| Крушево | 12.603 | 839 | 495 | 211 | 28 | 105 |
| Куманово | 135.482 | 3.368 | 1.424 | 462 | 487 | 995 |
| Неготино | 23.308 | 1.182 | 494 | 450 | 61 | 177 |
| Охрид | 65.957 | 2.811 | 1.149 | 1.038 | 220 | 404 |
| Прилеп | 98.589 | 4.109 | 1.508 | 1.630 | 225 | 746 |
| Пробиштип | 16.579 | 1.081 | 458 | 474 | 45 | 104 |
| Радовиш | 30.905 | 1.133 | 444 | 335 | 60 | 294 |
| Ресен | 23.533 | 945 | 460 | 255 | 114 | 116 |
| Св. Николе | 21.557 | 2.043 | 1.558 | 319 | 19 | 147 |
| Скопје | 536.102 | 20.423 | 11.405 | 4.099 | 923 | 3.996 |
| Струга | 62.917 | 1.637 | 607 | 259 | 11 | 660 |
| Струмица | 94.367 | 2.372 | 1.062 | 300 | 234 | 776 |
| Тетово | 180.605 | 4.431 | 1.703 | 321 | 877 | 1.530 |
| Т. Велес | 65.578 | 3.047 | 1.479 | 1.085 | - | 483 |
| Штип | 52.069 | 1.706 | 786 | 502 | 91 | 327 |

* Процената на бројот на корисниците на предбрачното советување утврден е врз основа на склопените бракови во 1992 година.

### 2.2. Соработката на центрите за социјална работа со доброволците од месните заедници, основните училишта и комисиите на Црвениот крст при месните заедници

Како што е наведено во методолошкиот дел, предмет на анализа која следува се: 45 месни заедници, 25 основни училишта и 16 организации на Црвениот крст од општините од кои се добиени извештаи за работа и соработка со центрите за социјална работа. Вкупно се анализирани 86 средини кои според своите задачи и задачите предвидени со Законот за социјална заштита би требало да соработуваат со центрите. Во периодот 1989 - 1991 во месните заедници во Македонија постоеја Комисии за социјални прашања и Комисии за социјално - хуманитарни активности.

Од 24 месни заедници во Скопје кои беа предмет на анализа, во 21 беа формирани вакви комисии. Во Куманово комисии постоеја во сите анализирани месни заедници, а во останатите општини најчесто застапеноста на комисиите беше незабележителна. Додека пак во анализираните месни заедници во Гостивар, Кавадарци, Гевгелија и Струмица вакви комисии не постојат. Во постоечките комисии, формирани според статутот на месната заедница, барем двајца од членовите се доброволци (третото лице најчесто е техничкиот секретар во месната заедница).

Соработката помеѓу комисиите за социјални прашања и центрите се состоеше во откривање на социјални случаи во месното население, пред сé со евиденција на стари и изнемоштени лица на територијата на месната заедница, а исто така и нивната заштита во однос на помагање во водењето на домаќинството и снабдување со храна, нега во нивните живеалишта, посети, разговори, психичка поддршка и друго.

Во 21 месна заедница членовите на комисиите беа ангажирани за евидентирање на материјално необезбедените лица т.е. неспособни за работа.

Во однос на тие лица, а исто и како спрема старите беа организирани акции за помош кои сепак се оценети како симболични.

Во соработката со центрите во 12 месни заедници ( од анализираните ) се одвиваше следење на движењето на евентуални случаи на социјални појави и предлагање соодветни мерки за нивно разрешување. Што се однесува до комисиите за социјално - хуманитарни активности, работите се поставени на тој начин што тие се истовремено и разграноци на општинските одбори на Црвениот крст ( освен ОНО и ОСЗ, Службата - барање, безбедност на вода, здравствено - воспитни комисии, крводарителство, комисии за млади ).

Работата на комисиите за социјално - хуманитарни активности има пред сѐ акциски карактер. Се разликуваат:

- собирни акции (прибирање средства за борба против туберкулоза, малигни заболувања, денови на солидарност, собирање средства за помош на граѓани погодени од елементарни непогоди);
- акции и активности за згрижување на стари изнемоштени лица, како и на семејства кои се доведени во ситуација од социјални потреби;
- доделување помош во натура на социјално загрозените семејства и граѓани.

Активностите на комисијата за социјално - хуманитарни прашања беа понекогаш слични со дејствувањата на комисиите за социјални прашања. Понекогаш акциите беа заеднички со вклучување на социјални работници од центрите (скитништво, проституција, заеднички рации со МВР). Најчесто доброволци-активисти во активностите на месните заедници се пензионерите, по струка просветни работници. Поголем број од активистите се жени.

Во анализираните активности на 25 основни училишта во македонските општини, постојат комисии за социјално прашање (освен во 8 училишта во Скопје).

Комисиите најчесто се составени о 4 членови: психолог, педагог, одделенски и предметен наставник. Сите членови во комисиите се вработени. Во ниедна комисија не се среќава како член социјален работник или родител.

Соработката меѓу социјалните работници и членовите на комисиите се однесува за деца со воспитно - социјални проблеми, надгледување на децата при бракоразводна постапка на нивните родители, деца од материјално загрозени семејства итн. Комисиите освен соработката со центрите, соработуваат и со Заводот за ментално здравје (3 случаја), Центарот за слух, говор и глас (2 случаја) и со Институтот за социјална медицина (2 случаја).

Во основните училишта во Т. Велес, Кавадарци и Пробиштип се формирани т.н. педагошко - психолошки служби кои најчесто се составени од педагог и психолог. Во овие служби нема доброволци, а контактот со центрите е директен.

Соработката помеѓу центрите и училиштата се оценува како задоволителна. Се забележува дека ова се однесува само за итни и акутни случаи и ретко има плански карактер.

Од анализата може да се заклучи дека доброволната активност на релацијата центар - училиште - месна заедница - Црвен крст има само суплементарен карактер.

Како учесници во ваквата активност се јавуваат активисти поврзани со месната заедница или Црвениот крст, додека центарот и основните училишта настапуваат само со професионалци без вклучување на доброволци.

### 2.3. Мислења на социјалните работници за постоењето на доброволната активност во социјалната работа

Учеството на социјалните работници вработени во центрите за социјална работа во Македонија во истражувањето беше со цел да се дознае од најкомпетентните лица дали доброволната активност на подрачјето на социјалната заштита треба да постои, кој вид на таа дејност е најсоодветен итн.

Како што веќе спомнавме, изборот на социјалните работници беше намерен бидејќи претставниците од овој профил работат во сите фази на социјалната работа: од откривањето на случајот до неговата еволуација. На овој начин доброволниот соработник може да се придружува во неговите активности. Во истражувањето зедоа учество 144 испитаници кои ги имаат следниве карактеристики:

Таб. I Испитаници според образованието Н = 144

| Пол | ОБРАЗОВАНИЕ | | | Нема одговор | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Средно | ВСШ | Високо | | | |
| Жени | 1 | 30 | 54 | 1 | 86 | 59,7 |
| Мажи | 1 | 30 | 27 | - | 58 | 40„3 |
| Вкупно | 2 | 60 | 81 | 1 | 144 | 100,0 |
| Структура во % | 1,4 | 41,7 | 56,2 | 0,7 | | |

Како што се гледа, во анализираната популација преовладуваат лица со висока стручна подготовка.

Таб. II Испитаници според возраста Н = 144

| Возраст | ПОЛ | | Вкупно | Структура во % |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| до 25 | 2 | - | 2 | 1,4 |
| до 30 | 11 | 3 | 14 | 9,7 |
| до 35 | 20 | 6 | 26 | 18,1 |
| над 35 | 53 | 49 | 102 | 70,8 |
| Вкупно | 86 | 58 | 144 | 100,0 |

Како што се гледа во анализираната група 70,8% од популацијата ја надминува возраста над 35 години, што означува дека тие имаат приближно 15-годишна пракса во центрите (сите се вработени со претходно завршена Виша школа за социјални работници).

### А. Општествената активност на социјалните работници и нивните семејства

Според сите карактеристики кои се дадени во светските етички кодекси на социјалните работници, а исто така и според очекувањата кои се во соодност со одредена професија, од социјалниот работник се очекува спремност и отвореност кон општествените проблеми и активно учество во општествениот живот. Дури се смета дека социјалните работници заради својата професија мораат да учествуваат во активностите на општествените и хуманитарните организации, бидејќи на тој начин воспоставуваат значајни контакти кои служат за развојот на нивната професија и задоволување на потребите на нивните клиенти.

Таб. III Членство на социјалните работници во општествено - хуманитарни и други организации според полот Н = 144

| Пол | ЧЛЕНСТВО | | Не членуваат | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | како член | како активист | | |
| Жени | 30 | 10 | 46 | 86 |
| Мажи | 23 | 8 | 27 | 58 |
| Вкупно | 53 | 18 | 73 | 144 |

Како што се гледа од табелата, половина од испитаниците не се општествено активни. Исто така е низок и бројот на активистите и нема некои посебни разлики помеѓу жените и мажите на овој план.

Таб. IV Членство на социјалните работници во општествено - хуманитарните и други организации според образованието

Н = 144

| Образование | ЧЛЕНСТВО | | Не членуваат | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | како член | како активист | | |
| Средно | 1 | - | 1 | 2 |
| ВСШ | 14 | 14 | 32 | 60 |
| Високо | 37 | 4 | 40 | 81 |
| Друго | - | 9 | 1 | 1 |
| Вкупно | 52 | 18 | 74 | 144 |
| Структура во % | 36,1 | 12,5 | 51,4 | 100 |

Резултатите од табелата даваат едно интересно сознание дека членови на општествено - хуманитарни организации почесто се испитаници со високо образование, додека активисти во овие организации се социјални работници со завршена виша школа.

Половината од испитаниците не се општествено активни што треба да се оцени негативно, посебно кога се разгледува потребата за ангажираност на тој профил во општествениот живот (види стр. 191).

Кога се анализира членството во одредени организации, најчесто социјалните работници се членови на Црвениот крст (30 членови, 6 активисти), Здружение на социјални работници (1 активист). Потоа следува членство во:

- Сојузот на глуви и наглуви 3 лица;
- Синдикатите 2 лица;
- Организацијата на жените 3 лица (2 активиста);
- Здружението на ментално ретардираните лица 4 лица (3 активиста);
- Сојузот на телесни инвалиди (1 активист);

- Сојузот на слепи лица 1 член;
- Месните заедници 1 лице.

Останатите 10 лица се декларирани како членови и тоа: 5 како активисти без укажување во која од организациите членуваат.

Ниеден социјален работник не се декларира како волонтер во која било дејност.

Не се забележува статистичка зависност помеѓу возраста на испитаниците и членството во организациите.

Како што е констатирано во теоретскиот дел, во истражувањата кои се однесуваат за волонтерите се забележува поврзаност помеѓу нивното социјално потекло и нивната општествена активност.

Интересно е да се разгледа зависноста помеѓу социјалното потекло на испитаниците и нивното членство во општествено - хуманитарните организации, а исто така и членството во организации на нивните семејства (општа оценка).

Таб. V Социјалното потекло на социјалните работници и членството во општествено - хуманитарните и други организации

Н = 144

| Социјално потекло | ЧЛЕНСТВО | | Нема одговор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | |
| Селско | 10 | 11 | - | 22 |
| Работничко | 46 | 38 | - | 84 |
| Службеничко | 12 | 22 | - | 34 |
| Интелектуално | 1 | 1 | - | 2 |
| Друго | 2 | 1 | - | 3 |
| Вкупно | 71 | 73 | - | 144 |
| Структура во % | 49,3 | 50,7 | - | 100,0 |

Во табелата членството во одредена организација и активноста во неа се третирани заедно.

Таб. VI Социјалното потекло на семејствата на социјалните работници и членство во општествено - хуманитарни организации Н = 144

| Социјално потекло | ЧЛЕНСТВО | | Нема одговор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | |
| Селско | 5 | 16 | - | 21 |
| Работничко | 11 | 72 | 1 | 84 |
| Службеничко | 11 | 22 | 1 | 34 |
| Интелектуално | - | 2 | - | 2 |
| Друго | 1 | 1 | 1 | 3 |
| Вкупно | 28 | 113 | 3 | 144 |
| Структура во % | 19,4 | 78,5 | 2,1 | 100,0 |

Може да се констатира дека анализираната популација е малку активна во општествениот живот. Како што се гледа од табелата, најактивните социјални работници потекнуваат од работничката класа, а кога се разгледува активноста на членовите на семејството, најактивни во тој поглед се службениците.

Не постои видлива зависност помеѓу големината на средината од која потекнуваат испитаниците и нивните семејства и активноста на самата средина (голем град, мал град, подрачје со поголем број села). Испитаниците од поголемите градови, средните и малите на ист начин ја оценуваат активноста на самата општина. Исто така, независно од големината на населеносто место, членовите на семејствата на социјалните работници не се општествено активни.

Анализирајќи го мислењето на социјалните работници за наоѓање на "социјални сили" како волонтери и активисти, во месното население се забележува дека испитаниците кои потекнуваат од поактивни општини наведуваат поголем број стручни профили (просветен работник, доктор) како потенцијални доброволни соработници. Испитаниците кои живеат во по-пасивните општини немаат ориентација кој би можел да биде доброволец.

**Б. Доброволната активност во социјалната работа според мислењето на социјалните работници**

На почетокот на истражувањето се имаше мислење дека секој социјален работник го познава поимот "доброволец" и во својата пракса се сретнал со самата појава на доброволна активност. Заради тоа беше интересно прашањето "Дали мислењата за поимот волонтер се разликуваат од постоечките поими во стручната и научната литература?"

Во одговорите на ова прашање преовладуваат познатите елементи во литературата кои ја сочинуваат дефиницијата на поимот "доброволец". Посебно социјалните работници со високо образование во своите искази наведуваат слични размислувања.

Анализирајќи ги одговорите на испитаниците, може да се заклучи дека поединечните својства на доброволецот се наведени на следниов начин - доброволец е оној кој:

- помага на други луѓе 40,9%;
- е хуман човек 23,7%;
- работи без паричен надоместок 22,9%;
- има чувство за социјалните проблеми и ја познава средината 11,1%;
- работи по своја желба 6,9%;

- поседува знаења за својата активност 4,2%;
- е подготвен на методски план 2,0%;
- е општествено подобен за таа дејност 2,7%;
- работи без предрасуди 0,69%;
- работи и со поединец и со група луѓе 0,69%;
- нема одговор 25,7%.

Од индивидуалните обиди за дефиниција, интересна е изјавата на еден социјален работник (жена со високо образование, над 35 г. возраст): "Доброволец е лице кое се труди своите потенцијални можности да ги стави во служба на луѓето кои имаат потреба од помош, а при тоа да нема материјална корист".

Во секој обид да се создаде дефиниција за доброволец се сретнуваме со наведување на две или повеќе својства. Најчести комбинации се:

- хуманост и давање помош;
- помош и непостоење на надоместок за работа;
- работа по своја желба и помош на луѓето;
- помош и познавање на средината.

Може да се констатира дека во јавното мислење на социјалните работници постои компактна слика за доброволецот, дури се забележува дека волонтер кој дејствува на подрачјето на социјалната заштита треба да поседува посебни човечки особини како што се: познавање на проблемите, познавање на средината, методската умешност.

Во стручната социјална работа се сретнуваме со разни видови и форми на таа дејност. Според времето на дејствување врз случајот таа се дели на превентивна и куративна. Според начинот на работата со странка во нејзината средина на: поливалентна (секој социјален работник работи со различни категории на случаи), монодисциплинарна (работа со една категорија) и

комбинирана (во некои фази со една категорија на странки, на пр.: во тимот, во други фази со повеќе категории). Исто така постојат различни форми на работа каде што критериумот е времето, местото и начинот на дејствување. Тоа се: грижа, помош, спасување, социјална компензација и интервенции (пошироко е пишувано на стр. 189).

Следно прашање упатено на социјалните работници беше: "Во кој од горенаведените видови социјална дејност можат да се вклучуваат доброволци?"

Преглед бр. 5 Видови социјална работа во која можат да се вклучуваат доброволци Н = 144

| Вид дејност | | Број на одговори | % |
|---|---|---|---|
| А | Превентивна | 113 | 80,7 |
| | Куративна | 27 | 19,3 |
| Б | Поливалентна | 37 | 32,2 |
| | Монодисциплинарна | 60 | 52,2 |
| | Комбинирана | 18 | 15,6 |
| В | Спасување | 37 | 22,8 |
| | Грижа | 67 | 41,4 |
| | Помош | 54 | 33,3 |
| Нема одговор | | 4 | 2,5 |

* Секој од испитаниците можеше да даде повеќе од еден одговор.

Како што се гледа од прегледот, според мислењето на социјалните работници се формира чиста слика на дејности во кои може да учествува доброволецот. Тоа се превентивната, монодисциплинарната и згрижувачката дејност. Во прашањето не се наведени компензацијата и интервенцијата, заради помалата употреба на тие поими во праксата.

Монодисциплинарната дејност би се ограничувала на работа со една категорија на странки. Заради тоа беше битен одговорот на прашањето "Со кои категории на странки би можеле да работат доброволците во соработка со социјалните работници?" Одговорите се споредувани со образованието на социјалните работници.

Таб. VII Образованието на социјалните работници и нивното мислење за категориите кои треба да бидат опфатени со доброволната социјална активност Н = 144

| Категории | ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Средно | % | ВСШ | % | Високо | % | Друго | % | Вкупно |
| 1. Стари лица | 1 | 1 | 35 | 35 | 63 | 63 | 1 | 1 | 100 |
| 2. Материјално необезбедени | - | - | 35 | 42,2 | 47 | 56,6 | 1 | 1,2 | 83 |
| 3. Зависности и проституција | 1 | 1,8 | 15 | 26,8 | 39 | 69,6 | 1 | 1,8 | 56 |
| 4. Инвалидитет | 1 | 1,8 | 11 | 20,4 | 41 | 75,9 | 1 | 1,9 | 54 |
| 5. Малолетничка деликвенција | - | - | 12 | 30,0 | 28 | 70,0 | - | - | 40 |
| 6. Воспитно - социјални проблеми | 1 | 3,2 | 10 | 31,2 | 21 | 65,6 | - | - | 32 |
| 7. Пречки во психо - физичкиот развиток | - | - | 6 | 21,4 | 22 | 78,6 | - | - | 28 |
| 8. Самохрани родители | - | - | 10 | 29,4 | 24 | 70,6 | - | - | 34 |
| 9. Нема податоци | - | - | 2 | 33,3 | 4 | 66,7 | - | - | 6 |

* Секој од испитаниците можеше да даде повеќе од еден одговор.

Како што се гледа од горната табела не постои разлика помеѓу размислувањата на социјалните работници со виша и висока школска подготовка. Испитаниците со виша школа се издвојуваат со потреба за доброволна работа, посебно со деца со воспитно - социјални проблеми и

малолетни деликвенти, додека пак високообразованите лица изразуваат потреба за работа со лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој и со инвалидни лица. Двете групи сметаат дека доброволецот не може да се вклучи во работа со семејства каде што се нарушени брачните односи или се води бракоразводна постапка.

Во поглед на вклучување на доброволци во социјалната работа на прво место, како впрочем и во сите извештаи од светската литература, се пласира работата со стари лица, потоа работата со материјално необезбедени семејства, лица зависни од дрога и алкохол, воспитно - запуштени деца и малолетни деликвенти.

Се разбира дека секој конкретен случај во социјалната дејност е многу комплициран и многупати едно исто семејство се наоѓа како носител на повеќе социјални потреби. При нашата категоризација се мисли на проблеми во генерална смисла.

На сличен начин можат да се разликуваат ставовите на социјалните работници со високо образование од ставовите на лицата со виша школа во однос на учеството на доброволците во фазите на социјалната работа.

Таб. VIII Степенот на стручна подготовка на испитаниците и нивниот став спрема учеството на доброволците во одредена фаза на социјалната работа Н = 144

| Стручна подготовка | Фази во социјалната работа | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Откр. на случај | % | Анамнеза | % | Дијагноза | % | Терапија | % | Вкупно |
| 1. Средна | 2 | 100 | - | - | - | - | - | - | 2 |
| 2. ВСШ | 53 | 67,1 | 2 | 2,5 | 12 | 15,2 | 12 | 15,2 | 79 |
| 3. Висока | 73 | 69,5 | - | - | 7 | - | 37 | 29,5 | 104 |
| 4. Друго | 1 | 100,0 | - | - | - | - | - | | 1 |

* Секој од испитаниците можеше да даде повеќе од еден одговор.

Од табелата се гледа дека местото на доброволците исклучително е резервирано во фазата на откривање случај и учеството во терапијата, додека изготвувањето на анамнезата и донесувањето дијагноза се резервирани за стручните лица. Разликата помеѓу социјалните работници со високо и социјалните работници со виша подготовка е во тоа што високообразованите социјални работници во поголема мера го прифаќаат учеството на доброволците.

Меѓутоа, не постои разлика во поглед на потребата од постоење на доброволна социјална работа. Прегледот кој е овде доставен убедливо докажува за потребата од постоење на доброволна социјална работа.

Преглед бр. 6 Мислење на социјалните работници за постоење на доброволната социјална работа

а) доброволна социјална работа треба да постои 72,2%;

б) развојот на социјалната работа бара доброволната работа да се развива 9,7%;

в) социјалните работници треба да работат на доброволен план 4,9%;

г) невработените социјални работници можат да ја извршуваат таа дејност 3,5%;

д) доброволната работа не е потребна 6,2%;

ѓ) доволно е да се работи на доброволен план во хуманитарни организации 2,1%;

е) без одговор 1,4%.

Позитивниот одговор на прашањето под а) и б) ја потврдува нашата претпоставка за задолжително воведување доброволна социјална работа.

Во теоретскиот дел од оваа дисертација посветено е внимание и на образованието на волонтерите. Социјалните работници кои се прашувани дали

постои потреба од подготовка на доброволците, во 129 случаи одговорија позитивно (89,5%). Одговорот не е зависен од образованието, ниту од работниот стаж.

Интересно беше сознанието со кои методи или методски комплекси би требало да се служат во својата секојдневна активност доброволците според мислењето на социјалните работници.

Кога се разгледува овој проблем во зависност од образованието на социјалните работници, се покажува дека социјалните работници со висока школска подготовка во поголема мера се убедени дека доброволците можат да се вклучуваат и да применуваат одредени методи на работење.

Вкупно 69 испитаници сметаат дека волонтерите можат да ја применуваат методата на социјална работа со поединец (47,9%), додека пак во 58 случаи (40,2%) можат да се служат и учествуваат во реализацијата на методата на работа во заедницата и во 26 случаи (18%) можат да земаат учество во групна социјална работа. Како што се гледа, во социјалната работа од страна на волонтерите се преферира учеството во работа со поединец и во локалната заедница (7,6% не дадоа одговор на прашањето). Запрашани зошто се преферираат само две класични методи во работата, одговорот беше мошне едноставен: бидејќи групната социјална работа бара посебна подготовка, добро познавање на социјалната психологија и дека двете методи се својствени и подобни за работа со доброволец.

Едно од битните прашања во ова истражување беше да се испита ставот на социјалните работници спрема организацијата на работата на доброволците.

Во тој поглед се добиени следните одговори:

- 62,5% од испитаниците сметаат дека секој центар треба да има група доброволци кои би ги вклучувале во својата работа;

| | |
|---|---|
| – 24,3% од испитаниците | сметаат дека секој социјален работник треба да има свои соработници - доброволци; |
| – 8,3% од испитаниците | сметаат дека доброволната работа може да се извршува надвор од центарот; |
| – 4,2% од испитаниците | сметаат дека доброволците можат да дејствуваат како "продолжена рака" на центрите вклучувајќи се во работата по работното време, во празнични денови, во т.н. "part time"; |
| – 0,7% од испитаниците | се без одговор. |

Во овој поглед не е добиен одговор само од еден испитаник. Одговорот на поставеното прашање како што е анализирано не зависи ниту од стажот во работењето, ниту од образованието.

Начинот на изборот на доброволците спрема истражуваната популација би бил најсоодветен кога потенцијалните доброволци би биле:

| | |
|---|---|
| – лично заинтересирани за таа дејност | 18%; |
| – пројавуваат желба за помош на други лица | 10,4%; |
| – стручно се подготвени | 11,8%; |
| – имаат одреден углед во општеството преку својата личност | 4,8%. |

На поставеното прашање социјалните работници одговориле на два начина укажувајќи на потенцијалните карактеристики на волонтерот и на самиот начин на нивниот избор:

| | |
|---|---|
| – преку интервју и разговор | 11,1%; |
| – јавно информирање и повик | 9,0%; |
| – преку центри за социјална работа | 3,4%л; |
| – преку училишта, најдобри во ЦК и МЗ | 4,1%. |

Треба да се забележи дека на ова прашање голема група од испитаниците не дадоа договор (34%).

Во стручната и научната литература многу често се анализира од кои социјални групи потекнуваат доброволците. На ова прашање испитаниците одговорија дека главно не може да се определи од која социјална група ќе се јават потенцијалните доброволци. Во ова истражување исто така важна тема беше мислењето на социјалните работници за учеството на доброволците во контактирањето со својата национална средина. Бидејќи сé повеќе самата социјална работа е и ќе биде поврзана со решавањето на меѓучовечките односи, треба да се знае каде е местото на доброволецот, дали во својата средина заради познавањето на јазикот, обичаите и менталитетот (таква пракса е присутна во работата во САД, Англија итн.) или тоа нема никаква важност. На прашањето дали заради повеќенационалниот состав на населението доброволецот треба да работи во својата средина, добиени се многу интересни одговори кои се споредени со работниот стаж на социјалните работници.

Таб. IX Работен стаж на социјалните работници и нивното мислење за работата на доброволците во нивната национална средина Н = 144

| Став на доброволците | РАБОТЕН СТАЖ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | До 1 г. | До 5 г. | До 10 г. | До 15 г. | Над 15 г. | Вкупно | Структура во % |
| Треба | 2 | 1 | 15 | 24 | 34 | 76 | 52,9 |
| Не треба | 2 | 5 | 9 | 7 | 13 | 36 | 25,0 |
| Тоа не е битно | - | 1 | 1 | 3 | 7 | 12 | 8,3 |
| Нема искуство | - | - | 1 | 2 | 5 | 8 | 5,5 |
| Нема одговор | - | - | 4 | 2 | 6 | 12 | 8,3 |
| Вкупно | 4 | 7 | 30 | 38 | 65 | 144 | 100 |

Се забележува дека должината на работниот стаж нема големо влијание врз ставот на социјалните работници и дека доброволецот треба да работи во својата национална средина.

## 2.4. Доброволна работа ”да” или ”не” - според мислењето на експертите

Сé почесто во научните истражувања се конфронтираат ставовите на стручните профили вработени во одредена дејност со мислења на лица кои во истата дејност имаат оформена позиција (поради својата функција) или во одредена област имаат улога на носители на најсовремени идеи и правци. Ваквите профили на лица често ги нарекуваме експерти. Во ова истражување како експерти беа избрани стручните лица вработени во Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности и директорите на сите центри за социјална работа во Македонија.

Во претставеното истражување, со помош на анкетата зедоа учество 32 лица според следната професионална подготвеност: 16 социјални работници, 6 педагози, 4 правници, 4 психолози, 2 социолога. Карактеристиката на експертите според работниот стаж и пол е претставена на следниот начин:

Таб. X Експерти - според полот и работниот стаж Н = 32

| Пол | РАБОТЕН СТАЖ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | До 1 г. | Од 1 - 5 г. | Од 5 - 10 г. | Од 10 - 15 г. | Над 15 г. | Вкупно |
| Женски | 1 | 1 | 1 | 4 | 7 | 14 |
| Машки | - | 4 | 1 | 2 | 11 | 18 |
| Вкупно | 1 | 5 | 2 | 6 | 18 | 32 |

Може да се заклучи дека и двата пола се рамномерно застапени како стручњаци во областа на социјалната заштита. Од 32 испитаника само двајца не се согласуваат со постоењето на доброволната социјална работа со следново образложение:

"Професионалната работа претставува квалитет и поголем степен на одговорност, додека доброволната работа има краток здив" (маж, 15 г. стаж во социјална заштита).

"За доброволната работа се потребни покомплексни подготовки за ангажирање. Освен тоа, секој труд треба да се наплаќа" (маж 50 г., 27 години во социјална заштита).

Во поглед на вклучувањето на доброволците во социјалната работа, постоеја следниве мислења на експертите:

Таб. XI Вклучување на доброволците во социјалната работа според мислењето на експертите Н = 32

| Пол | Вид доброволна активност | | | Нема одговор и друго | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Комплемен. | Суплементар. | Самостојна | | |
| Женски | 8 | 4 | - | 2 | 14 |
| Машки | 3 | 7 | 2 | 6 | 18 |
| Вкупно | 11 | 11 | 2 | 8 | 32 |

Како што може да се види од табелата, во искажувањата на експертите се присутни сите видови на доброволна активност. Под "друго" се подразбира вклучување на доброволците од хуманитарните и општествените организации.

Интересно беше прашањето "Како би требало да изгледа комплетната соработка помеѓу доброволците и социјалните работници од центарот?" На ова прашање се добиени следниве одговори:

- секој центар за социјална работа има свои доброволци со кои располага според потребите 50%;
- секој социјален работник има свои соработници - доброволци 21%;
- доброволецот претставува "продолжена рака" на социјалниот работник 28%.

Сите испитаници се согласни во тоа дека доброволците претходно мораат да бидат подготвени за својата дејност (81% од експертите сметаат дека е потребна претходна подготовка, а 12,5% дека не е потребна). Само двајца од испитаниците сметаат дека подготовката може да се одвива во текот на самата доброволна активност.

Што се однесува до категориите на лица со кои би можеле да работат доброволците:

- 34,3% сметаат дека може да се работи со сите странки;
- 62,5% сметаат дека може да се работи со одредени странки при што самиот центар треба да реши за тоа;
- 3,2% немаат одговор.

За доброволецот најсоодветно место за активност е превентивната дејност (84,3% од испитаниците).

Што се однесува до бројот на странките со кои би можеле да работат доброволците, мислењата се поделени: 50% сметаат дека истовремено треба да се работи со една странка, а 50% од испитаниците сметаат дека треба да се работи со повеќе странки.

При изборот на доброволци кои се вклучуваат во работата во центрите, треба да се раководиме од следните критериуми:

- според нивна желба 19 од експертите;
- според нивната морална и општествена подобност 9 од експертите;
- според подготвеноста 8 од експертите.

Треба да се напомни дека секој од испитаниците можеше да даде повеќе одговори.

Начинот на кој би се јавиле доброволци би бил:

- преку јавен повик 12 испитаници;
- преку избор од постоечките редови на активистите од општината или месната заедница 14 од испитаниците;
- преку вклучување на невработени социјални работници 3 од испитаниците.

На прашањето упатено до експертите дали доброволците треба да работат во својата национална средина, 19 од нив се изразија позитивно, 10 сметаат дека не треба, додека 3 лица забележуваат дека тоа зависи од проблемите кои се решават.

## 2.5. Разлика помеѓу социјалните работници и експертите во однос на доброволната работа

Се поставува прашање "Дали постои усогласеност на мислењата помеѓу социјалните работници и експертите во однос на вклучувањето на доброволците во социјалната работа?" Ваквата споредба е битна заради донесување на конечни заклучоци врз кои може да се даде предлог за доброволната дејност.

Однапред може да се каже дека нема поголеми разлики во мислењата помеѓу експертите и социјалните работници.

**Слични мислења се однесуваат и за:**

- **видовите** на социјална работа во која можат да се вклучуваат доброволци. И во едната и во другата испитувана група преовладуваше ставот дека најсоодветна за доброволците е превентивната дејност (84,3% експерти и 78,4% социјални работници);
- **категориите** на странки со кои може да работи социјалниот работник. Социјалните работници, пред сé со високо образование, а исто така и експертите сметаат дека волонтерите можат да работат со сите

категории на странки, освен во ситуација на нарушени брачни односи и за време на бракоразводна постапка;

- **постоењето** на доброволната активност во социјалната работа. Во популацијата на социјални работници ова мислење го презентираат 81,9% испитаници, додека кај експертите 93,7%;
- **подготовка** на волонтерите за активност. Во овој поглед е добиен позитивен одговор од 89,5% социјални работници и 81% експерти;
- **група доброволци** со кои располага центарот. Со ова мислење се согласуваат 62,5% од социјални работници и 50% од експертите;
- **желбата и интересот** се најбитен фактор во изборот на доброволците.

На ова прашање позитивно одговорија 59,3% експерти и 28,4% социјални работници.

Анализирајќи го материјалот се добива впечаток дека постои поврзаност помеѓу работниот стаж на сите испитаници и мислењето дека доброволецот треба да дејствува во својата национална средина.

Последната зависност е обработувана применувајќи го тестот $x^2$.

Таб. XII Работниот стаж на социјалните работници и експертите и нивното мислење за работата на доброволците во нивната национална средина H = 176

| Работен стаж | Став на социјалните работници и експертите | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Треба да работи во своја нац. средина | Не треба | Тоа не е важно | Нема искуство | Нема одговор | Вкупно |
| До 1 г. | 2 | 3 | - | - | - | 5 |
| Од 1 - 5 г. | 3 | 8 | 1 | - | - | 12 |
| Од 5 - 10 г. | 16 | 9 | 1 | 1 | 4 | 31 |
| Од 10 - 15 г. | 27 | 7 | 4 | 2 | 2 | 42 |
| Над 15 г. | 48 | 18 | 7 | 5 | 8 | 86 |
| Вкупно | 96 | 45 | 13 | 8 | 14 | 176 |

$x^2 = 20,60$ $c = 0,104$ $p = 0,05$

Овде хипотезата не се потврдува. Не постои статистички значајна поврзаност помеѓу должината на работниот стаж на испитниците и нивното мислење за работата на доброволците во својата национална средина.

При обработка на материјалот се добива впечаток дека се различни мислењата на експертите и доброволците за видот на доброволната активност во центрите за социјална работа. Зависноста е анализира исто така со тестот $x^2$.

Таб. XIII Социјалните работници и експертите за видот на доброволната активност во центрите за социјална работа H = 176

| Група | Вид доброволна активност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Комплементар. | Суплементар. | Самостојна | Нема одговор | Вкупно |
| Социјални работници | 139 | - | 5 | - | 144 |
| Експерти | 11 | 11 | 2 | 8 | 32 |
| Вкупно | 150 | 11 | 7 | 8 | 176 |

$x^2 = 96{,}54$ c = 0,596 p = 0,05

Од резултатите се гледа дека постои статистички значајна разлика помеѓу социјалните работници и експертите во поглед на карактерот на доброволната активност во центрите. Социјалните работници се залагаат за комплементарен вид волонтерство, додека пак експертите го потенцираат суплементарниот и самостојниот карактер на доброволната работа.

## 2.6. Акционо истражување

Акционото истражување претставува мошне интересна методолошка постапка која бара од сите ”актери” вклучување во акција со максимално ангажирање и одговорност.

Кога се спроведува акционо истражување од страна на државни или приватни (со постојано вработени лица) институции, сите учесници се

овластени за својата дејност и се наградувани. Дали сите овие правила се почитуваат во моментот кога дел од учесниците на акцијата се доброволни соработници?

Почитувајќи ги принципите на доброволната активност, пред сé: принципот на јавното утврдување на својата доброволност и можноста за напуштање на својата работа (стр. 52), координаторот на акцијата се наоѓа во ситуација на постојана неизвесност во однос на резултатите, текот на истражувањето и активностите кои влијаат врз успешноста на акцијата.

За социјалните работници вработени во центарот ваков вид акција претставува дополнителен ангажман, која во некоја мера исто така може да биде наречен како доброволен ако пред тоа не е предвидена во програмата на работата на центарот.

Како што е нагласено во методолошкиот дел од трудот, акционото истражување се изведува според претходно утврдени фази.

Описот на извршените активности кои беа преземани во секоја фаза даваат целокупна слика на акционото истражување.

**А. Дијагноза**

Според расположливиот материјал во нашата Република, бројот на материјално загрозените семејства постојано се зголемува. Со програмата од страна на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија "Заштита на социјално загрозеното население" (Програма, 1992) во 1993 година беше опфатено приближно 1% од населението (ако едно просечно семејство брои 4 членови, тогаш овој процент се зголемува на 4%). Исто така постојано расте и бројот на лицата што се материјално необезбедени. Индексот за 86/90 г. изнесуваше 245,9, а просечната годишна стапка на пораст 25,2

(Извештај, 1991). Во 1992 година бројот на класичните корисници на социјална заштита изнесуваше 1,76% (Преглед, 1993).

Според сознанијата на авторот, врз материјално загрозените семејства и нивните деца не беше применувана посебна волонтерска дејност. Исто така и во странската литература ретко се сретнуваме со тој вид дејност. Како што е истакнато во методолошкиот дел за материјално загрозените семејства, под овој поим се подразбираат не само лица неспособни за работа, материјално необезбедени, туку исто така и семејства на самохрани родители, деца со воспитно - социјални проблеми кај кои материјалната состојба, според оцена на социјалниот работник, е под просечното ниво во Републикава.

**Б. Активирање учесници во истражувањето**

Во истражувањето зедоа учество 10 социјални работници од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа - Скопје. Се јавија 30 доброволци, студенти од I година на Филозофскиот факултет. Како координатор на акцијата беше авторот на тезата. За време на акцијата 5 доброволци се откажаа.

При изборот и понатамошната работа со доброволците се настојуваше да се почитуваат следните права на доброволците:

- да се биде волонтер независно од полот, возраста и финансискиот надоместок;
- да се работи таков вид дејност за која посебно е заинтересиран волонтерот;
- да се биде не само волонтер, туку и супервизор на активноста (види стр. 52).

**В. Прогноза и планирање**

Во оваа фаза на акционото истражување беше предвидено да се определи подрачјето на истражувањето, да се подготват самите социјални работници и

да се изврши избор на социјални случаи според одредени критериуми како: материјална загрозеност, деца на училишна возраст, загрозување на биосоциокултурниот развој на децата - според оцена на социјалниот работник.

Неопходно беше и запознавање помеѓу студентот - доброволец и социјалниот работник, потоа договорот за комуникациони врски и запознавање со случајот. Овие контакти ги планираше, организираше или директно учествуваше во нив социјалниот работник.

Исто така беа организирани и состаноци со доброволците на кои се изврши запознавање со идеите на акцијата и со комплетните задачи (групна и индивидуална консултација).

Тогаш се покажа дека многу битен фактор кој влијае врз прифаќањето на одреден случај е близината на местото на живеење помеѓу доброволецот и семејството.

Во оваа фаза беше подготвен и инструментот за процена на постоечката ситуација во семејството и презентиран начинот за неговата употреба.

**В.1. Инструмент за процена**

Во овој труд е применуван инструментот за процена (мерење, скалирање) кој е разработен од страна на полскиот социјален педагог Marynowicz E., (Marynowicz - Hetka E., 1986).

Инструментот е наменет за оценување на прагот на загрозувањето на биосоциокултурниот развој на детето во семејството. Авторката смета дека задачата на социјално - воспитните институции е давање помош и поттикнување на биолошкиот, социолошкиот и културниот развој на децата во семејството. Сите тие дејствувања директно влијаат врз психолошкиот развој на детето.

Поимот праг или ниво на загразување означува степен на кој се акумулираат негативните елементи и влијанија на средината во која живее странката (Franc: "Seuil pathologique" или ”seuil critique”).

Инструментот се состои од осум основни синдроми кои го карактеризираат однесувањето на родителите спрема децата како: нега на развојот, компензација на физичките недостатоци, поттикнување на развојот, воведување во општествените улоги, формирање просоцијални ставови, развивање интелектуални и естетски вредности, воведување во вредностите на културен план и пренесување на моралните принципи и норми, а исто така и вклучување во институционалните активности.

Секој синдром има одредени елементи и показатели кои го карактеризираат синдромот, а исто така тој е разгледуван на три нивоа кои ја претставуваат ситуацијата во самото семејство, имено на кое ниво се наоѓа семејството. Тоа се: предупредувачки праг,назаден праг и критички праг.

Со употреба на инструментот може на квалитативен начин да се одреди општата ситуација која владее во семејството.

Инструментот претходно беше спроведен во пилот истражувањата, објавени како дипломски теми во Институтот за социјална работа и социјална политика за да се утврди неговата валидност (Дипломска работа, 1992).

Конкретно, во нашето истражување инструментот беше искористен на сосема друг начин. Имено, по утврдувањето на нивото на загрозување, доброволниот соработник имаше задача заедно со координаторот и по потреба со социјалниот работник да започне терапија со семејството. Инструментот ја опфаќа целокупната ситуација на семејството која се однесува за можностите во него правилно да се одвива биосоциокултурниот развој на детето.

Задачите на доброволните соработници беа да дејствуваат во правец - одредено семејство да премине:

- од критички конназаден праг;
- од назаден кон предупредувачки праг и
- од предупредувачки праг кон поволна состојба.

Воедно, улогата на волонтерот имаше не само социјален туку и воспитен карактер. Според самиот автор на инструментот се претпоставува дека помошта која му се дава на детето е истовремено помош упатена кон семејството.

**В.2. Подготовка за извршување на волонтерската дејност**

За време на состаноците со волонтерите (надвор од центарот) целата стручна и општа подготовка беше насочена кон целокупната ситуација во семејството и посебно за ситуацијата на децата во семејствата. Според нашето искуство и знаењето за младите волонтери, семејната средина како една од воспитните и социјалните средини е најпозната и на некој начин најблиска.

За време на контактите со доброволците се укажуваше на некои најбитни аспекти на волонтерската дејност. Исто така се укажуваше и на:

- дејствувањето на волонтерите да се насочи во правец на санирање, ублажување или отстранување на актуелните негативни настани во семејството (акутни проблеми);
- целосната мобилизација мора да се однесува и на превентивни дејства. Преку превентивното дејствување да се неутрализира или отстранат негативните елементи кои ја сочинуваат средината на детето, а кои влијаат врз неговиот биолошки, социјален и културен развој;
- посебно внимание треба да им се посвети на оние елементи од постоечката стварност кои директно не го предизвикуваат

загрозувањето на развојот, а сепак во иднина можат да се одразат врз овој развој.

Инструментот за дијагностицирање истовремено ги посочува задачите кои треба да се преземаат во волонтерската дејност со семејствата.

Во заедничките дискусии волонтерите беа многу креативни во изнаоѓањето на нови форми за поттикнување на развојот на децата во загрозените семејства.

Заеднички е решено дека задачите ќе се сконцентрираат врз:

- промена на материјално - економските услови;
- можности за санирање на станбените услови за живеење;
- знаењето за хигиенските норми и нормите за исхрана;
- здравствената состојба на децата;
- компензацијата на физичките и психичките недостатоци;
- поттикнување на физичкиот и психичкиот развој;
- односите и атмосферата во семејството;
- условите за исполнување на училишните обврски;
- слободното време на децата;
- развивањето на културните и естетските вредности;
- учеството во културни и општествени настани.

Се разбира дека секогаш во работата со поединечно семејство може да се применуваат и други дополнителни форми.

**Г. Социјална акција**

По горепрезентираните подготовки, доброволците ја започнаа социјалната акција. Секој волонтер доброволно работеше и работи со семејство консултирарјќи се со координатор и социјален работник.

**Г.1. Прием на доброволци**

Најчесто доброволците беа добро прифаќани од страна на семејствата. Во запознавањето помеѓу доброволецот и семејството учествуваше социјален работник, иако во некои случаи овој контакт се одвиваше без нивно присуство.

Во почетните средби многу често се јавуваше недоверба од самите семејства бидејќи доброволците се релативно млади (19 - 25 г.). На родителите им се чинеше дека толку млади лица не се во состојба да им помогнат на нивните деца.

За сето време во контактите со доброволците преовладуваше една доза на пасивност. Тие сметаа дека ништо не може да се промени во нивната животна ситуација и при секој контакт се зборуваше на таа тема.

Најчестата пречка која се јавуваше во сите контакти со семејствата е нивната честа неприсутност дома. На истото укажуваа и социјалните работници кога се работи за сиромашни семејства. Во првите контакти со доброволците, пред сé се настојуваше преку контактот со волонтерите да се обезбеди парична помош од некоја институција или од хуманитарни организации. За време на истражувањето во Македонија освен постоечките општествено - хуманитарните институции престојуваат и други странски хуманитарни институции. Тоа се: Католичките служби за помош, Каритас, Меѓународниот Црвен крст и црвената полумесечина итн. Исто така голем број од родителите укажуваа на неправилностите кои се присутни при распределбата на помошта и преку волонтерите се бараше отстранување на тие неправилности.

Треба да се напомни дека еден дел од доброволците многу длабоко ги доживуваа првите контакти со семејствата, особено во ситуација кога семејството за кое беа одговорни се наоѓаше во комплицирана животна состојба.

Во своите споменари доброволците пишуваа:

"Првпат видов таков неред во една куќа. Родителите на децата за кои треба да се грижам изгледаат како оглушени" (сл. 11).

Сепак доброволците беа задоволни од контактите со семејствата за што потврдува и една од изјавите:

"Бев добро примена. Кога им дадов на децата книги тие беа многу радосни. Ме испратија до автобуската постојка и секогаш тоа го правеа" (сл. 10).

**Г.2. Контакт со социјалните работници**

Индивидуалните средби со социјалните работници беа организирани пред сè преку координаторот. За време на контактите станувааше збор за подетална информација на случаите, а исто така и проверка на адресите. Понатаму контактите беа остварувани помеѓу доброволците и социјалните работници со заедничка посета на семејствата. Неколкупати во заедничките средби учествуваа по тројца партнери: социјален работник, координатор и доброволец. Најчесто за време на ваквата средба беа разрешувани одредени проблеми или наоѓани заеднички решенија.

Во тој момент се одвиваше вистинска стручна дискусија за проблемите на одредено семејство при што секогаш се настојуваше заклучното мислење да го изрази социјалниот работник.

Во самата комуникација со социјалните работници вработени во центарот се забележува дека еден дел од нив прифаќа соработка и настојува да ги мотивира доброволците за успешна работа, а пак друга група работи на тој начин само да не ги наруши формалните односи помеѓу тројцата партнери, без посебна заинтересираност за волонтерската активност.

## Г.3. Контакт помеѓу доброволците и координаторот

Координаторот во ова истражување настапуваше во две улоги: како координатор на истражувањето и како координатор на волонтерската дејност. Како координатор на акцијата се грижеше за правилниот тек на акцијата. Во индивидуалните контакти со доброволците еднаш неделно во одреденото време за консултации, координаторот настојуваше да ги поттикне учениците на акција и да ги поттикне умешностите за:

- успешно водење разговор и активно слушање;
- давање психичка поддршка на странките;
- координирање со дејствувањата кои позитивно влијаат врз решавањето на проблемите.

Исто така во индивидуалните разговори е потенцирано да им се пренесат на волонтерите основните содржини од главните принципи на социјалната работа како: принципот на почитување на професионалната тајна, принципот на почитување на личноста на странката, принципот од помош до самопомош.

## Г.4. Заеднички средби помеѓу волонтерите и координаторот

Беа организирани заеднички средби помеѓу волонтерите и координаторот со цел да се дообјаснат или разјаснат некои ситуации или настани кои се појавуваат за време на волонтерската активност.

Нашата комуникација главно се концентрираше главно врз задачите и целите кои произлегуваа од употребуваниот инструмент.

Констатирано е дека волонтерите имаат основни познавања за социјалната, воспитната и психолошката улога во семејството.

Во заедничките средби при примена на методата на усмено излагање (предавање, објаснување, известување) и методата на разговор (дискусија, спонтани прашања) се настојува да се обрне внимание главно на:

- анализа на еден случај (не сите одеднаш);
- мотивирање за понатамошна работа;
- укажување на почитување на одредени принципи од бон - тон спрема странките (точност и присутност според договор).

Исто така максимално се настојуваше координаторот да ги запази сите начела на бон - тон спрема волонтерите (присутност на консултации, точност, срдечност итн.).

Како што е познато, а и од искуствата од другите координатори од предметната литература, најважно е учењето преку самата пракса во контакт со социјален работник.

**Г.5. Биосоциокултурниот развој на децата во семејството**

Од добиените резултати на испитувањето (инструментот, социјалната анамнеза и дневниците на волонтерите) може да се направи една компактна слика на семејствата со кои работеа доброволците и за биосоциокултурниот развој на вкупно 77 деца од 25 семејства.

Сепак, треба да се напомни дека секое семејство со своите проблеми и тешкотиите кои го карактеризираат е на некој начин уникатно. Интеграцијата на чинителите кои го формираат проблемот или негативниот настан е својствено за секое семејство посебно. Секој проблем присутен во семејството има повеќе аспекти. Често не можат да се систематизираат бидејќи самите членови на семејството не знаат да ги објаснат и да ги оценат.

**а) Биолошки развој**

Настојувањето правилно да се одвива биолошкиот развој на децата во нивните семејства може да се разгледува преку три синдрома кои кумулираат одредени соодветни показатели. Синдромите се: нега на развој, компензација на физичките недостатоци и поттикнување на развојот. Најкарактеристични белези на семејната средина кои влијаат врз правилниот развој на децата се: материјалните услови на семејството, станбените услови, знаењето на родителите за хигиенските навики и грижа за здравјето на децата, а исто така и познавањето на основните принципи на исхрана, остварување на условите за физичка рекреација, санирање на физичките и психичките недостатоци во развојот.

Од претставеното истражување се гледа дека материјалните услови во 25-те испитувани семејства се мошне неповолни. Осум семејства се корисници на постојана парична помош која ги задоволува основните животни потреби. Во последно време овие осум семејства, плус едно кое се води под Бирото за вработување се опфатени и со помош од хуманитарните организации (пакети со храна, хигиенски средства). Пет семејства живеат од инвалидска пензија која е нерегуларно исплаќана. Во шест семејства работи само едниот родител, а три од нив во последно време го загубија правото на постојана парична помош. Две семејства се издржувани од своите родители. Во сите случаи приходите се многу ниски т.е. се доближуваат до минималниот стандард.

Материјалната ситуација ја прикажуваат следните описи во дневниците на доброволците:

"Денес странката се води под Бирото и прима приближно 900 ден. и двапати годишно по еден пакет. Има три деца на 5, 8, 16 - годишна возраст" (сл. 20).

”И самиот произведува парфеми и ги продава на тезгите на пазарите. Тоа засега е единствен приход за 5 - членото семејство каде што сопругата е тешко болна, а едно од децата е во Болница за душевни болести” (сл. 11).

Станбените услови можат да се сместат на критичкиот праг. Во 11 семејства густината во местото на живеење изнесува над 2,5 лица во една соба, што според студиите на P. H. Chaumbart de Lauwe претставуваат патолошки услови за живот (Marynowicz E, 1986, сл.32).

Повеќето од семејствата од покуќнина се опремени само со основен намештај. Во 5 случаи опременоста се оценува како примитивна.

”Во стан од 40 метри квадратни живее семејството на Б. кое се состои од маж (конкубин) и 5 деца (6, 9, 12, 17, 21 г.). Во станот има многу влага и непријатна миризба” (сл. 2).

”Семејството живее во куќа во која се употребува само една соба каде што се готви, спие и работи. Собата е опремена само со шпорет, маса со столови, два кревета и шкафче” (сл. 25).

”Заедно со родители во едnособен стан живеат седум деца. Во собата има два импровизирани кревета, еден шпорет, телевизор и радио” (сл. 10).

Запознавањето на родителите за основните хигиенски норми и нормите за исхрана можат да се сместат на предупредувачко и назадно ниво.

Само во половина од семејствата децата имаат дневно по еден топол оброк, а исто така спијат посебно. Во шест семејства нема никакви услови за одржување на хигиената на децата.

Анализирајќи ја здравствената состојба на децата треба да се заклучи дека многу често се среќаваат пречки во психичкиот и физичкиот развој, душевни болести кај децата, а од соматските болести преовладуваат: туберкулозата и хроничните заболувања на респираторниот систем.

Во посматраните семејства апсолутно е запоставена компензацијата на физичките недостатоци на децата. Треба да се напомни дека овој проблем станува сé позначаен, бидејќи нагло се зголемува бројот на децата со основно образование со разновидни пречки во психичкиот и физичкиот развој.

Во нашата дијагноза компензационите напори на родителите се на назадно ниво. Контактите со здравствените или психолошките институции на овој план се многу слаби. Не се ретки семејствата каде што децата не се опфатени со никаква помош. Родителите на децата кои посетуваат специјални училишта слабо соработуваат со наставниците. Родителите се советувани од страна на училиштата за начинот на ревалидација на децата, меѓутоа тие не ги исполнуваат дадените упатства.

Од ова истражување се гледа дека многу е запоставена активноста на родителите која се однесува на поттикнување на биолошкиот развој на децата. Остварување услови за физичка рекреација, организирање излети надвор од градот, организирање активни одмори речиси и не се присутни. Во половина од семејствата децата не се вклучени во ниедна од овие активности. Само во еден извештај се среќава информација: ”Малата Ј. летово била на одмор во детското одморалиште Мите Бошевски во Претор” (сл. 7).

Целокупната состојба на овој план може да се пласира на критичното ниво.

**б) Социјален развој**

Одговор на прашањето во што се состои залагањето за социјалниот развој на децата е многу сложен. Некои автори сметаат дека социјалниот развој означува постепено вклопување на единката во средината. Други автори сметаат дека социјалниот развој се одвива преку формирањето на просоцијалните ставови.

Во инструментот кој е употребен во дијагностицирањето направена е соодветна селекција на белезите кои во семејната средина влијаат врз

социјалниот развој. Социјалниот развој го сочинуваат два синдрома: воведување во општествените улоги и формирање на просоцијалните ставови.

Анализирајќи ги показателите на одредени синдроми, констатираме дека во посматраните семејства бројот на децата е просечен. Преовладуваат семејства со три деца. Во испитувањето не е застапено ромско семејство, а се опфатени две албански семејства.

Според психолошките истражувања семејствата до три деца се најсоодветни за формирање на социјалниот развој.

Сепак, самата структура на посматраните семејства во поглед на единствено татковство е комплицирано.

Во дневниците на доброволците може да се прочита и:

”Семејството го сочинуваат 4 членови: самохрана мајка со 3 деца. Сите деца се вонбрачни. Две деца се од еден татко, а третото дете е од друг татко” (сл. 8).

”М. има 4 деца од кои само најстарата ќерка има утврдено татковство, додека на останатите три не им е утврдено татковството” (сл. 12).

Од 25 семејства 14 имаат комплицирана семејна структура каде што се среќаваат различни видови самохрани родители (партнер, брачен другар: умрен, разведен, вонбрачно семејство).

Останатите се формално потполни, сепак со различни девијации: алкохолизам (еден од родителите), болест (5 случаи). Во овие семејства преовладуваат конфликти со сепарација одвреме навреме. Во сите семејства преовладува пасивен став спрема животот и работата. Кај 10 семејства тој однос е особено загрижувачки. Во 17 случаи децата или немаат или имаат големи домашни обврски. Во некои семејства одговорноста врз помалите членови ја имаат преземено исклучително постарите деца.

”Семејството се состои од мајка (домаќинка), татко (пензионер) и 7 деца. Одговорноста за помалите деца ја преземаат постарите” (сл. 7).

”Во ова семејство домашните обврски ги исполнува најстарата ќерка во поглед на овластувањата и грижата за останатите” (сл. 12).

Во посматраните семејства најчесто децата немаат свое место за учење и играње. Дури во 16 семејства домашните задачи се пишуваат на заедничка маса на која истовремено се руча или работи нешто друго. Во останатите случаи за време на учењето се гледа ТВ, слуша радио во присуство на повеќе луѓе, соседи итн.

Понатаму во дневниците на доброволците може да се прочита:

”Условите за учење се многу лоши. Семејството, кое се состои од 7 деца, живее во една соба со кујна” (сл. 13).

”Мајката вели дека децата не можат редовно да ја посетуваат наставата затоа што таа нема средства да им купи книги или прибор. Заради тоа наставниците ги отстрануваат од наставата” (сл. 12).

Децата главно го имаат основниот училиштен прибор благодарение на помошта од страна на центарот за социјална работа, а во последно време и од разни хуманитарни организации. Меѓутоа, многу ретко децата поседуваат некои дополнителни помагала од училишниот прибор како што се глобус, атлас, лектири (само во едно семејство).

Во 14 семејства се забележува многу слаб интерес за успехот на децата во училиштето. Родителите комуницираат со училиштето само по повик од страна на наставниците или воопшто не контактираат.

Постојат и такви семејства каде што во многу сложени економски услови претежно мајките се грижат за напредувањето на своите деца.

”Мајката по операција од тумор и излив на мозокот, иако тешко болна редовно комуницира со училиштето и помага во учењето на двете ќерки колку што може” (сл. 17).

Во истото семејство една од ќерките ”тешко ја поднесува домашната ситуација особено во периодот кога мајката била во болница. Таткото постојано

е пијан. Во тоа време девојчето е малодушно и и се намалува телесната тежина” (сл. 17).

Се забележува дека освен во два случаја, татковците воопшто не се заинтересирани за школските успеси на своите деца.

Според посматрањето може да се каже дека во 13 семејства родителите во мала мера им посветуваат внимание на своите деца. Најчесто децата избегнуваат контакти со родителите: разговори, заедничка работа. Во поголем број семејства ставот на родителите е ”laisser faire” т.е. многу ретко децата се присутни во животот на родителите. Во 4 семејства ситуацијата е критична.

Во 16 анализирани семејства нема видливи конфликти, освен во две семејства и атмосферата меѓу нив е многу студена. Во останатите семејства има видливи конфликти или голема ригидност во поглед на контактите со средината , соседите и пријателите.

Во дневниците на доброволците исто така се забележува:

”Семејството е затворено, нема контакти со соседите. Децата не се прифатени од комшиските деца” (сл. 12).

”Единствена поддршка Б. има од баба и, која сепак живее посебно со делумно парализирана ќерка и нејзиниот син” (сл. 14).

Наспроти ова, еден од доброволните соработници забележува:

”Сите 4 членови (мајка плус 3 деца) се многу емоционално поврзани. За сите свои проблеми тие зборуваат и бараат совет од мајката” (сл. 7).

Во повеќето семејства нема видливи елементи на интеграција: заедничко прославување роденден или именден, заеднички ручеци, излети, донесување одлуки.

Во поголем број семејства исто така родителите несоодветно се однесуваат спрема своите деца. Педагошките методи се само во вид на казнување или целосен либерализам и незаинтересираност за децата. Се забележува голема неконсеквенција во воспитувањето. Мајката најчесто ги

брани децата пред таткото. Се оценува дека во 9 семејства сите живеат ”покрај себе” и не постои разбирање. Присутни се постојани конфликти. Татковците воопшто не се вклучени во домашните проблеми.

### в) Културен развој

Настојувањето правилно да се одвива културниот развој на децата е поврзано со следните особини на семејната средина: развивање на интелектуалните и естетските аспирации, воведување во културните вредности, пренесување на моралните норми и принципи и учество во активностите на културните институции од страна на децата. Анализирајќи ја ситуацијата во семејствата, доброволците констатираат дека пред сé семејствата воопшто не се снабдени со книги, списанија и весници. Освен училишните учебници на децата, нема ниту трага од некој друг печатен материјал.

Во 17 семејства родителите не се заинтересирани за слободното време на своите деца.

Искажувањето на едно дете ”па јас не седам овде (се мисли на столот), туку седам таму и ми покажува надвор на улицата и се смее” - го опишува еден од волонтерите (сл. 12).

”Од страна на мајката со психичко нарушено здравје Б. (13 г.) нема никакви обврски. Излегува кога сака. Мајката воопшто не се интересира”.

Во семејствата нема појава на посебни интересирања или хоби од страна на родителите или некој од најблиската средина. Децата не се поттикнувани за овој вид активност од страна на нивните родители и роднини. Децата немаат никакви модели во тој поглед.

Еден од показателите кои го сочинуваат синдромот развивање на интелектуалните аспирации е и нивото на образование на родителите.

Резултатите од нашето истражување во тој поглед не се толку загрижувачки. Во 15 семејства еден од родителите има барем основно образование (4 мајки средно, 2 татковци средно, а во 4 семејства двата родитела

имаат средно образование). Во 15 семејства, според искажувањата на доброволците, не постојат воспитни ситуации организирани од страна на родителите кои се однесуваат на воведување во моралните норми и вредности и проценување на однесувањето на другите лица. Кога веќе се забележува ваков начин на организирање на воспитните ситуации, тие имаат негативна конотација. Културната активност на семејствата е ограничена на гледање ТВ и слушање радио. Децата и родителите не учествуваат во општествено - културниот живот организиран од страна на училишните или другите институции и установи (11 семејства).

**Г.6. Рангирање на семејствата на одредени прагови (нивоа) зацртани во инструментот за дијагностицирање**

Употребувајќи го инструментот за дијагностицирање кој има квалитативен карактер, може да се направи обид за една квантитативна пресметка. Имено, инструментот се состои од 8 синдроми и 43 показатели. Секое семејство е рангирано според одреден показател. По целокупната процена на 25 посматрани семејства, може да се каже дека средно на еден показател на одредени прагови се наоѓаат:

| | |
|---|---|
| на предупредувачки праг | 10,09 семејства; |
| на назаден праг | 7,97 семејства; |
| на критички праг | 6,94 семејства. |

Овие резултати укажуваат дека разликите помеѓу праговите не се големи, а посебно помеѓу критичкиот и назадниот праг.

До интересни сознанија се дојде во моментот кога, искористувајќи ја процената од доброволните соработници, е направена квантитативна обработка на синдромите кои го сочинуваат целиот инструмент.

Анализата покажа дека најзагрижувачка состојба се јавува кај два синдрома кои се битни за биосоциокултурниот развој на децата: поттикнување на развојот и развивање на интелектуалните и естетските вредности.

Средната опфатеност на еден показател од определените синдроми е следна:

| | | |
|---|---|---|
| - поттикнување на развојот | предупредувачки праг | 6; |
| | назаден праг | 7,25; |
| | критички праг | 12. |
| - развивање на интелектуалните и естетските вредности | предупредувачки праг | 7,25; |
| | назаден праг | 8,25; |
| | критички праг | 9,50. |

Горепрезентираната состојба е претставена на графиконот и изгледа на следниот начин:

Графички приказ бр.1




Назадните нивоа се карактеристични за синдромите: компензација на физичките недостатоци (предупредувачки праг - 7, назаден праг - 13,66 и критички праг - 4,33) и вклучување во институционалните активности (предупредувачки праг - 5,5, назаден праг - 12,5 и критички праг - 7).

Ситуацијата во семејствата е претставена на следниот графикон:

Графички приказ бр.2




Средната опфатеност на еден показател во останатите синдроми изгледа на следниов начин:

- воведување во општествени улоги: предупредувачки праг - 10,1, назаден праг - 7,9, критички праг - 7;
- формирање на просоцијални ставови: предупредувачки праг - 11,3, назаден праг - 6,8, критички праг - 6,8;
- воведување во вредностите на културен план и пренесување на моралните принципи и норми: предупредувачки праг - 9, назаден праг - 9, критички праг - 7.

Темелната анализа на дијагностичкиот материјал укажува на кои полиња во одредени семејства треба да се работи. Целокупната анализа пак спроведена во посматраните семејства укажува дека во материјално загрозените семејства целокупниот развој на децата е спречен во однос на нивниот биолошки развој, потоа развивањето на интелектуалните и естетските вредности, моралните принципи и норми, а и исто така во помала мера во однос

на компензационата улога на семејствата и санирањето на физичките и психичките недостатоци и учеството на децата во институционалните активности.

**Д. Еволуација**

Во фазата еволуација, која впрочем не може едноставно да се одвои од фазата на акција, доброволците работеа со семејствата. Се поставува прашањето до која мера посетите, советите и заедничките активности со младите волонтери можат да им помогнат на релативно запоставените и пасивните семејства?

На ова место е битно да се напомни дека волонтерите сами се јавуваа за својата дејност без никакви притисоци. Нивната желба се совпадна со потребата за реализација од тој вид проект.

Работата на волонтерите имаше пред сè белези на индиректен третман, иако во некои фази овој третман преминува во комплексен.

Се надеваме дека со подобрување на состојбите во семејствата ќе се подобри ситуацијата на детето и тоа успешно ќе се развива.

Волонтерската работа со семејствата продолжува понатаму. Во оваа фаза можат да се оценат доброволните достигнувања по 9 - месечната работа (со пауза во летните месеци кога волонтерите - студенти се наоѓаа во своето место на живеење).

Оцената за постигнатите резултати во работата со семејствата е направена според нивните согледувања, согледувањата на координаторот и во некој дел и на социјалните работници.

Се смета дека најдобар начин на разгледување на резултатите е анализирањето на одредена шема со определени задачи, нивната реализација и соодветните забелешки.

| ЗАДАЧИ | РЕАЛИЗАЦИЈА | ЗАБЕЛЕШКИ |
|---|---|---|
| 1. Подобрување на материјалните и економските услови | 1.1. Разговори со социјален работник за доделување еднократна помош. | Странките се најзаинтересирани. |
| | 1.2. Помош од страна на хуманитарни организации. | Постигнат е резултат во 2 случаја. |
| | 1.3. Помош во рамките на заштитната програма од страна на Министерството. | Доделена (3 - пати). |
| 2. Станбени услови | 2.1. Преуредување на стан. | Главно нема инвестиции. |
| | 2.2. Поправки на намештај. | |
| | 2.3. Запазување на хигиената. | Тројца оценуваат позитивно. |
| 3. Познавање на принципите за исхрана | 3.1. Давање совети за потреба од топол оброк. | Странките се заинтересирани. |
| | 3.2. Разновидност во исхраната на децата. | Барање "рецепти" (4 - пати). |
| 4. Познавање на принципите на хигиена | 4.1. Совети за одржување на лична хигиена. | Странките главно се жалат дека немаат средства. Децата се заинтересирани. |
| | 4.2. Одржување заби. | |
| | 4.3. Начин на спречување на вошливост. | |
| 5. Облека на деца | 5.1. Одржување на чистотата на облеката. | Забележано е поправање во неколку семејства. |
| | 5.2. Складност во облекување. | |
| | 5.3. Чување облека - уредност. | |
| 6. Услови за спиење на децата | 6.1. Одделно спиење. | Резултатот е постигнат во 2 случаја. |
| | 6.2. Местење кревети. | |
| 7. Санитарен јазол | 7.1. Предупредување за санитарните јазли во становите. | Постигнат е резултат во 1 случај. |
| 8. Здравствена состојба на децата<br>Контакт со специјалистички установи | 8.1. Упатување во специјалистички установи | 1 случај |
| | 8.2. Разговор со логопед | 1 случај |
| | 8.3. Разговор со дефектолог | 1 случај |
| | 8.4. Посета во специјално училиште | 4 случаи |
| | 8.5. Регулирање на здравствено осигурување | 1 случај |

| ЗАДАЧИ | РЕАЛИЗАЦИЈА | ЗАБЕЛЕШКИ |
|---|---|---|
| 9. Компензација на физичките и психичките недостатоци | 9.1. Разговор со родители за потребата од компензација. | 5 случаи |
| | 9.2. Давање совети за рехабилитациони вежби. | 2 случаја |
| | 9.3. Заеднички логопедски вежби. | Повеќепати. |
| 10. Физичка рекреација на децата | 10.1. Можности за вклучување на децата во дополнителна настава. | 2 (со резултат). |
| | 10.2. Распоред на денот. | Со повеќе деца. |
| 11. Пренесување на позитивните ставови спрема животот | 11.1. Разговор со родители. | Повеќепати со слаб успех. |
| | 11.2. Настојување барем "малку" да се промени семејството во овој поглед. | |
| 12. Став спрема работата | 12.1. Настојување да не се работи во смени (со социјален работник во претпријатие). | Без успех. |
| | 12.2. Да се гради позитивен став спрема животот. | Преку разговори. |
| 13. Обврски на децата | 13.1. Кои обврски, за кого? | Разговори со деца и родители (повеќепати). |
| | 13.2. Укажување на обврските во семејството. | |
| | 13.3. Укажување на негативните страни од преголемите обврски. | |
| 14. Деца во улога на ученици | 14.1. Место за учење | Во сите случаи се настојува да се промени. |
| | 14.2. Уредност, чистота, распоред. | |
| | 14.3. Школски прибор и негова уредност. | |
| | 14.4. Дополнително работење со децата при учење. | 9 волонтери. |
| 15. Односот на родителите спрема детето кое е во улога на ученик | 15.1. Контакти со училишта. | 3 случаја |
| | 15.2. Разговори за успехот во учењето. | Во сите случаи се настојува да се промени ставот. |
| | 15.3. Контрола врз домашното работење. | |

| ЗАДАЧИ | РЕАЛИЗАЦИЈА | ЗАБЕЛЕШКИ |
|---|---|---|
| 16. Издвојување на време за децата од страна на родителите | 16.1. Заинтересираност за децата. | Разговори со родителите. |
| | 16.2. Планирање на поединечни обврски. | Разговори со родителите. |
| | 16.3. Заеднички разговори. | Разговори со родителите. |
| | 16.4. Заеднички оброци. | Разговори со родителите. |
| | 16.5. Заеднички одмор. | Разговори со родителите. |
| | 16.6. Заеднички активности. | Разговори со родителите. |
| 17. Семејна атмосфера | 17.1. Воспитни методи. | Разговори со родителите. |
| | 17.2. Консеквенција во однесувањето спрема децата. | Разговори со родителите. |
| | 17.3. Однос спрема секое дете (индивидуален). | Разговори со родителите. |
| | 17.4. Вклучување на таткото во процесот на воспитувањето. | Разговори со родителите. |
| | 17.5. Заеднички моменти во семејниот живот. | Разговори со родителите. |
| 18. Девијантно однесување на членовите на семејството | 18.1. Воспитно - социјални проблеми на децата. | Посебен контакт со социјалните работници и тимовите во центарот. |
| | 18.2. Деликвентно однесување на децата. | |
| | 18.3. Девијантно однесување на родителите. | |
| 19. Слободно време на децата | 19.1. Организација на слободното време. | Разговори со децата. |
| | 19.2. Настојување да се читаат книги. | Заеднички моменти на читање (2 случаја). |
| | 19.3. Планско гледање на ТВ | |
| | 19.4. Контакти со врсниците. | Разговори со децата (добар - лош другар). |
| | 19.5. Поттикнување за развојот на хоби. | Цртање и читање поезија (3 - пати). |

| ЗАДАЧИ | РЕАЛИЗАЦИЈА | ЗАБЕЛЕШКИ |
|---|---|---|
| 20. Посебни интересирања и хоби | 20.1. Поттикнување на развојот. | Освен во 1 случај, родителите воопшто не се заинтересирани. |
| 21. Образование на родителите | 21.1. Настојување да се заврши школувањето. | Добивање соодветни информации (2 случаја). |
| | 21.2. Преквалификација и доквалификација. | Информации од Работничкиот универзитет (2 - пати). |
| 22. Морални норми и однесувања | 22.1. Разговори и дискусии во семејството. | Настојувања од страна на волонтерите (пасивен прием). |
| | 22.2. Дискусии за емисиите на ТВ. | |
| 23. Културна активност на децата и родителите | 23.1. Слушање радио, гледање ТВ. | Доминира без план. |
| | 23.2. Позајмување книги од библиотеки. | 3 случаја. |
| | 23.3. Позајмување книги од волонтерите. | 3 случаја. |
| | 23.4. Заеднички учества во културни настани. | Без успех. |
| | 23.5. Вклучување на децата во активностите на училиштето. | 1 случај. |

**Ѓ. Генерализација**

Врз основа на извршеното истражување може да се констатира дека присутноста на волонтерите во семејствата битно влијае врз некои настани кои целокупно се однесуваат на биосоциокултурниот развој на децата. Бидејќи акцијата се одвива и понатаму, се констатира дека ниту од методолошка, ниту од хумана гледна точка не е пожелно во овој момент да се испитуваат волонтерите или социјалните работници. Впрочем, дел од нивните ставови и размислувања е присутен во обработката на материјалот заради нивните искажувања на координаторот на акцијата.

Примената на инструментот за дијагностицијање овозможи да се заклучи дека во посматраните семејства најзагрижувачки се претставува поттикнувањето на физичкиот развој на децата од страна на нивните родители и развивањето на интелектуалните и естетските вредности.

Може да се каже дека во класична смисла одговорноста за овие активности повеќе им припаѓа на другите институции кои треба да се вклучуваат во заштитата на семејството, иако со цела одговорност може да се каже дека токму во Македонија центрите за социјална работа остануваат единствени институции за целокупна заштита на семејствата.

Во нашата Република постојат мал број вакви институции. Во последно време во рамките на Фондот "Отворено општество " започна со работа и Центарот за кризни состојби на децата во семејството. Слична улога имаат и советувалиштата за брак и семејство кои се формирани во рамките на центрите за социјална работа. Некои видови активности се присутни и во работата на Црвениот крст, Здружението на клиничките психолози и сл.

Волонтерот работејќи со семејството (не врз него), служи како советник и укажува на одредени ситуации, настани, проблеми кои можат да се санираат или да се изменат.

Не е забележан успех на планот кога работата се однесува на подобрување на економските услови и состојби, преквалификација или измена на работата.

Најсоодветна помош можат да им дадат на децата младите волонтери за подобрување на нивната улога како ученици. Се мисли на помош во извршување на домашните задачи, активирање за читање книги и вклучување во културни активности.

Стручна психолошка помош во моментот кога се забележуваат некои отстапувања од нормата едноставно им се препушта на професионалците. Волонтерите во ваквите случаи секогаш им се обраќаа на социјалните работници.

### 2.7. Основни заклучоци од емпириското истражување

Резимирајќи ги резултатите добиени од спроведеното истражување за доброволната активност во социјалната работа, може да се констатира дека се добија некои нови сознанија за волонтерскиот феномен. Најзначајни од овие сознанија се:

- од оцената на активностите на центрите за социјална работа во Македонија и другите добиени резултати, се гледа дека во социјалната работа можат да се вклучуваат и доброволци - соработници;
- социјалните работници и експертите се согласни дека доброволната работа ја надополнува стручната, при што експертите повеќе се залагаат за суплементарен начин на дејствување;

- при комплементарен начин на дејствување на доброволците, нивната активност се ограничува пред сѐ на превентивна дејност, истовремено работа со една странка, специјализирање по категории, учество во откривање на случај и во терапијата;
- примената на класичните методи во социјалната работа се ограничува само во работата со случај и организирање на локалната заедница;
- ставовите на социјалните работници и експертите не зависат од нивниот пол, образование, работен стаж, социјално потекло, членство во општествено - хуманитарни организации и семејните традиции;
- доброволните соработници мора да бидат соодветно подготвени за својата дејност (со употреба на модерни инструменти за процена);
- најдобар начин на организација на волонтерската дејност е постоењето на група доброволци при секој центар која по потреба се вклучува во доброволна работа;
- вклучувањето на доброволците во комуникација со населението не зависи од нивната национална припадност (ова е согласно впрочем и со Кодексот на социјалните работници);
- центарот за социјална работа посебно треба да ги издвои социјалните работници кои соработуваат со доброволците;
- во примената на доброволната работа важна улога има местото на живеење кое е блиску до лицето на кое му се помага, личната желба и можноста во секој момент доброволецот да се откаже од својата работа.

# ПЕТТИ ДЕЛ

## ОПРАВДАНОСТ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА ДОБРОВОЛНАТА АКТИВНОСТ ВО СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА

### 1. Нови елементи во дефинирањето на поимот социјална работа

Во теоријата на социјалната работа многу често се поставуваат прашањата што е всушност социјалната работа, каква е нејзината специфика и по што се разликува овој вид општествена практика од останатите видови на човековата активност? Најчесто се укажува дека социјалната работа е дејност која ја извршува социјалниот работник. Во обидот да се дефинира овој поим се јавуваат сложени проблеми од семантички карактер. Понатамошните разгледувања го објаснуваат значењето на овој поим.

#### 1.1. Поимот "социјална работа"

Обидите за дефинирање на општиот поим за социјална работа датираат уште од нејзината појава. Социјалната работа како научна дисциплина (теорија на социјалната работа или научни основи на социјалната работа) има допирни точки со голем број општествени науки, меѓу кои најглавни се: социјалната педагогија, психологијата, социологијата, антропологијата, социјалната политика, социјалната медицина и други.

Може да се каже дека оваа дисциплина преставува интеграција и синтеза на сите претходни дисциплини со зачуван сопствен идентитет. Меѓутоа, едно е предмет на теоријата на социјалната работа, а друго е предмет на социјалната работа.

Во литературата се среќаваат голем број дефиниции во кои авторите ставаат акценти на различните елементи кои ја сочинуваат дефиницијата за социјалната работа.

Така прочуената Мери Ричмонд ја дава следната дефиниција: "Социјалната работа е умешност за извршување на различни работи, за и со различни луѓе по пат на соработка да се постигне наедно и во исто време нивно сопствено општествено подобрување ", Миловановиќ М., 1989). с. 24

Според Friendlander, социјалната работа е "професионална дејност базирана на научно знаење и познавања на меѓучовечките односи, која им помага на поединците посебно или во група да остваруваат општествено и лично задоволство и независност" (Friedlaner, 1970, стр. 63).

Организацијата на Обединетите нации ја дава следнава дефиниција: "Социјалната работа е активност за давање помош со цел подобро меѓусебно да се прилагодат поединците спрема сопствената општествена средина", (Бечин А., 1973, стр. 177).

Од горенаведените дефиниции може да се забележи дека постојат различни гледишта за социјалната работа на светско ниво, но низ неа провејува и една заедничка нишка, а тоа е спомагателното обележје на таа дејност.

Од поранешните југословенски автори кои ја дефинираат социјалната работа најистакнатото место го зазема дефиницијата на Бечин А.: "Социјалната работа е хуманитарна и методски стручно вршена јавна дејност со која одредени служби во име на општеството и во согласност со владеачките норми им даваат помош на членовите на заедницата (поединечно, групно или на ниво на организирана заедница), но секогаш во однос на целината на нивните животни услови", стимулирајќи ги и ослободувајќи ги да

ги совладаат тешкотиите кои им пречат нормално да ги задоволуваат своите животни потреби, да ги вршат своите улоги во општеството, да ги користат остварените вредности и воопшто да ги остварат сите права (Бечин А., 1973).

Дефиницијата на Бечин е критикувана од страна на Неделковиќ И. (1981), кој смета дека во неа не се дефинирани "владеачките норми" и не се кажува за кои "владеачки норми" станува збор.

Во денешно време треба да се направи темелен преглед на постоечките дефиниции бидејќи поголемиот број од нив се политички ориентирани.

Од другите поранешни југословенски автори битно се разликува дефиницијата на Дервишбеговиќ М., кој во дефиницијата за социјалната работа посебно ја нагласува стручноста (Дервишбеговиќ М., 1981, стр. 11) т.е. "социјалната работа е стручно и научно заснована активност на преземање мерки и акции со цел превентивно да се дејствува, а тоа значи: спречување на појавите на социјалните проблеми во локалната заедница и во групата, како и решавање на одделни социјални случаи на кои таа помош им е потребна'.

Прегледот на дефинициите за социјална работа во стручната и научната литература укажува дека самиот поим социјална работа може да се употребува во различен контекст.

Како и другите поими кои се карактеристични за општествените науки и терминот социјална работа е многузначен.

Социјалната работа означува специфична активност, главно заради своите цели и методи, а истовремено е и назив на одредена професија чии претставници меѓудругото се занимаваат и со реализацијата на овие активности.

Од теоријата и праксата за социјалната работа се знае дека таа може да биде реализирана и од страна на непрофесионални лица. Затоа социјалната работа - "дејност" и социјалната работа - "професија" се поими кои имаат различен обем.

## 1.2. Обем на поимот социјална работа

Освен гореукажаните разлики, исто така не е обработена и делиминацијата на поимите: "социјална грижа", "воспитно - социјална работа", "советодавна работа", "социјална интервенција" итн. Овие поими се исто така разработувани и во најновата книга на авторот Pilch T., која е посветена на социјалната педагогија. Заедничките релации на подрачјата во кои е присутна социјалната работа се претставени на следниот начин:

Графички приказ број 3




Треба да се напомни дека во истата книга авторот Szator Jaworska под поимот "грижа" подразбира само помош давана на лица зависни од некого и несамостојни заради здравствени, физички и психички пречки во развојот (Pilch T., 1993, стр 92).

На нашите простори големо значење во самата социјална работа имаат правните аспекти како што се: утврдувањето на правниот статус на лицето, работниот статус, вештачењето, сведочењето и друго.

Психо - социјалната работа исто така не се однесува само за поединечни случаи, туку и за различни видови групи во кои се применува групна социјална работа.

Во нашите социјални установи функционираат советувалишни и советодавни облици на работа, кои по потреба ги извршуваат сите стручни профили вработени во установите.

За разлика од предлогот на споменатиот автор, на нашите простори во социјалната работа многу ретко се применуваат културно - просветни активности. Само во работата на социјалните работници во претпријатијата и во активностите на странските хуманитарни организации кои се присутни на нашиот простор се среќаваат овие облици на дејствување.

Земајќи ги во обѕир гореистакнатите констатации, графичкиот приказ кој е претходно презентиран може да се надополни на следниов начин:

Графички приказ број 4



### 1.3. Форми на социјалната помош

Социјалната работа има различни форми кои ги применува и тоа од моментна, итна интервенција до долготрајни дејствија. Во предметната литература на нашите простори ретко станува збор за тој аспект на социјална работа.

**Моментно - итна помош**, која исто така може да се нарече спасување (заради загрозување на живот), се карактеризира со акутно дејство и бара брзо распознавање на условите на дејствијата. Како примери можат да се посочат: спасување лица во ситуации предизвикани од природни непогоди, згрижување деца во случај на смрт на нивните родители, нагла болест, екстремно девијантно однесување итн.

**Грижа** - претставува форма на работа со сите луѓе кои заради влијанијата на несреќните животни ситуации не можат сами да ги надминат своите проблеми. Оваа форма на работа доминира во социјалните установи од затворен тип како што се институциите за стари, болни, инвалидизираните лица или млади со пречки во психо - физичкиот развој итн.

**Помош** - се однесува на лица кои моментно или во тек на едно одредено време се наоѓаат во ситуација од социјална потреба. Овде се мисли на доделување на постојана парична помош или еднократна помош, помош во дневно згрижување, помош при сместување во установа итн. Се претпоставува дека социјалната помош ќе биде во иднина најактуелна активност во социјалните институции заради секојдневното зголемување на бројот на лицата со повремени социјални проблеми.

Во американската и западноевропската теорија на социјалната работа се издвојуваат и други форми на социјална работа. Тоа се:

**Социјалната компензација** - претставува надополнување на недостатоците од средината кои го нарушуваат успешниот тек на животот на единката или групата. Институциите кои ги извршуваат компензационите дејствија се: домовите за деца без родители и родителска грижа, хранителските семејства и други институции со домски начин на воспитание.

**Интервенција** - означува социјална промена која се однесува на единките и групите, а исто така и на локалните заедници. При издвојување на оваа форма на социјална работа се мисли на поттикнување и организирање на социјалните акции во однос на поединци, групи или заедници, а исто така и дејствување врз менувањето на личноста или ставовите на групната социјална работа.

### 1.4. Специфичностите на социјалната работа во споредба со другите активности

Иако од методолошка гледна точка постојат потреби за логичко расчистување на зависностите помеѓу одредени цели, задачи, форми и методи на социјалната работа, во самата практика се појавуваат одредени бариери кои го оневозможуваат дејствувањето според теоретските укажувања.

Пред се проблемите кои ги решава социјалната работа се комплексни, а истовремено и уникатни. Интеграцијата на факторите кои го сочинуваат настанатиот проблем се одвива на различен начин. Секогаш, или правилно речено најчесто, човекот обиколен со проблеми треба да се посматра како посебна целина и соодветно да се изберат форми, методи и мерки на социјална работа со него. Комплексноста, посебноста и невозможноста одреден проблем да се систематизира го детерминира карактерот на социјалната работа која не може да се спореди со некоја друга дисциплина.

Според Van Tangel M., социјалната работа не може да се интегрира со ниедна посебна научна дисциплина. Таа претставува применето научно знаење кое се состои од:

- вештина на знаења од разни општествени науки;
- правилен избор на методи на работа и начин на комуникација со луѓе на кои им е потребна помош (Lepalczyk I., 1981).

### 1.5. Нови тенденции во практиката на социјалната работа

Развојот на социјалната работа укажува дека социјалните работници не се само носители и реализатори на социјалната политика, туку тие настојуваат повеќе да дејствуваат на организационо - координативен план.

Методскиот пристап при работата со единки, групи и заедници е заснован врз убедувањето дека вештината на социјалното работење е оспособување на луѓето сами да ги учат и проценуваат своите проблеми и истовремено своите потенцијали. Врз основа на тие процени тие мораат да ги надминуваат сопствените проблеми. Како еден пример од овие тенденции е техниката на договор (контракт).

Суштината на работата "заедно со луѓе", "заедно со семејство" и правилата на принципот "од помош до самопомош" се повеќе се присутни во социјалната работа.

Социјалните работници се одговорни за стручното работење. Меѓутоа, извршувајќи ги сите свои задачи мораат да прават и напори за заедничко дејствување со сите алтернативни правци и движења кои заедно со стручната социјална активност им служат на луѓето. Заради тоа паралелно со стручната,

треба да се развива и доброволната работа која по обемот и начинот на дејствување претставува интересен облик на човековата хумана активност.

## 2. Заклучни согледувања од анализата на предметната литература и истражувањето

Осврнувајќи се врз целосниот теоретски и истражувачки материјал потребно е да се изрази конечен став спрема доброволната активност на социјалната работа:

А) Сите истражувања укажуваат дека вкупниот број волонтери (заедно со ангажирањата и во другите активности) постојано се зголемува. Истовремено мошне слабо се проучени мотивите и видовите на општествената активност на волонтерите. Многу често во спроведените анализи има многу пропусти и парадокси.

При разгледување на мотивите и вредностите кои го поттикнуваат човекот за преземање доброволна активност, констатирано е дека тие се сплет на етички, религиозни и социјални потреби. Волонтерското дејствување има просоцијален карактер и означува состојба спротивставена на пасивност со силно забележано настојување за дејствување врз околината, сфатено како збир на задачи со општествено значење.

Б) Во волонтерските движења се забележува еден вид еволуција од класична доброволна работа кон движења на самопомош каде што волонтерот делумно ги задоволува своите потреби и интереси. Класичниот волонтеризам ја губи својата поранешна спонтаност и автономија веројатно заради се поприсутниот развој на стручните служби и алтернативните движења на самопомош на луѓето.

В) Современиот човек повеќе е наклонет кон барање стручна помош од специјализирани установи. Заради тоа волонтерското движење може да егзистира исполнувајќи ја својата дополнителна функција. Сепак, треба да се забележи дека благодарение на волонтеризмот се откриваат нови социјални појави и човечки проблеми, а истовремено и се пронаоѓаат нови методи, техники и мерки за нивно санирање.

Г) Според деталната анализа на научната и стручната литература може да се даде следнава дефиниција за доброволецот:

Доброволец е лице кое работејќи врз сопствена одлука, без финансиски надоместок и општествено овластување извршува одредени активности постигнувајќи општи цели за поединецот (со кој не е во сродство) или за групата.

Д) Според сите постоечки научни информации социјалниот статус на волонтерите е просечен и со тенденции кон повисок, посебно кога се однесува за социјалното потекло и социјалниот стандард.

Ѓ) Во истражувањата кои се однесуваат на волонтерските својства пред се се нагласени т.н. **меки** црти (чувствителност, трпливост, благонаклоност...). Второто место го заземаат **моралните** карактеристики, понатаму **практичните** и **стручните**.

Е) Се истакнува становиштето дека воведувањето на доброволните активности во социјалната работа е поврзано со зголемувањето на социјалните проблеми по обем и по разновидност. Зголемувањето на социјалните проблеми влијае врз порастот на бројот на социјалните случаи. Класична социјална работа која се ограничува само на решавањето на проблемите во социјалната заштита се повеќе преминува во подрачјето на општествената заштита.

Во центрите за социјална работа поради дополнителните обврски предизвикани од повеќегодишните негативни општествено - политички движења, вработените не можат да ги извршуват своите стручни задачи и поголемо внимание им посветуваат на задачите кои имаат вонреден, моментен карактер.

Врз зголемената потреба на дејствување на центрите влијаат и промените кои произлегуваат од новите задачи кои ги добива социјалната работа, на пример Законот за семејството. На тој начин центрите од една страна стануваат се попознати, а од друга нивните работи се усложнуваат.

Доброволните соработници можат да се вклучат во работата на центрите помагајќи им во реализацијата на нивните задачи и функции.

Ж) Според стандардите изградени од страна на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности во Македонија, на еден социјален работник му припаѓаат од 8 до 10 илјади жители. Тој број патем речено го надминува бројот на просечната европска општина, која во просек брои приближно шест илјади жители. Соодветно на гореизнесеното, на пример во Полска во 1969 година на еден теренски доброволен работник му припаѓаше по 889,5 лица, а во поранешната Чехословачка во истата година по четири илјади жители. Во Јапонија секој петти човек работи како волонтер (но не само во социјалната заштита).

Разликите сами по себе покажуваат дека квалитетното работење на социјалните установи мора да биде засилено со доброволните соработници.

З) Помошта на корисниците на социјалната заштита и на другите граѓани на кои центарот и другите институции им даваат услуги во вид на социјална помош, мора да биде реализирана во други временски периоди отколку што тоа досега беше вообичаено. Токму сега доброволците можат да

ги задоволат потребите на населението бидејќи располагаат со време и со друг начин на контакт со странките. Патем речено, новите промени потребни на луѓето предизвикаа потреба од нова организација на самата работа. Се почесто се јавува барање од хонорарен вид на работење т.н. "part time" од неколкучасовно работно време или по договор на дело.

S) Со вклучување на доброволците во активностите на центрите за социјална работа исто така е поврзана и превентивната дејност. Се знае дека спречувањето на непожелените појави и отстранувањето на причините уште во зародишот е повеќе корисно од општествена гледна точка, отколку уништувањето или санирањето на резултатите на негативните појави кои настанале. Сепак, најсоодветно место каде што се создаваат воспитните ситуации е средината и тоа: природата (семејството, група врсници, локалната средина...) и интенционалното (воспитно - образовни и вонучилишни институции).

Задача на луѓето кои ги активираат превентивните мерки е пред се изработката на дијагноза за условите во средината. Дијагнозата овозможува одговор на прашањето: Кои фактори од средината и на кој начин позитивно или негативно влијаат врз лицата?

Како што е укажано во истражувањето, во семејството основните превентивни мерки треба да се свртат кон задоволувањето на материјалните услови на живеење, задоволување на психосоцијалните и културните потреби на децата, создавање нормални услови за живеење, адекватна организација на животот на семејството итн. Неадекватното задоволување на горенаведените потреби со тек на време предизвикуваат одредени нарушувања во семејниот живот и придонесуваат да се јават низа компликации кои често се причина за училишните неуспеси, воспитната запуштеност и појава на други социјални

проблеми. Од ова истражување се покажа дека на тој план можат да работат и доброволците.

И) Доброволците како социјална сила во средината преставуваат силна група носители и пропагатори на воспитната култура на општеството која, според Kloskowska A., означува "вид култура која се операционализира во свесното разбирање на педагошките цели, во здобивање со знаења за воспитание, во осет за проблемите на децата и младината, во чувство на одговорност за младата генерација" (Доневска М., 1991).

Ј) Месното население (локалната заедница) станува се почесто незаменлива алка во градењето на демократските односи во општеството, а како главни актери на локалната сцена во анимацијата и креацијата на самата заедница најчесто се јавуваат доброволците кои се тесно поврзани со својата примарна заедница (Gemeinschaft).

Се смета дека ниту во капиталистичкото, ниту пак во социјалистичкото општество "социјалните сили" - активистите и доброволците не беа доволно поттикнувани (како впрочем и цели месни заедници) од страна на државните органи за унапредување на тие заедници (Chanon G., 1993).

Денес нагло се зголемува интересот за вклучување на доброволците во активноста на месното население бидејќи само преку микрорешенија и микронапори може да се постигне успех на микроплан.

Како што е констатирано во Третиот дел од овој труд, за реафирмација на доброволната активност во социјалната работа се залагаат и приврзаниците на неолибералистичките и социјал-демократските ориентации и движења.

Конкретно во социјалната работа градските и селските волонтери во своите места, селски или квартни заедници можат да помагаат во

откривањето на социјалните случаи и директно во соработка со центарот или хуманитарната организација да ги евидентираат. Голем дел од доброволците може да биде вклучен и во суплементарна или комплементарна активност директно во центарот.

Во својата студија Bigel M. (1984) забележува дека класичната социјална работа "case work" и клиничката терапија се единствени техники кои можат да се применуваат во специјалистичките кабинети. Сите други техники се тесно поврзани со работата на локалната заедница (Mikulski J.,1990).

Исправно разбраната метода на организација на локалната заедница бара и од социјалните работници и волонтерите активно вклучување во собирите, референдумите и пред се во граѓанските иницијативи во секоја локална заедница (Предлог - закон за локална самоуправа, 1993).

К) Доброволната работа во центрите за социјална работа може да биде организирана на комплементарен или суплементарен начин, додека самостојниот вид работа на доброволците би требало да се одвива надвор од центрите. Помеѓу социјалните работници и доброволците постојат низа разлики кои се презентирани на стр. 61-62.

**Комплементарниот** вид работа на доброволците , кој е најблизок до стручното работење, може да биде задоволен со исполнување на следните услови:

- подготовката на доброволците треба да се организира надвор од центарот;
- во центарот постои постојана група доброволци која соработува и со координаторот на волонтерите;

- од вработените социјални работници се издвојува група на лица кои сакаат да соработуваат со доброволците;
- во соработката со доброволците треба да се почитуваат принципите на работење со нив и нивните права;
- активностите кои ги извршуваат доброволците се тесно диференцирани според договорот во секој центар;
- доброволните соработници треба да имаат обезбедено место за работа, најдобро во просториите на месните заедници;
- изборот на доброволците се одвива преку јавен повик или по сопствена желба;
- доброволниот соработник ги почитува сите упатства и укажувања дадени од социјалниот работник;
- улогата и задачите на координаторот на волонтерите мораат да бидат конкретно определени.

**Суплементарниот** вид на доброволната работа може да биде присутен во социјалните установи, главно во центрите за социјална работа кога заради реализација на одредени задачи е потребна дополнителна помош која сепак нема елементи на стручна работа. Тоа би биле задачи од следниов вид:

- откривање и пријавување социјални случаи;
- дежурства во месните заедници;
- поделба и дистрибуција на хуманитарната помош;
- помош на стари, болни лица и друга категорија на лица на кои им е потребна секојдневна нега и помош;

- развој на социјални акции во своите месни заедници и локални средини.

Суплементарниот начин на работење на доброволците би требало да биде повеќе присутен во селските и квартните заедници. Од другите истражувања спроведени во Македонија добиена е информација дека волонтерската работа во селските подрачја е сосема запоставена. Поради ова, токму во денешниве услови постои можност за организација на подвижни продавници, здравствени пунктови и други видови форми кои ќе ги задоволат потребите на одредено население.

**Самостојниот вид** работа на доброволците е присутен во приватните сервиси, хуманитарни организации, групи на самопомош, алтернативни движења и тој е паралелен облик на работа со државните институции. Формалната интервенција од страна на професионалните субјекти придонесува да се појават негативни последици. На тој начин новите правци и движења на граѓаните ќе ја изгубат својата автентичност и функција за која се создадени.

Сепак, мора да постои координација со државните институции и стручна помош од професионалните лица, особено во ситуација кога помошта ја бараат самите агенции.

Л) Во теоретскиот дел од овој труд беше посветено внимание и на образованието на волонтерите. Согласувајќи се со главните забелешки кои се однесуваат на овој план, посебно се издвојува потреба за:

- организација на посебни семинари, курсеви, викенд средби на доброволците итн.;
- употреба на дидактички методи кои ќе ги активираат;

- комуникација со волонтерите со употреба на јазикот од практиката;

- постојано укажување на позитивната страна на нивното работење;

- почитување на основните правила на бон-тон спрема самите волонтери;

- посебна концентрација врз успешно решените случаи.

Од посматрањето на УНЕСКО се дознава дека волонтерите најуспешно работат како придружници на социјалните работници.

Паралелно со образовната дејност, едукаторите на доброволците треба да ги развиваат посебните емоционални ставови кај нив, а пред се чувството за емпатија.

Љ) Поголемо значење треба да му се придаде и на соодветниот избор на доброволците. Иако тие треба да се јавуваат по своја желба, треба да се направат напори во работата да се вклучуваат и луѓе кои заради својата професија се најблиску до тој вид дејност. Истовремено, доброволната работа треба да се популаризира меѓу младите и преставниците на машкиот пол.

М) Волонтерите, иако работат без финасиски надоместок, мораат да имаат некои бенефиции во вид на: карта за идентификација, материјален надоместок за комуникациони средства итн.

Н) Посебно значење треба да и се даде и на популаризирањето на доброволната работа во стручната и научната литература за волонтерите, а исто така да се даде нагласок за издавање посебни прирачници и информативни материјали. Во светот постојат посебни списанија за волонтери, како и регионални списанија, а се објавуваат и разни книги и прирачници посветени на работата со волонтерите.

Ђ) Во работата на волонтерите се присутни речиси сите елементи на општествената активност, освен раководењето (тој елемент е присутен во улогата на координаторот). Овие елементи се манифестираат како:

- иницијатива (давање идеи, проекти, запознавање со нови видови на работа);
- протест (спротивставување, одбивање задача);
- поттик (создавање добра клима во работата, помош);
- контрола (реализација на задачата);
- добивање информација (добивање и пренесување информации);
- поставување прашања (прашања, молби за помош, посматрање со цел да се добијат нови информации);
- давање согласност (вербална акцептација, согласност);
- подредување ( без вербална компонента);
- изведба ( мануелни активности врз конкретен материјал).

### 3. Обид за градење модел на фукционирање на доброволната работа

Модел ( modelus - мера, латински) е оформено искажување на одредена теорија или врски помеѓу појавите кои имаат воопштен карактер (Pytkowski W., 1981).

Во секојдневната практика се сретнуваат теоретски и емпириски модели. Како што покажува самиот назив едниот е резултат на одредена концепција, а другиот е производ на посматраната стварност.

Моделот истовремено е и конструкција која има хипотетички карактер кој на прост начин го преставува одреден предмет или состојба (Szewczuk W., 1985).

Како што пишува Стакиќ Ѓ. и Миловановиќ М. (1991), современата теорија на социјалната работа ги " проширува, напушта или модифицира своите почетни концепции и ограничувања и настапува со методски ориентации или како што е наречено во литературата - модели во практиката на социјалната работа".

Сепак, треба да се нагласи дека голем број модели кои се применуваат во социјалната работа се потпираат врз влијанијата од клиничката психологија (комуникативно - интерактивен модел, егзистенцијален модел итн.), екологијата (животен модел) или имаат еклектички карактер (интервенција во кризи, модел на лечење, ситуационен модел итн.).

Развиените модели повеќе се однесуваат за самата содржина на социјалната работа, наоѓање на техники и мерки кои служат за одредена група со цел да се постигне успешна ресоцијализација, рехабилитација или ревалидација на луѓето.

Од друга страна пак сосема друг пристап, би се рекло повеќе прагматски во градењето на моделите (шеми, мостри, концепти) се презентира во социјалната педагогија.

Како што е познато во некои земји, на пример во Полска теоријата на социјалната работа заедно со теоријата на културно - просветната работа функционираат во рамките на социјалната педагогија. Слична е ситуацијата и во Германија, иако на тоа подрачје успешно функционираат две дисциплини: "socialpedagogik" и "socialarbeit", значи "социјална педагогија и " социјална работа".

Социјалната педагогија како исклучително применета дисциплина се служи со поимот модел (примерок, шема) пред се во организациона смисла.

"Примерок или модел означува начин на подготовка на активностите со помош на постигнати норми, коригирани преку показатели кои укажуваат на можноста за нивна реализација во одреден период и одредено време", при што под поимот норма се подразбира "големина која е резултат на успешниот тек на истражуваната појава" (Pilch T., 1993, стр. 75).

Примерокот во социјалната педагогија е релативно стабилна формулација која може да се примени во реалноста и чии замисли можат да се постигнуваат.

Овој вид модел се разликувва од теоретската концепција на идеален модел од Veber M. кој функционира во социологијата. Примерокот кој постои во социјалната педагогија е многу близок во својата операционализација со функционалниот модел кој е развиен во Школата за социјална работа на Универзитетот во Пенсилванија, САД, а исто така и со други два модела:

- развој на локалната заедница, според концепцијата на Biddle W. на Универзитетот во Мисури, САД и
- посредување, според концепцијата на Schwartz од Универзитетот во Колумбија, САД, (Стакиќ Ѓ., Миловановиќ М., 1991).

Во настојувањето да се презентира модел или примерок на доброволната активност на социјалната работа во организациона смисла, потребно е да се истакне дека тој треба да се состои од следниве елементи кои го сочинуваат:

а) дефинирање на крајните ефекти кои треба да произлегуваат од активноста на одредениот модел;

б) карактеристика на својствата на активностите кои треба да ги извршуваат реализаторите на моделот;

в) прецизирање на елементите на постоечката стварност кои се потребни за промена;

г) дефинирање на задачите и функциите на реализаторите на моделот;

д) формирање на реализациони единици кои ќе ги преземат одредените задачи и кои ќе соработуваат помеѓу себе;

ѓ) координација на елементите, планирање и еволуација.

Од дефиницијата примерок се гледа дека изготвувањето на моделот мора да биде пропратено со истражување што делумно е направено во оваа расправа.

Освен тоа, неговата концепција мора да биде усогласена со постоечката економска ситуација на одредена земја и поставеноста на институциите во системот. Во тој контекст се мисли на социјалните установи. Земајќи го предвид горенаведеното, нашиот примерок би изгледал на следниов начин:

<table>
<tr><th>Елементи</th><th>Комплементарен вид на доброволната активност</th><th>Суплементарен вид на доброволната активност</th></tr>
<tr><td>а) Дефинирање на крајните ефекти</td><td colspan="2">- Вклучување доброволци во решавењето на социјалните проблеми на населението;<br>- Откривање нови социјални појави и проблеми, а конкретно социјални случаи;<br>- Пронаоѓање нови техники и мерки за решавање на проблемите и нивно санирање;<br>- Упатување помош на сите лица кои се наоѓаат во ситуација од социјална потреба, а не само на класични корисници на социјална заштита;<br>- Градење воспитна култура на општеството;<br>- Развој на демократските односи на локалната заедница;<br>- Задоволување на алтруистичките потреби и вредности на самите волонтери;<br>- Намалување на трошоците од страна на државата.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">б) Карактеристика на својствата на работата која треба да ја извршуваат реализаторите на моделот</td><td colspan="2">Лица кои се нашле во ситуација од социјална потреба;</td></tr>
<tr><td>Малолетни лица со воспитно - социјални проблеми, малолетни лица воспитно запуштени;<br>Лица со пречки во психофизичкиот развој;<br>Стари лица без семејна грижа;<br>Самохрани родители;<br>Лица неспособни за работа, материјално необезбедени лица;<br>Лица материјално загрозени (посебно кога е загрозен развојот на децата);</td><td>Лица со пречки во психофизичкиот развој;<br>Стари лица без семејна грижа;<br>Самохрани родители;<br>Лица неспособни за работа, материјално необезбедени лица;<br>Лица материјално загрозени;</td></tr>
</table>

| Елементи | Комплементарен вид на доброволната активност | Суплементарен вид на доброволната активност |
|---|---|---|
| в) Презентирање елементи од постоечката стварност потребни за промена | Под водство на социјален работник:<br><br>- превентивно дејствување, примарна и секундарна превенција;<br><br>- промена на средината на случаи опфатени со помош;<br><br>- промена во ставовите на личноста;<br><br>- промена на односите во семејството, другарите, соседите;<br><br>- поттикнување на развојот. | Материјална помош од хуманитарни организации или донатори;<br><br>Организација на социјалните акции во локалната заедница;<br><br>Откривање случаи;<br><br>Комуникација со други социјални сили во локалната зедница;<br><br>Работа во вонредни ситуации и услови. |
| г) Дефинирање на задачите и функциите на реализаторите на моделот | Истовремена работа со еден случај и со иста категорија на случаи.<br><br>Активности според програмата на социјалниот работник или програмата на тимот. | Дежурство во центрите или месните заедници:<br><br>- помош во извршувањето на домашните задачи на странките;<br><br>- читање книги и дневен печат;<br><br>- придружба за прошетка во град, кино итн.;<br><br>- средување на работи во установите;<br><br>- елементи на рехабилитација, помош во пратење при посета на здравствени установи;<br><br>- други активности. |

| Елементи | Комплементарен вид на доброволната активност | Суплементарен вид на доброволната активност |
|---|---|---|
| д) Формирање реализациони единици кои ќе ги преземаат одредените задачи |  |  |
| ѓ) Координација на елементите, планирање и евалуација | Извештаи за социјалниот работник;<br>Употреба на инструменти за мерење;<br>Средби;<br>Образовни форми. | Средби;<br>Состаноци;<br>Елементи на дообразба. |

Иако заживотворувањето на горепрезентираниот модел предизвикува дополнителни задачи на центрите или други социјални установи, се чини дека е неизбежна неговата примена за да се реализираат правилно функциите и задачите на социјалната работа.

## ЛИТЕРАТУРА


1. AVES C., The Future of Voluntary Organizations Report of the Wolf Cnoom, Helm, London, 1978.

2. BARKER R.L., The Social Work Dictionary, National Associotion of Social Workers, Silvar Spring, Maryland, 1987.

3. БЕЧИН А. и други аутори, Зборник појмова у социјалној политици, Пролетер, Београд, 1973.

4. БРУЦЕ И., Волонтирање у Великој Британији, "Социјална политика", Београд, бр. 6, 1982.

5. БУРМЕН Л., Непрофесионални добровољни рад у школи као облик помоћи ометаној деци, "Социјална политика и социјални рад", Београд, бр. 2, 1988.

6. VAJS E., Преиспитивање социјално - политичких концепција у неким европским земљама, "Социјална политика", Београд, бр. 5, 1987.

7. WAWRYNIUK S., Sily spoleczne wychowania w osiedlach mleszkaniowych, Uniwersutet Adama Mickiewicza, Poznan, 1990.

8. WROCZYNSKI R., Pedagogika spoleczna, Panstwowe Wydawnictwo Naukowe, Warszawa, 1979.

9. WYROBKOWA W., Funkcje i miejsce pracownika socjalnego w realizacji zalozen pedagogiki spolecznej. /Bo:/ PASSINI B., PILCH T., Wychowanje i srodowisko, WSZiP, Warszawa, 1979.

10. ВУКАЈЛИЈА М., Лексикон страних речи и израза, Београд, 1975.

11. ГОГОВ М. Пастирско богословение, Скопје, 1981.

12. GROWING A., An alternative theoretical perspective of race and volontaru participation /Bo:/ Volontarism and Social Work Practice, Lanham, 1984.

13. Grupa avtori, Specifičnosti metodologije socijalnog rada, Pravni fakultet u Zagrebu, Zagreb, 1989.

14. GUZZETA CH., Voluntarism and profesionalism. Questions of identity and relationship, Lanham, 1984.

15. GORA A., Poczatki pracy socjalnej na swiecie, "Praca socjalna", Warszawa, nr. 4, 1988.

16. GURYCKA A., Struktura i dynamika procesu wychowawczego, PWN, Warszawa, 1979.

17. DAWIS K.E., An alternative theoretical perspective on race and volontary participation /Bo:/ Voluntarism and Social Work Pracitice, Lanham, 1984.

18. DARVILL G., MUNDAY B., Profesionalism and voluntarism in Social Welfare Changing Role and Funcions /Bo:/ Voluntarism and Social Work Practice, Hunter College of the City University of New York, 1984.

19. ДЕРВИШБЕГОВИЌ М., Методика социјалног рада, ВШСР, Сарајево, 1983.

20. ДОНЕВСКА М., Превенцијата во педагогијата, "Просветно дело", Скопје, бр. 4, 1991.

21. DUNSHAMP B., BOUGUET B., DROUARD H., La recherche en travial social, Paris, 1989.

22. Encyklopedia of Social Work, National Association of Social Workers, Silver Spring, Maryland, 1987.

23. ZARZYCKI J., Opiekunowie spoleczni. Praca dyplomowa w Katedrze Pedagogiki Spolecznej Uniwersytetu Lodzkiego, 1980.

24. ZIOLKOWSKI Z., Opiekun spoleczny i jego praca, "Biuletyn Opiekuna Spolecznego", nr. 1, 1970.

25. ЈОКСИМОВИЋ С., Објашњење алтруизма, "Социјална политика", Београд, бр. 1, 1989.

26. ЈОКСИМОВИЋ С., Мотиви помагања и других видова просоцијалног понашања, "Социјална политика и социјални рад", Београд, бр. 2-3, 1990.

27. ЈОВАНОВИЋ С., Проблеми добровољног рада у социјално - хуманитарним организацијама у условима кризе, "Социјална политика и социјални рад", Београд, бр. 2-3, 1991.

28. JONES E.E., GERARD H.B., Fundation of Social Psychology, New York, 1967.

29. ЈОШЕВСКА Б., Примена на методски комплекси: групно работење и организација на локална заедница во социјални установи во Македонија, Дипломска работа во Институтот за социјална политика и социјална работа, Скопје, 1992.

30. КАРАЏИЋ В., Српски речник, Београд, 1918.

31. KAMINSKI A., Pojecie sil ludzkich, "Czlowek w pracy i w osiedlu", Biulteyn TWWP, Warszawa, 1979.

32. KAMINSKI A., Pojecie i problemy pedagogiki spolecznej /Bo:/ PASSINI B., PILCH T., Wychowanie i srodowisko, WSzi P, Warszawa, 1979.

33. КАЋАНСКИ - УДОВИЋ Г., Добровољан рад у социјалном раду, "Социјална политика", Београд, бр. 11-12, 1981.

34. КАЋАНСКИ - УДОВИЋ Г., Друштвено значење добровољног рада у социјалној заштити, "Социјална политика и социјални рад", Београд бр. 1, 1984.

35. KRYCZYNSKA I., Wskazowki metoduczne dla opiekunow spolecznych, TWWP, Warszawa, 1969.

36. KRYCZYNSKA I., Raport dotyczacy zawodowej kadry ochotniczej pomocy spolecznej, TWWP, Warszawa, 1978.

37. KOTARBINSKI T., Medytacje o zyciu godziwym, PWN, Warszawa, 1966.

38. ЛЕВИ В., Искусство быт собои, Знание, Москва, 1977.

39. "LA MONDE", Paris, nr. 1, VIII, 1993.

40.LEPALCZYK I., Dzialalnosc wychowawcow w osiedlu mieszkaniowym, " Biuletyn TWWP", Warszawa, nr. 5, 1976.

41.LEPALCZYK I., MARYNOWICZ - HETKA E., DONEVSKA M., Dzialalnosc wychowawcôw w miejscu zamieszkania /Bo:/ Pedagogika opiekuncza, Lodz, 1980.

42. LEPALCZYK I., Problem ksztalcenia pracownikow socjalnych, TWWP, Warszawa, 1981.

43. LEAT D., Private Welfare in the Welfare State, "Social Service Reviev", nr. 56, 1982.

44. MALEWSKI A., O zastosowaniach teorii zachowan, PWN, Warszawa, 1964.

45. MARYNOWICZ - HETKA E., Dzialalnosc wychowawcza terenowego opiekuna spolecznego w miejscu zamieszkania, Acta Uniwersitas Lodziensis, Lodz, 1987.

46. MARYNOWICZ - HETKA E., Metody pracy spoleczno - wychowawczej w dzialalnosci wychowawcow srodowiskowych, Acta Uniwersitas Lodziensis, Lodz, 1982.

47. MARYNOWICZ - HETKA E., Pomoc w razwoju dzieciom i rodzinie, Wyd. UL, Lodz, 1986.

48. MARTINOVIĆ M., Znanstvene osnove socijalnog rada, Narodne novine, Zagreb, 1987.

49. MAGLAJLIĆ D., Suzaštita i samozaštita, "Socijalni rad", Zagreb, br. 2, 1988/

50. МАНОЈЛОВСКИ П., Добровољни рад у области социјалне заштите, "Социјални радник", Београд, бр. 3, 1967.

51. "Месна заедница", весник бр.1, 1985.

52. МИЛОСАВЉЕВИЌ М., Социјални рад на раскршчу, Научна књига, Београд, 1990.

53. МИЛОШЕВИЌ В., Меѓузависност професионалног и добровољног рада, "Социјална политика", Београд, бр. 1, 1986.

54. МИЛИЌ М., Општествените и стручните претпоставки на доброволната работа во социјалната заштита, Републички завод за унапредување на социјалните дејности, Скопје, 1988.

55. МИТРОВСКИ Т., Култ на христијанството православна, христијанска апологетика, Богословски факултет, Скопје, 1979.

56. МИЛОВАНОВИЌ М., Увод у методику социјалног рада, ВШСР, Београд, 1981.

57. MIKULSKI J., Kryzys w europejskiej polityce spolecznej, "Praca socjalna", Warszawa, nr. 1-2, 1990.

58. МИЛИЌ В., Један појмово - хипотетички оквир за проучавање друштвене структуре, "Социологија", Београд, бр. 21, 1960.

59. МЛАДЕНОВИЌ М., Основи социологије породице, Савремена администрација, Београд, 1977.

60. MUSZYNSKA L., Altruizm i kolektywizm dzieciecy, WSZiP, Warszawa, 1976.

61. NAYLOR H. H., Finding Fraining and Working with the New York /Bo:/ Volunters for the Future, 1967.

62. НЕДЕЛКОВИЌ И., Теоретски концепти добровољног рада у реализации социјалниг циљева, "Социјална политика", Београд, бр. 3, 1986.

63. ОБЕРТКОВИЋ М., Деца без родитељског старања, ИСП, Београд, 1973.

64. OLESZCZYNSKA A., Z historii pomocy spolecznej oraz ksztaltowania pracy socjalnej, "Opiekun spoleczny", Warszawa, nr. 1-2, 1983.

65. ОССОВСКА М., Психологија морала, Завод за издавање уџбеника, Сарајево, 1971.

66. ПАНИЦА М., ЧАУШЕВИЋ S., Куран часни, Стварност, Загреб, 1969.

67. PENNOCK R., Volunteers Today, Association Press, New York, 1979.

68. PILCH T., LEPALCZYK I., Pedagogika spoleczna, Wyd. UW, Warszawa, 1993.

69. PINKER R., Social Work is Case Work, British Jurnal of Social Work, London, 1983.

70. Poradnik pracownika socjalnego, PZWL, Warszawa, 1973.

71. PRZYBYLOWSKA I., Osrodek Opiekuna Spolecznego /Bo:/ Pedagogika opiekuncza, Lodz, 1977.

72. PUDELKO T., Opiekunowie spoleczni. Wzorzec i rzeczywistosc, Praca doktorska w Katedrze Pedagogiki Spolecznej, UL, Lodz, 1988.

73. PYTKOWSKI W., Organizacja badan i ocena prac naukowych, PWN, Warszawa, 1981.

74. RADLINSKA H., Stosunek wychowawcy do srodowiska spolecznego, Nasza Ksiegarnia, Warszawa, 1935.

75. REPORT, Voluntarism, Hunter College, New York, 1969.

76. REYKOWSKI J., Orientacje spoleczne jako element mentalnosci, PAN, Poznan, 1990.

77. REPORT, Voluntary Otganizations in Japan, 1991.

78. РОТ Н., Емпириско изучавање алтруистичког понашања, "Психологија", Београд, бр. 1-2, 1976.

79. ROSNER J., Polityka spoleczna i sluzby spoleczne, PWN, Warszawa, 1972.

80. ROUTH T. A.,The Volunteer and Community Agencies, Springfield, Ilinois, 1972.

81. РУЖИЦА М., РАПОША П., ВОЈНОВИЋ М., Добровољни рад и други облици самоорганизовања као саставни део социјалне политике, "Социјална политика", Београд,бр. 3,1986.

82. РУЖИЦА М., Социјална политика, Критика теоријских основа, ВССР, Београд, 1986.

83. SZCZEPANSKI J., Wyksztalcenie a pozycja spoleczna intelegencji, Lodz, cz. II, 1968.

84. SZEWCZUK W., Slownik psychologiczny, WP, Warszawa, 1985.

85. Social Welfere Serwices in Japan, 1990.

86. Socjalna gospodarka rynkowa. Jak to robia Niemcy? Fundacja F. Eberta w Polsce, Warszawa, 1992.

87. СТАМЕНКОВА - ТАЈКОВА В., Интереси, вредности и вредносни ориентации на младите,Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, 1992.

88. STONE J., How to Volonteer in Social Service Agencies, Ch. C. Thomas Pub., Ilinois, 1982.

89. STENZEL A. K., FEENEY H. M., Volunteer Training and Development, The Seatury Press, New York, 1976.

90. СТОЈАК Р., Футуристички погледи на социјални рад, "Социјална политика", Београд, бр. 5, 1988.

91. СТАКИЋ Ѓ., МИЛОВАНОВИЋ М., Методе социјалног рада, Стручна књига, Београд, 1991.

92. SWIDA A., Mlodziez i wartosci, WSZiP, Warszawa, 1979.

93. TIL J. W., Volunterring and Demokratick Theory /Bo:/, HERMAN J. D., Volunteerism in the Eighties, University Press of America, Washington, 1982.

94. TOMASZEWSKI T., Psychologia, Warszawa, PWN, 1975.

95. ТОМАРД М., Професионализација и социјални рад /Bo:/ Оспособљавање кадрова и научно - истраживачки рад у социјалној политици, Београд, 1980.

96. TREMPALA E., Pedagogiczna dzialalnosc wychowawcow nieprofesjonalnych w srodowisku lokalnym, WSP, Bydgoszcz, 1988.

97. TURS D., Volunteers for the Future, Fiding Training and Working, 1986.

98. FROMM E., O sztuce milosci, Warszawa, 1971.

99. HALMI A., Socijalni rad u lokalnoj zajednici, Socijalna zaštita, Zagreb, 1989.

100. HASENFELD J., Human Service Organizations, Prentice, Hall, New Jersey, 1983.

101. HERMAN J., Voluntarism in the Eighties, University Press of America, Washington, 1982.

102. CHANON G., Dzialalnosc spolecznosci. Wspieranie czy wcielenie.

(Меѓународна конференција, ”Месното население наспроти социјалните проблеми и социјалниот развој”, Warszawa 2-5 ЅИИ, 1993.)

103. CONSTANTELOS D., Byzantine Philantropy and Social Welfaee, Rutgers Uniwersity Press, 1968.

104. Шефер Б., Добровољни рад у социјалне сврхе фактор развијања социјалистичко - самоуправног односа, Социјална политика”, бр. 11-12, Београд, 1985.

105. ШКУРЛА Р., Добровољни рад као саставни део социјалне политике, ”Социјална политика”, Београд, бр. 2, 1986.

## Документи

1. Закон за социјална заштита, Службен весник на Р. Македонија, бр. 9, Скопје, 1986 (19.III).

2. Задачи за спроведување на социјалната политика на ЦК ССРНЈ, 06.IV, 1985.

3. Програма за работа на службата за домашна нега на болни и стари изнемоштени лица, Црвен Крст, Скопје, 1981.

4. Закон за извршување на санкции за кривични дела и стопански престапи, "Службен весник на Р. Македонија", Скопје, бр. 19, 1979.

5. Извештај на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности, Скопје, 1992.

6. Програма за заштита на социјално загрозеното население, Министерство за труд и социјална политика, Скопје, Јануари, 1992.

7. Преглед на бројот на вработените кадри во центрите за социјална работа и бројот на корисниците, Републички завод за унапредување на социјалните дејности, 1993.

8. Закон за семејството, "Службен весник на Р. Македонија", Скопје, 1993.

9. Предлог - закон за локална самоуправа, Скопје, Јуни, 1993.

| БИОСОЦИОКУЛТУРЕН РАЗВОЈ НА ДЕТЕТО ВО СЕМЕЈСТВОТО<br>ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРОЦЕНА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Синдром** | **Карактеристики** | **Показатели** | | |
| | | **Предупредувачки праг** | **Назаден праг** | **Критички праг** |
| **1. Нега во развојот** | 1.1. Материјални услови. | Приходот е доволен за задоволување на основните и некои повисоки потреби. | Приходот е доволен само за основни потреби. | Приходот ги задоволува основните потреби. |
| | | | Несигурен приход. | Големината на приходите е непостојана. |
| | Приходот ги задоволува основните потреби. | Семејството има постојан приход од еден или двајцата родители. | Во потполните семејства работи само еден член. | Привремено работи или е без работа. |
| | Двајцата или само еден од родителите. | Во потполните семејства таткото ја вклучува својата плата во семејниот буџет. | Во непотполните семејства исто работи само еден член. | |
| | 1.2. Станбени услови. | Густина 1,5-2 лица во соба. | Густина 2-2,5 лица во соба. | Густина над 2,5 лица во соба. |
| | | Станот е опремен со основен мебел. | Само неопходен намештај. | Примитивизам, оштетување, непостоење на основни потреби. |
| | 1.3. Знаење и умешност на родителите за биолошкиот развој на децата. | Познавање на некои принципи за исхрана и хигиена. | Познавање на принципите, но нивно непочитување. | Непознавање и непочитување на принципите. |
| | Почитување на хигиенските норми и нормите за исхрана. | Родителите се подготвени за нивно почитување. | | |
| | | Децата дневно земаат барем по еден топол оброк. | Нерегуларно по еден топол оброк дневно. | Децата не јадат топол оброк. |
| | | Децата спијат посебно. | Децата се многу чисти, облеката им е искината. | Децата се нечисти. |
| | | | Спијат заедно со родителите. | Немаат свој кревет. |
| | | Постои санитарен јазол, но тој лошо функционира. | Не постои санитарен јазол. Само хигиенски "агол". | Во станот нема посебно место за хигиена. |
| | 1.4. Здравствена состојба на децата и загриженост за неа од страна на родителите. | Децата често боледуваат. | Децата често боледуваат. | Децата многу често боледуваат. |
| | | Систематска нега на децата. | Постои слаб интерес од страна на родителите. Посетите на доктор се само во крајни случаи. | Постои незаинтересираност. Докторските упатства не се почитуваат. |
| **2. Компензација** | 2.1. Постоење на интерес за компензација. | Микронедостатоци кај децата. | Постојат дефицити. | Зачителни дефицити. |
| | | Родителите се заинтересирани. | Родителите слабо се заинтересирани. | Родителите не се интересираат. |
| | 2.2. Контакт со здравствена или психолошка установа. | Нередовен контакт. | Контакт само од страна на училиштето или центарот за социјална работа. Родителите се слабо заинтересирани. | Детето не е опфатено со помош. |
| | 2.3. Соработка со родителите со компензација. | Постои соработка. Слаба мотивираност на родителите. | Родителите имаат упатства, но не ги мотивираат децата. | Родителите се незаинтересирани. |

| БИОСОЦИОКУЛТУРЕН РАЗВОЈ НА ДЕТЕТО ВО СЕМЕЈСТВОТО<br>ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРОЦЕНА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Синдром | Карактеристики | Показатели | | |
| | | Предупредувачки праг | Назаден праг | Критички праг |
| 3. Поттикнување на развојот | 3.1. Создавање на услови за одмор и компензација. | Родителите се заинтересирани или постои иницијатива од училиштата. | Слаб интерес (посебно во непотполните семејства). | Не постои интерес ниту кај децата, ниту кај родителите. |
| | | Родителите или еден од родителите организираат одмори или излети. | Децата само по иницијатива на училиштето или друга установа. | Децата не се вклучени. |
| | | | Еден месец на одмор надвор од градот. | Училиштен одмор во градот. |
| 4. Воведување во општествените улоги | 4.1. Структура на семејството. | Три деца или помалку. | Од три до пет деца. | Повеќе од пет деца. |
| | | Двајцата родители живеат заедно. | Нарушени односи или смрт на еден родител. | Бракоразводна парница, сепарација, самохран родител (вонбрачна состојба и друго). |
| | | Активен став кон животот. | Мајката ги отстранува децата од таткото. | Мајката се однесува пасивно или деструктивно. |
| | 4.2. Професионална активност на родителите. | Таткото или двајцата родители имаат постојана работа. | Таткото работи повремено или не работи. | Таткото не работи или физички не е присутен дома. |
| | | Родителите ја почитуваат работата. | Мајката постојано работи во смени или двајцата родители се во иста смена. | Работата е сфатена како присилба. |
| | 4.3. Домашни обврски на децата. | Децата имаат домашни обврски, само родителите не им придаваат значење. | Децата немаат домашни обврски. | Децата имаат многу обврски. |
| | 4.4. Услови за учење. | Детето има свое место за учење, но има врева и присуство на други лица. | Децата учат на заедничка маса. | Децата немаат катче за учење. Лоши услови за учење. |
| | | Децата имаат школски прибор, но скромен. | Минимален школски прибор. | Приборот се позајмува од други. |
| | 4.5. Заинтересираност на родителите за успехот на децата. | Формален интерес на родителите. | Многу слаб интерес, особено таткото не се интересира. | Родителите воопшто не се интересираат. |
| | | Недоволен успех на децата. | | |
| | | Не се гледа причината за неуспехот. | Контакт со училиштето само на повик. | Родителите не контактираат со училиштето ниту на повик. |
| 5. Формирање просоцијални ставови | 5.1. Време кое му се посветува на детето. | Родителите го контролираат учењето и слободното време несистеметски и без поголем успех. | Родителите се мошне либерални и само понекогаш се интересираат за детето. | Целосна незаинтересираност. Детето само решава што прави и кога се враќа дома. |
| | | | | Во непотполните семејства мајката или таткото премногу се поврзани со децата. |

| БИОСОЦИОКУЛТУРЕН РАЗВОЈ НА ДЕТЕТО ВО СЕМЕЈСТВОТО<br>ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРОЦЕНА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Синдром** | **Карактеристики** | **Показатели** | | |
| | | **Предупредувачки праг** | **Назаден праг** | **Критички праг** |
| | 5.2. Семејна атмосфера. | Студена емоционална атмосфера. Детето не учествува во конфликтите меѓу родителите. | Постојани конфликти. Силна кохезија со мајката. | Постојано во конфликт со семејството. Непостоење на кохезија или зголемена кохезија со мајката. |
| | | Во семејството постојат некои елементи на интеграција, заеднички оброк, прошетки итн. | Емоционална студеност. Атмосферата во куќата е загушена. | Девијантно однесување на таткото или двајцата родители. |
| | | | Одвреме навреме постои девијантно однесување на родителите. | Во непотполните семејства постои силна девијација на мајката. |
| | | | Многу ретко постојат елементи на заедничка кохезија. | |
| | 5.3. Начин на воспитување. | Демократски начин на воспитување со одредена доза на неумешност. | Деспотизам, тепање, наредби, забрани. | Родителите и децата живеат ”покрај себе”. |
| | | Неконсеквентност, нееднаквост во третирањето на децата. | Мајката ги заштитува децата и е неконсеквентна. Таткото е неприсутен во семејството. | Конфликти. |
| **6. Развивање на интелектуалните или естетските вредности** | 6.1. Организирање ситуации кои ги поттикнуваат аспирациите. | Во куќата има само книги за децата. | Книги има ретко, нема весници. | Непостоење на книги и весници. |
| | | Спорадично има весници. | | |
| | | Родителите повремено се интересираат што прават децата во слободното време. | Родителите многу ретко се интересираат што прават децата во слободното време. | |
| | 6.2. Постоење на хоби на родителите и членовите на семејството. | Родителите имаат интересирање, само не ги мотивираат децата. | Во семејството нема лица со посебни интересирања. | Детето воопшто нема контакт со вакво лице. |
| | 6.3. Ниво на образование на родителите. | Двајцата родители имаат основно образование или повисоко. | Еден од родителите има основно образование или повисоко. | Родителите не го завршиле основното образование или постои секундарна неписменост. |
| **7. Воведување вредности на културен план и пренесување на моралните норми** | 7.1. Разговори и дискусии кои се однесуваат за однесувањето на луѓето. | Не се зборува на оваа тема, само понекогаш. | Се дејствува деструктивно при оценувањето на луѓето. | Не се зборува, но со своето однесување се дејствува непримерно. |
| **8. Вклучување во институционални активности** | 8.1. Културна активност на родителите и децата. | Преовладува гледањето на ТВ. Понекогаш постојат и други форми. | Само радио и ТВ, а многу ретко други институции. | Единствен контакт преку радио (несистематски). |
| | | Децата учествуваат само по иницијатива од наставникот или врсниците. | Ретко земаат учество. | Воопшто не земаат учество. |